**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за психологија**

# ОТВОРЕНОСТА КОН ИСКУСТВА, БАРАЊЕТО СЕНЗАЦИИ, ПОТРЕБАТА ЗА ЗАТВОРАЊЕ И ПРОЦЕНКАТА НА СТРУКТУРНИТЕ ДИМЕНЗИИ НА ХУМОРОТ: СТРУКТУРНО-РАВЕНСКИ МОДЕЛ

докторска дисертација

**Ментор:**

Проф. д-р Огнен Спасовски

**Кандидат:**

м-р Филип Сулејманов

Скопје, 2018

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 5

**Проблем на истражувањето** 12

**ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 13

**Терминолошка определба на хуморот** 13

**Психолошки теории за хуморот** 16

Психоаналитичка теорија 17

Емпириски истражувања и евалуација 18

Теории на супериорност 21

Емпириски истражувања и евалуација 23

Теории на побудување 25

Емпириски истражувања и евалуација 27

Теории на неконгруентност/разрешување на неконгруентноста 29

Дефинирање на концептот неконгруентност 29

Различни сфаќања за неконгруентноста 31

Преглед на теориите на неконгруентност/разрешување на неконгруентноста 36

Емпириски истражувања и евалуација 42

Реверзибилна теорија 47

Емпириски истражувања и евалуација 53

Еволуциска теорија за хуморот 55

Емпириски истражувања и евалуација 57

**Смисла за хумор и категоризација на хумористичните стимулуси** 59

Теориски пристапи 60

Емпириски пристапи 61

Таксономија на Willibald Ruch 62

Димензии на хуморот 63

Реакции на хуморот 67

**Петфакторски модел на личноста** **68**

Отвореност кон искуства 70

**Барање сензации** **71**

Концептуализација на Marvin Zuckermann 71

Концептуализација на Jeffrey Arnett 72

**Потреба за затворање** **73**

Ревидирана верзија на конструктот потреба за затворање 75

**РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА** **77**

Релевантни истражувања на релација отвореност кон искуства, барање сензации и проценка на стуктурните димензии на хуморот 77

Релевантни истражувања на релација отвореност кон искуства, барање сензации, потреба за затворање и проценка на стуктурните димензии на хуморот 79

**Истражувачки хипотези** **82**

**МЕТОД** **86**

Испитаници 86

Инструменти 87

Постапка и статистичка обработка на податоците 90

**РЕЗУЛТАТИ** **94**

Дескриптивни статистици 94

Модел на мерење 95

Структурен модел 97

**ДИСКУСИЈА** **101**

Дискусија на резултатите добиени на дескриптивно ниво 101

Дискусија на резултатите во однос на моделот на мерење 104

Дискусија на резултатите во однос на структурниот модел 105

Дискусија на резултатите на релација на субхипотезите во групата 1 105

Дискусија на резултатите на релација на субхипотезите во групата 2 108

Недостатоци на истражувањето и препораки за понатамошни истражувања 115

**Користена литература** **123**

**Резиме** **136**

**Прилози** **137**

# ВОВЕД

Когнитивните психолошки теории за хуморот се насочени кон објаснување на структурните својства на хумористичните стимулуси или начинот на кој тие се обработуваат (Ruch, 2008). Под хумористични стимулуси најчесто се мисли на вербални или визуелни шеги[1]. Централен поим со кој се објаснува хуморот е *неконгруентноста*, односно спојувањето на навидум неспоиви идеи, поими или ситуации на нов изненадувачки и неочекуван начин. Koestler (1964) го користи терминот *бисоцијација* и објаснува дека таа настанува кога одредена ситуација, настан или идеја симултано се перципира од две различни точки на гледање, кои не се поврзани, или не се компатибилни. Apter (1982), наведува дека при хуморот ние оперираме со идеи и активности кои симултано се перципираат на спротивен начин, како реално и нереално, важно и неважно, заканувачко и сигурно. Во објаснувањето на овој процес се користи и поимот *синергија* (според Martin, 2007).

Сите автори не се согласуваат дека неконгруентноста е доволен услов за некој стимулус да биде доживеан како смешен. Според Suls (1972), суштината на хуморот претставува *разрешување на неконгруентноста*. Согласно на неговата теорија, тој хуморот го поистоветува со решавање на проблем. Имено, воведот на некоја шега ни помага да направиме предикција за исходот. Кога последната реченица, или поентата на шегата не е во согласност со нашата предикција, изненадени сме и бараме когнитивно правило за природниот след на последната реченица (крајот на шегата) согласно на претходните информации. Доколку ова когнитивно правило се пронајде, неконгруентноста се разрешува, а шегата се перципира како смешна. Rothbart & Pien (1977) укажуваат дека треба да се прави разлика помеѓу возможни и невозможни

---

[1]Под *визуелни* шеги се подразбира *нацртани стрипови*, кои може (но, и не мора) да се придружени со текст. Исто така, може да бидат составени од една или повеќе слики. Не е употребен терминот карикатура, со оглед на тоа што визуелните шеги не мора да значи дека претставуваат карикатури. Во англискиот јазик се користат термините *comic strip, cartoon* (комичен стрип).

Терминот *виц*, пак,се употребува само за вербални шеги.

неконгруентности и помеѓу целосно и нецелосно разрешување на поентата на шегата (според Ruch, 2008).

Најзначаен придонес во областа на категоризација на хумористичните стимулуси му се припишува на Willibald Ruch (1983; 1992; 2001). Со употреба на факторска анализа, на голем примерок на вербални и визуелни хумористични стимулуси, изработена е таксономија на хуморот која прави разлика помеѓу три димензии (фактори) на хумор. Првиот фактор е именуван како **разрешување на неконгруентноста (РН)**, каде суштината е во тоа што најпрво ја откриваме неконгруентноста или несовпаѓањето што може целосно да се разреши доколку ги земеме предвид информациите дадени во хумористичниот стимулус. Вториот фактор е означен како **бесмислен (Б)** хумор, во кој откако ќе ја детектираме неконгруентноста, ние сме во заблуда дека сме ја разрешиле со тоа што сфаќаме дека она што во одреден момент наликува дека има смисла, всушност е бесмислено. Кај бесмислениот хумор неконгруентноста е исто така застапена во поентата на шегата, но таа може: 1) воопшто да не биде разрешена, 2) разрешувањето само да биде делумно, или 3) да создава нови апсурдности или неконгруентности (McGhee, Ruch & Hehl, 1990; стр. 120, според Ruch, 2001). Хумористичните стимулуси од овие два фактори имаат најразлична содржина (со исклучок на сексуалната), но се слични во поглед на структурните својства и начинот на кој се обработуваат (Ruch, 2008). Третиот значаен фактор е единствениот кој се однесувал на содржината на хумористичните стимулуси. Заедничко за сите нив била сексуалната содржина и во таа смисла е именуван како **сексуален (СЕКС)** хумор. Повеќето од овие сексуални хумористични стимулуси имале и дополнителни заситувања на едниот, или другиот структурен фактор, во зависност од тоа дали неконгруентноста можела, или пак, не можела да биде разрешена (Martin, 2007). Евидентно е дека во именувањето на факторите што се однесуваат на структурата, земени се предвид дотогашните концептуални дефиниции за хуморот кои претходно беа споменати.

Покрај факторската анализа на хумористичните *стимулуси*, во истражувањата на Ruch, била испитана и факторската структура на *реакциите* на хуморот. Утврдени биле два аспекти-фактори: **комичност** (или проценката на тоа колку хумористичниот стимулус го доживуваме како смешен) и **одбивност** (аверзивност). Вториот фактор се однесува на негативните реакции на хуморот. Овие два фактори имаат ниска негативна поврзаност,

односно некоја шега може да биде проценета како многу смешна, но истовремено може да биде проценета и како многу одбивна (Ruch, 2001). Комичноста претставува позитивен одговор на хуморот и опфаќа когнитивни (паметен, оригинален) и афективни (смешен, забавен) евалуации. За разлика од комичноста, негативните одговори на хуморот долго време не биле земани предвид во истражувањата за хуморот. Аверзивноста е составена од негативните одговори (како засрамувачки, прост, детски, агресивен) и е ортогонална во однос на комичноста (Weber, Ruch, Riemann, Spinath & Angleither, 2014).

Трите димензии на хуморот, што се проценуваат на двата аспекти, се застапени со по 10 ајтеми во т.н. *3WD Тест за хумор* (3WD Humor Test, Ruch, 1983). Ознаката *3WD* (*witz-dimensionen*) се однесува на трите димензии на хуморот. Според ова, начинот на кој одреден субјект го проценува хуморот може да се опише во овој 2X3 модел (аспекти на одговор X димензии на хумористични стимулуси). Во таа смисла, може да се одредат скорови за проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност (**РН***комичност*), проценката на комичноста на бесмислениот хумор (**Б***комичност*) и проценката на комичноста на сексуалниот хумор (**СЕКС***комичност*). Три засебни скора може да се одредат и за проценката на аверзивноста. Дополнително може да се одреди и т.н. *индекс на преферирање структура*, кој се добива со одземање на скоровите за комичноста на **РН** и **Б** (**РН***комичност* – **Б***комичност*). Секако, овој индекс може да се пресмета и на спротивниот начин (**Б***комичност* – **РН***комичност*), со што ќе посочува на преферирање на недостаток на структура во хумористичните стимулуси.

Тргнувајќи од оваа поделба, Carretero-Dios, Pérez & Buela-Casal (2009) изработуваат *Скала за проценка на хуморот* (Humor Appreciation Scale[2]). Во овој инструмент, вклучени се трите димензии на хуморот опишани во *3WD Тестот за хумор*, но се додаваат уште три содржински димензии: *црн хумор, хумор кој ги омаловажува мажите* и *хумор кој ги омаловажува жените*. Нивниот труд е важен и од аспект на тоа што даваат методолошки препораки за чекорите кои треба да се следат при конструкција на инструмент од ваков вид. Во таа смисла, се посочува дека често во областа на проценката и доживувањето на хуморот, достапните инструменти не ги задоволуваат методолошките стандарди. Како исклучок се наведува *3WD Тестот за хумор*.

[2]Оригиналниот, шпански, назив на оваа скала е *Escala de Apreciación del Humor* (EAHU).

Во функција на докторскиот труд, најпрво е изработена *Скала за проценка на структурата на хуморот,* за која се следени препораките на Carretero-Dios et al. (2009). Притоа, користени се само вицеви што се застапени во нашиот општествен контекст. Во *3WD Тестот за хумор*, сите стимулуси кои се означени како бесмислен хумор се визуелни хумористични стимулуси. Од консултација со авторот, објаснувањето е дека оваа распределба на хумористичните стимулуси произлегува од тоа дека при емпириската анализа, визуелните хумористични стимулуси имале најголеми заситувања на факторот подоцна именуван како бесмислен хумор. Ова може да се објасни и со фактот дека бесмислениот хумор е повеќе бизарен. На одреден начин, бизарноста или апсурдноста полесно се претставува кај визуелните стимулуси. Што се однесува до *Скалата за проценка на хуморот*, бесмислениот хумор е претставен од вербални и визуелни ајтеми. Само едно истражување (Galloway & Chirico, 2008), се фокусира на структурните димензии на хуморот и користи само вицеви. Сепак, во истражувањето не станува збор за изработка на посебен инструмент, туку вицевите се искористени само за конкретната студија, која е насочена кон поврзаноста на преферирањето структура со невротицизмот.

За оваа цел, досега се направени две истражувања (Сулејманов, 2015; 2016), кои претставуваат први чекори при изработка на инструмент од ваков вид. Најпрво, од поголем примерок на вицеви (избрани од македонски интернет портали, весници и директно од студенти) беа избрани 70 вицеви врз кои беше извршена *анализа на содржинска валидност*. Со оваа постапка се проверува дали содржината на конструктот (во овој случај хуморот *разрешување на неконгруентност* и *бесмислениот* хумор) е адекватно застапена во ајтемите. Во истражувањето беа вклучени 7 експерти (професори по психологија), кои ги категоризираа вицевите во една од двете димензии според дадени концептуални дефиниции на двете структурни димензии на хуморот. Во таа смисла, беа задржани вицевите кои од најмалку 5 експерти (од вкупно 7), беа означени дека припаѓаат во една од двете димензии (Сулејманов, 2015). Второто истражување се однесуваше на ајтем анализа на овие вицеви (секој виц е третиран како ајтем на инструментот), каде што вкупно 51 виц (27 од *разрешување на неконгруентноста* и 24 од *бесмислениот* хумор), беа зададени на примерок од 221 испитаници (45,7% машки, со просечна возраст M=33,03, SD=9,26 години). Користени беа неколку индикатори за елиминирање на ајтемите со незадоволителни метриски карактеристики. Критериумот на Jackson (1970, според

Carretero-Dios et al., 2009) според кој се задржуваат ајтемите со висока позитивна поврзаност со вкупната вредност на својата димензија, повисока за барем две десетини од поврзаноста со вкупната вредност на другата димензија, беше најстрог и единствен којшто придонесе за елиминирање на 37 ајтеми (Сулејманов, 2016). Во понатамошна фаза, 10 вицеви (5 од видот *разрешување на неконгруентноста* и 5 од видот *бесмислен* хумор) беа зададени на квотен примерок испитаници на ниво на Република Македонија за да се провери емпириската „одвоеност" на ајтемите со анализа на главните компоненти (Sulejmanov, Spasovski & Platt, 2018).

Досегашните истражувања, кои вклучуваат корелациска анализа, посочуваат на многу варијабли кои се поврзани со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност и бесмислениот хумор. Варијаблите: возраст, конзервативни ставови, избегнување на неизвесности, депресивност, социјална пожелност - се позитивно поврзани со проценката на хуморот разрешување на неконгруентност. Отвореноста кон искуства, барањето сензации, флуидната интелигенција, преферирањето комплексност - биле позитивно поврзани со проценката на бесмислениот хумор (Martin, 2007). Отвореноста кон искуства и барањето сензации се негативно поврзани со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност и проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор.

Во психологијата на личноста, добро познати се основните пет димензии на личноста, или како што уште се нарекуваат големите пет црти. Станува збор за петфакторскиот модел (Five Factor Model – FFM) на Costa & McCrae, кој дава одговор на прашањето за основната структура на личноста. Претходно, може да се издвојат неколку обиди за утврдување на основните личносни димензии. Cattell утврдил 16 личносни фактори, додека Eyseneck наведува постоење на три фактори, односно *екстраверзија, невротицизам и психотицизам*. Моделот на Cattell се смета за премногу сложен, а пак оној на Eyseneck за ограничен. Што се однесува до петфакторскиот модел на Costa & McCrae, повеќето теоретичари сметаат дека е најприфатливо решение (Feist & Feist, 2006). Според овој модел, петте основни димензии на личноста се: *невротицизам, екстраверзија, отвореност кон искуства, согласност* и *совесност*. Треба да се наведе дека станува збор за биполарни црти, односно континуум помеѓу два екстреми.

**Отвореноста кон искуства** ги одвојува индивидуите кои се креативни, љубопитни, либерални и кои преферираат разновидност од оние кои се конвенционални, конзервативни и „живеат цврсто на земја". Луѓето кои се отворени кон искуства се насочени кон уметност, интелектуално се љубопитни и повеќе се свесни за сопствените чувства. Имаат тенденција да размислуваат и се однесуваат индивидуалистички, неконвенционално и не се конформираат. Постојано активно се во потрага по најразлични искуства, односно кон авантура. Карактеристична за нив е и способноста да се размислува во симболи и апстракции и, во зависност од специфичните интелектуални способности, тоа може да има форма на математичко или логичко размислување, метафоричка употреба на јазикот или компонирање музика. На другиот крај се лицата кои не сакаат двосмислености и суптилност, односно го преферираат познатото и очигледното над комплексното. Тие имаат ограничени и вообичаени интереси и се насочени кон она што им е веќе познато, односно се конзервативни и не сакаат промени (Feist & Feist, 2006).

Costa & McCrae (2006), посочуваат дека отвореноста кон искуства, всушност се одразува во шест домени (фацети): *фантазија, естетика, емоции, акција, идеи* и *вредности.*

*Фантазијата* се однесува на индивидуи кои ја развиваат и елаборираат својата фантазија и веруваат дека имагинацијата влијае на богат и креативен живот.

Доменот *естетика* подразбира високо почитување на уметноста и убавото. Не мора да значи дека индивидуите кај кои е високо изразен овој домен нужно имаат уметнички талент, но многу од нив имаат широко познавање и разбирање на уметноста.

Доменот *емоции* се однесува на рецептивност за сопствените внатрешни емоции и нивно вреднување како важен сегмент од животот.

Спремноста да се преземаат различни активности, да се оди на нови места или на пример да се јаде необична храна, е суштината на доменот *акција.* Овој домен посочува на преферирање разновидност наместо рутина.

Доменот *идеи* претставува интелектуална љубопитност, отвореност на мислењето со намера да се откријат нови, неконвенционални идеи. Индивидуите со висока изразеност на овој домен се склони да уживаат во филозофски расправи и загатки.

Последниот домен, *вредности*, е дефиниран како спремност за преиспитување на социјалните, политичките и религиозните уверувања. Високата изразеност на овој домен

посочува на индивидуи кои се неконвенционални и се толерантни према различностите (Đurić-Jočić, Džamonja-Ignjatović & Knežević, 2004).

**Барањето сензации** претставува црта на личноста и се дефинира како „потреба за разновидни, комплексни сензации и искуства и спремност за преземање физички и социјални ризици поради таквите искуства" (Zuckerman, 1979, стр. 10). Овој концепт произлегува од интересот за оптимално ниво на стимулација и оптимално ниво на побудување. Во *Скалата за барање сензации* на Zuckerman, овој концепт е претставен од 4 компоненти, или субскали, и тоа: *барање на возбуда и авантура, барање на искуства, дисинхибиција* и *подложност на здодевност.* Според Arnett (1994), концептот на барање сензации е составен од две димензии, односно *новитет* и *интензитет.* Во таа смисла, тој барањето сензации го сфаќа како потреба на индивидуата за нови и интензивни искуства. Неговиот *Инвентар за барање сензации* е ревидиран од страна на Haynes, Miles & Clements (2000), и оваа верзија ќе биде користена во докторскиот труд.

**Потреба за затворање**, според теоријата на Kruglanski & Webster (1996), е конструкт кој се однесува на желбата за добивање одговор на одредено прашање и тоа за добивање на каков било одговор во споредба со нејаснотија и двосмисленост. Овој конструкт се однесува на когнитивна мотивација, во смисла на потреба за затворање и склоност кон брзо прифаќање на одговор на поставен проблем (Beck, 2003). Потребата за затворање се огледува во пет димензии. Индивидуите со висока потреба за затворање преферираат *ред* и структура во нивните животи, *предвидливост*, односно сигурно и стабилно знаење, *одлучност*, или ургентна потреба за донесување на одлуки, чувствуваат *непријатност од нејаснотии* и се одликуваат со *затвореност на умот.* Ревидираната, кратка верзија на *Скалата на потреба за затворање* (Roets & Van Hiel, 2011) е составена од 15 ајтеми (која вклучува 3 ајтеми од секоја димензија, односно *ред, предвидливост, одлучност, непријатност од нејаснотии* и *затвореност на умот*).

Според Ruch (2001), преферирањето на хуморот разрешување на неконгруентност е манифестација на поширока потреба за контакт со структурирани, стабилни и недвосмислени форми на стимулација, додека преферирањето на бесмислениот хумор рефлектира општа потреба за нејасни, непредвидливи и двосмислени стимулуси. Врз база на оваа генерализација, може да се претпостави дека потребата за затворање ќе ја објасни врската помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации со проценката на

структурните димензии на хуморот. Со други зборови, се претпоставува дека потребата за затворање е медијатор варијабла во односот помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации со проценката на структурните димензии на хуморот. Потребата за затворање посочува на когнитивниот аспект, кој е клучен за обработката на структурните димензии на хуморот.

## Проблем на истражувањето

Фокусот на овој труд е испитување на врската меѓу отвореноста кон искуства, барањето сензации, потребата за затворање и проценката на структурните димензии на хуморот. Проблемот на истражувањето може да се формулира со прашањето:

*Дали постои поврзаност помеѓу отвореноста кон искуства, барањето сензации и потребата за затворање со проценката на структурните димензии на хуморот*?

Дополнително, се поставува и прашањето:

*Дали потребата за затворање е медијатор во врската помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации со проценката на структурните димензии на хуморот*?

Преку овој труд се настојува на македонски примерок испитаници да се реплицираат одредени наоди (Ruch & Hehl, 1998; Carretero-Dios & Ruch, 2010), но и за прв пат да се испита можноста дека потребата за затворање е медијатор варијабла помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации, од една страна, и проценката на структурните димензии на хуморот, од друга страна.

Се очекува дека наодите од истражувањето ќе придонесат за збогатување на сознанијата за класификацијата на хумористичните стимулуси и индивидуалните разлики во доживувањето на структурните димензии на хуморот. Секако, овие наоди може да имаат и примена во различни области од психологијата, како на пример, психологијата на личноста, развојната психологија и психологијата на маркетингот. Конкретно, може да бидат поттик за понатамошни истражувања за поврзаноста на личносните карактеристики, креативноста и доживувањето на хуморот; развојните аспекти вклучени во доживувањето на структурните димензии на хуморот; или пак, употребата на хуморот во рекламирањето.

# ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Терминолошка определба на хуморот

Во секојдневниот говор, терминот хумор се користи за одредување на сите феномени кои се поврзани со смешното, или кои нѐ засмејуваат (Ritter et al., 1974, според Samson, 2008). Терминот хумор има долга историја и неговото значење со текот на времето се менувало. Дури и меѓу истражувачите на хуморот, сѐ уште нема еднозначна дефиниција за хуморот и утврдена терминологија (Ruch, 2008).

Терминот *хумор* најпрво се однесувал на телесните течностии и се употребувал во медицината на старите Грци. Тука станува збор за познатата поделба на четирите телесни течности: жолчка, крв, црна жолчка и слуз. Оттаму, произлегува и Хипократовата поделба на темпераментите, односно колеричен, сангвиничен, меланхоличен и флегматичен. Мешањето на овие телесни течности (*humors*) се изразувало во физичкиот изглед, физиономијата и предиспонираноста кон болести. Преовладувањето на една од телесните течности го одредувала темпераментот. Со развојот на медицината ова гледиште е отфрлено, иако сѐ уште е добро познато. Низ историјата оваа теорија била дополнувана, а со тоа и значењето на терминот хумор се менувало. Најпрво, во 16-от век, се сметало дека телесните течности се одговорни за нестабилното однесување или расположениeто. Во таа смисла, може да стане збор за позитивно расположение како резултат на „добрите течности“ (*good humor*) или негативно расположение (*bad humor*). Понатаму, значењето на терминот хумор се однесувало на диспозиција. Имено, дефиницијата која што се наоѓала во Оксфордскиот речник (Oxford English Dictionary, 1616) за терминот *good humor* била: состојба на ведро и пријатно расположение; или диспозиција кон ведрина. Кон крајот на 17-от век, значењето на терминот хумор било проширено и вклучувало однесување кое отстапува од социјалните норми, или необично однесување. Со тоа, терминот хумор влегува во полето на комичното преку објектот на исмевање. Во таа смисла, терминот хумор (подоцна *хуморист*) се однесувал на чудна, необична или ексцентрична личност, додека за нејзиното однесување се сметало дека биле одговорни телесните течности, односно нивниот дисбаланс. Луѓето наоѓале задоволство во откривањето и имитирањето на карактеристичното однесување на овие индивидуи. На хуморот и досетливоста се

гледало како на талент, кој се однесувал на способноста да се засмејуваат другите. Треба да се забележи дека сè уште не може да стане збор за смисла за хумор, бидејќи талентот за хумор се однесувал на исмевање на слабостите на конкретна личност. Со хуманистичкото движење, доаѓа до нова промена во значењето на терминот хумор. Хуморот стекнува позитивно, наспроти претходното, неутрално значење. Тоа се должи и на постојаното асоцирање на термините добар (*good*) и хумор, со што најпосле терминот хумор добива позитивно значење. Кон крајот на 17-от век, не се прифаќало исмејувањето на другите. Се сметало дека не треба да се исмеваат индивидуите со карактеристичен темперамент и однесување, бидејќи тие всушност и не се одговорни за таквото однесување. Во таа смисла, прифатлив хумор бил оној со кој се исмеваат несовршеностите на светот и човековата природа, а не конкретна индивидуа. Така, се прави разлика помеѓу добар и лош хумор, односно вистинска и лажна досетливост. Се појавила потреба за означување на хуманистичките, толерантни и благонаклонети форми на смеа, со што се прифатил терминот *добар хумор* (*good humor*) или подоцна само *хумор* (Schmidt-Hidding, 1963, според Ruch, 2004). Доаѓа и до промена во сфаќањето за хуморот како диспозиција и способност, до доблест или смисла за хумор. Со почетокот на 19-от век, се завршува и концептуалната дистинкција помеѓу хуморот и досетливоста (*wit*). За досетливоста се смета дека е когнитивна способност и може да биде навредлива, додека хуморот се смета дека е „од срцето" и е благонаклонет. Хуморот се сфаќа и како светоглед или став кон животот. Во Англија, хуморот се сметал за една од главните доблести, заедно со здравиот разум и толерантноста. Политичкото влијание на Британската империја, овозможува ова гледиште да се рашири надвор од нејзината територија. Како и да е, главните термини и асоцираните концепти, секако дека не навлегуваат во сите култури. Тоа посебно се однесува на источните народи и култури. Сепак, менталните и афективните процеси при креирањето и перцепирањето на хуморот се споредливи меѓу различните култури (Ruch, 2004; Samson, 2008).

Во денешно време постојат два терминолошки системи во однос на хуморот. Првиот е изведен од областа на естетиката, во кој хуморот се однесува на само еден елемент од *комичното*. Во таа смисла, се прави разлика меѓу хуморот, досетливоста, исмејувањето и смешното. Додека, пак, комичното се сфаќа како естетски квалитет кој е разграничен од другите квалитети, како на пример, убавината и хармонијата. Хуморот,

заедно со досетливоста, бесмислата, сарказмот, исмејувањето, иронијата, сатирата и сл., обично се однесува на когнитнивно – афективен стил за справување со негативни ситуации и наоѓање на нивната смешна страна. Иако ова гледиште за хуморот е прифатено од страна на Allport, Freud и Maslow, сепак не се користи во експерименталната психологија. Со почетокот на 1970-те години, вниманието, пред сè било насочено кон реакциите на хумористичните стимулуси (Goldstein & McGhee, 1972; Chapman & Foot, 1977, според Samson, 2008).

Според вториот терминолошки систем, хуморот претставува надреден поим за сите феномени на смешното, вклучувајќи го капацитетот да се перципира, интерпретира, ужива и креира неконгруентна комуникација. Во таа смисла, хуморот го заменува терминот комично. Меѓу актуелните дефиниции за хуморот, се издвојуваат неколку, во кои клучни елементи се следниве: 1) препознавање, уживање и/или креирање на неконгруентност. Тука се нагласува и дека треба да сме во разиграна состојба на свест; 2) со сталожен и ведар став кон непријатностите, кој ни овозможува да ја видиме и позитивната страна и да останеме во добро расположение; 3) способност да се засмејуваат другите. Важно е да се посочи дека хуморот се третира како неутрален термин, односно не се ограничува само на неговото позитивно значење (Ruch, 2004; Samson, 2008).

## Психолошки теории за хуморот

Хуморот е предмет на интерес на различни научни дисциплини, како на пример, филозофијата, социологијата, лингвистиката и психологијата. Со други зборови, мора да се напомене дека со овој феномен не се занимава единствено психологијата. Во таа смисла, постојат мноштво теории за хуморот кои се обидуваат да ја објаснат неговата суштина од различна научна перспектива. Што се однесува до психолошките теории, би можело да се издвојат неколку кои имале најголемо влијание во психолошките истражувања за хуморот. Од посовремените класификации на психолошките теории за хуморот би можело да се наведат прегледите на Martin (2007) и Hurley, Dennett & Adams (2011).

Според Martin (2007), највлијателните психолошки теории за хуморот се:

- Психоаналитичката теорија,
- Теориите на супериорност,
- Теориите на побудување,
- Теориите на неконгруентност, и
- Реверзибилната теорија

Нешто поразлична е класификацијата на Hurley et al. (2011), кои пред да ја претстават својата еволуциска теорија за хуморот, претходните теории ги класифицираат како:

- Биолошки теории,
- Теории на игра,
- Теории на супериорност,
- Теории на олеснување,
- Теории на неконгруентност и разрешување на неконгруентноста,
- Теории на изненадување, и
- Механичка теорија за хуморот на Bergson

Во понатамошниот преглед на психолошките тероии за хуморот, ќе биде прифатена класификацијата на Martin (2007), но ќе биде разгледана и еволуциската теорија на Hurley et al. (2011). Акцентот најмногу ќе биде ставен на теориите за неконгруентност/разрешување на неконгруентноста, со оглед на тоа што таксономијата на

Willibald Ruch е делумно во согласност со овие сфаќања за хуморот (но, може да се забележи и сличност со теоријата на побудување на Berlyne).

**Психоаналитичка теорија**

Теориските размислувања на **Sigmund Freud** за природата на хуморот, се содржани во две публикации: *Вицевите и нивната врска со несвесното* (Freud, 1960 [1905]) и во статијата *Хумор* (Freud, 1928). Важно е да се напомене дека Freud прави терминолошка дистинкција помеѓу *духовитост (вицеви), хумор* и *комично*. Секоја од овие три категории вклучува различен механизам на зачувување на психичката енергија и нејзино испуштање/ослободување во форма на смеа.

*Вицевите* користат најразлични когнитивни техники, чија цел е дистракција на супер-егото, со кои се овозможува несвесните агресивни или сексуални импулси (од ИД-от) да бидат за одреден момент изразени, односно да ни причинат задоволство. Преку конкретен пример, може појасно да се согледаат овие два елементи кои се вклучени во вицевите:

*Господин Brown: „Ова е одвратно. Само што дознав дека домарот спиел со секоја жена во зградата, освен со една".*

*Неговата сопруга: „Аа, мора да е онаа надмената госпоѓа Johnson од трети кат."* (McGhee, 1979, според Martin, 2007).

Вицот вклучува ментален процес на донесување заклучок за вистинското значење на коментарот на сопругата, односно дека и таа имала сексуални односи со домарот. Задоволството кое ни го причинува овој виц е изразувањето на агресивниот импулс, иако на прв момент може да се чини дека произлегува од сексуалниот. Смеењето е насочено кон несреќата на сопругот (кој дознава дека неговата жена го изневерува) и глупавоста на жената (која на наивен начин го открива своето неверство). Со оглед на тоа што за момент е одвлечено вниманието на супер-егото, не се чувствуваме виновно дека уживаме во туѓата несреќа и глупавост (Martin, 2007).

Втората категорија, *хуморот*, се однесува на стресни или непријатни ситуации во кои вообичаено би се доживеале негативни емоции (страв, тага, гнев), но заземањето на различна перспектива овозможува да не се доживеат овие емоции. Со други зборови, доаѓа до ослободување на енергија која би требало да е поврзана со негативен афект, а

преку смеењето доаѓа до ослободување од тензијата. Martin (2007), дополнително посочува на тоа дека Freud прави јасна дистинкција помеѓу *хуморот* и *духовитоста*, која е својствена за терминолошкиот систем на историскиот период. *Хуморот* е психолошки здрав одбранбен механизам за справување со стресот, додека *духовитоста* е повеќе агресивна. Во таа смисла, *хуморот* го сфаќа како способност да се смееме на своите недостатоци, грешки и слабости.

*Комичното*, или третата категорија, се однесува на невербалните форми на хумор, како циркуските кловнови или, карактеристичниот пример, лизгање на лушпа од банана. Тука доаѓа до ослободување на ментална енергија во форма на смеа, поради тоа што има отстапка од очекувањето за тоа што би требало да се случи. Според Freud (1960 [1905]), оваа категорија се однесува на смеење кое е поврзано со детско однесување, согледано кај себе или кај другите. Дополнително, не се исклучува можноста во комичните ситуации да дојде и до ослободување на енергија од либидото. Конкретно, лизгањето на банана на некоја помпезна или вообразена особа, овозможува ослободување на агресивните импулси. Од друга страна, доколку видиме како некое мало дете, или некој кон кого имаме симпатии, се лизга од лушпа на банана, нема да го доживееме истото задоволство, односно нема да ни биде смешно.

*Емпириски истражувања и евалуација*

Интересот за емпириска проверка на хипотези кои произлегуваат од психоаналитичката теорија бил најголем во периодот од 1950-те до 1980-те години (Kline, 1977, Levine & Redlich, 1955, Levine & Abelson, 1959, O'Connell, 1960; 1969; 1976, Baron, 1978, Nevo & Nevo, 1983, преглед кај Martin, 2007). Во поново време нема многу студии кои се базираат на идеите на Freud, пред сè поради неконзистентните резултати, како што ќе се види од прегледот на одредени истражувања, но и поради појавата на посовремени теории за хуморот.

Levine & Redlich (1955, според Martin, 2007), ја реконцептуализираат идејата на Freud за ослободување на психичка енергија - во *редукција на анксиозност*. Вицевите кои ни се особено смешни се поврзани со теми кои ја побудуваат анксиозноста, како агресија и сексуалност, што во вообичаени услови се потиснати. Задоволството од вицот е поврзано со редукција на анксиозноста. Сепак, ако анксиозноста побудена од вицот е

преголема, нема да може да дојде до редукција на анксиозноста, односно ќе се појави аверзивна реакција.

Levine, Redlich & Sohler (1951, според Martin, 2007), избрале 36 визуелни шеги кои вклучувале најразлични агресивни и сексуални теми. На испитаниците им биле презентирани овие стимулуси и се бележеле нивните спонтани вербални и невербални реакции. Оние визуелни шеги кои биле преферирани, се претпоставува дека вклучуваат теми кои се поврзани со потребите и конфликтите на индивидуата. Од друга страна, индиферентноста кон одредени визуелни шеги, укажува на теми кои не се релевантни за индивидуата, додека, пак, негативните реакции биле гледани како индикатори за неразрешени конфликти и потреби.

*Тестот за доживување на духовитост и хумор* (Wit and Humor Appreciation Test, O'Connell, 1960), бил изработен со цел да се провери хипотезата дека подобро прилагодените и помалку агресивни индивидуи, би требало да преферираат хумор и бесмислена духовитост, во споредба со агресивна духовитост. Во таа смисла, тестот содржи 30 вицеви, кои биле оценети од страна на клинички психолози како *агресивна духовитост*, *бесмислена духовитост* и *хумор*. Секоја од овие категории е застапена во тестот со 10 вицеви. Сепак, наодите на O'Connell (1969; 1976) само делумно ја потврдиле неговата претпоставка (според Martin, 2007). Дополнително, една од критиките која се однесува на самиот тест е дека користи вицеви за операционализација на хуморот, што не е во согласност со психоаналитичката теорија.

Од психоаналитичката теорија произлегува и хипотезата дека индивидуите кои имаат потиснати агресивни мотиви, би требало да ги преферираат шегите со агресивна содржина. Емпириските истражувања го покажале спротивното, односно агресивниот хумор најмногу им се допаѓал на оние индивидуи кои отворено ја изразуваат агресивноста. Тука може да се издвои истражувањето на Byrne (1956, според Martin, 2007), во кое им биле презентирани шеги со агресивна и неагресивна содржина на машки испитаници кои биле психијатриски пациенти. Испитаниците претходно биле распределени во три групи од страна на болничкиот персонал, односно биле категоризирани како: *отворено агресивни, пасивно-агресивни,* или, *неагресивни.* Отворено агресивните и пасивно-агресивните пациенти, во споредба со неагресивните пациенти, се покажало дека ги процениле агресивните шеги како посмешни во однос на неагресивните

шеги. Заклучокот на истражувањето е дека резултатите се во спротивност со теоријата на Freud, односно се конзистентни со бихејвиоралната теорија за учењето. Поконкретно, според оваа теорија се смета дека агресивното однесување е научено преку позитивно поткрепување. Во таа смисла, резултатите се објаснуваат со тоа што за агресивните индивидуи се очекува агресивниот хумор да биде поткрепувачки, односно да ги преферираат овие шеги.

Хипотезата дека индивидуите кои имаат потиснати сексуални мотиви, би требало да го преферираат сексуалниот хумор, исто така не била емпириски потврдена. Имено, Ruch & Hehl (1988) покажале дека сексуалните шеги биле оценети како посмешни од страна на испитаниците кои имале позитивни сексуални ставови, поголеми сексуални искуства и повисоко сексуално либидо.

Одреден број на експериментални истражувања се обиделе да ја проверат претпоставката дека активирањето на сексуалниот или агресивниот мотив ќе придонесе шегите со таква содржина да имаат катарзичен ефект, односно да го намалат нивото на претходно побудените мотиви. Со други зборови, се смета дека шегите со сексуална или агресивна содржина би требало да ни бидат многу посмешни кога се побудени истите мотиви.

Dworkin & Efran (1967, според Martin, 2007), најпрво побудиле гнев (агресија) кај машки испитаници, на тој начин што експериментаторот се однесувал грубо кон нив. Потоа испитаниците биле поделени во четири групи, каде што им биле пуштени снимени ленти кои содржеле агресивен хумор, неагресивен хумор, или нехумористична содржина. Во контролната група, испитаниците ги слушале лентите без претходно да бидат разгневени од страна на експериментаторот. Сите испитаници требало да ги оценат овие стимулуси во однос на тоа колку им биле смешни. Резултатите покажале дека испитаниците кои биле претходно разгневени, го проценилe агресивниот хумор како посмешен во однос на оние кои не биле разгневени. Дополнително, не била најдена разлика помеѓу овие групи во однос на проценките на неагресивниот хумор. Подоцнешните обиди да се реплицираат овие наоди кои се во согласност со психоаналитичката теорија, биле конзистентни со ова истражување (Prerost & Brewe, 1977; Strickland, 1959), но имали и такви кои не ја потврдиле оваа претпоставка (Landy & Mettee, 1969; Singer, 1968, според Martin, 2007).

Што се однесува до претпоставката дека побудувањето на сексуалниот мотив ќе придонесе за поголемо уживање во шеги со сексуална содржина, резултатите, исто така, биле неконзистентни. Strickland (1959, според Martin, 2007) на машки испитаници им презентирал визуелни шеги со сексуална, агресивна или неутрална содржина, откако претходно им биле покажани фотографии од голи девојки (сексуална група) или биле навредувани од експериментаторот (агресивна група). Истражувањето вклучувало и контролна група која веднаш ги проценувала визуелните шеги. Во согласност со психоаналитичката теорија, резултатите покажале дека испитаниците кои биле во агресивната група, ги процениле како посмешни стимулусите со агресивна содржина, во однос на оние со сексуална или неутрална содржина. Од друга страна, оние кои биле во сексуалната група ги процениле како посмешни стимулусите со сексуална содржина, отколку оние со агресивна или неутрална содржина. Сепак, истражувањата на Byrne (1961) и на Lamb (1968) не ги потврдиле овие резултати. На пример, Lamb (1968) утврдил дека испитаниците на кои им биле прикажани фотографии со сексуална содржина, ги доживеале како посмешни сите видови на визуелни шеги (агресивни, неутрални и сексуални), во споредба со оние испитаници кои не биле сексуално возбудени (според Martin, 2007).

Евидентен е заклучокот дека емпириските истражувања имаат неконзистентни резултати. Дополнително, хидрауличниот модел на психичката енергија, каде смеењето се сфаќа како ослободување на вишокот тензија, не е во согласност со современото сфаќање за нервниот систем (Martin, 2007). Недостаток на психоналаитичката теорија за хуморот е и нагласувањето на интрапсихичките функции на хуморот, односно занемарување на социјалните функции (Oring, 1994).

**Теории на супериорност**

Главната карактеристика на овие теории е дека хуморот е всушност форма на агресија. Оваа идеја јасно е изразена уште од страна на филозофот Thomas Hobbes (1588-1679), кој смета дека хуморот е резултат на чувство на супериорност кое произлегува од потценување на другите, или, на своите претходни грешки. Во XX-от век, може да се издвојат неколку теории кои се во согласност со ова гледиште (Bergson, 1911; Leacock,

1935; Ludovici, 1933; Rapp, 1951). Сепак, највлијателна била теоријата на **Charles Gruner**, која ќе биде подетално прикажана во овој преглед (според Martin, 2007).

Gruner (1997), го сфаќа хуморот како „разиграна агресија". Со оглед на тоа што нема вистинско повредување, повеќе може да се опише како игриво борење помеѓу децата, или кај животните. Хуморот, според него, е форма на игра. Важно е дека во оваа игра мора да има победници и губитници, па во таа смисла, всушност станува збор за натпревар.

Теоријата се базира врз еволуциското гледиште на Rapp (1951), па според тоа се смета дека смеењето ги има своите зачетоци во „извиците на триумф" кои следеле после тешко добиена битка. Мора да се нагласи дека битките најчесто биле водени помеѓу припадниците на машкиот пол. За време на борбите се лачи адреналин, односно се насобира големо количество на емоционална и физичка енергија. Кога борбата ќе заврши, победникот мора да се ослободи од вишокот на тензија преку смеењето. Смеењето има физиолошка функција на брзо воспоставување на хомеостаза, како и психолошка функција на сигнализирање на победа против противникот (според Martin, 2007).

Со развојот на говорот, луѓето не мораат веќе да користат само физичка агресија. Со други зборови, говорот може да се користи за да се исмеваат сите кои некому му се чинат како инфериорни. Често, исмевањето е насочено кон лица со физички или психички дефицити, но и различни етнички групи, исмевање на спротивниот пол, индивидуи со ниска интелигенција, „плавуши", лица со прекумерна тежина итн. (Martin, 2007).

Сите хумористични стимулуси се базираат на разиграна агресија. За да се ужива во хуморот, мора да има победници и губитници, односно супериорност. Gruner (1997, според Chafe, 2007) анализирал голем број на вицеви и секогаш сметал дека неговото објаснување може да се пронајде во секој виц, колку и тој да ни се чини невин, или апсурден. Иако неговото објаснување често изгледа оправдано (како во вицевите кои вклучуваат смрт, катастрофи, сексистичките шеги), има примери каде објаснувањето изгледа претерано. Како на пример, следниот виц:

*Некое мало дете не изустило ни збор до својата девета година. Еден ден, кога имало 9 години, седело на маса со своите родители додека вечерале, и рекло: „Месото ич не чини". Неговата мајка, воодушевена, го прашала: „Како тоа досега немаш ништо друго кажано?".*

*Детето одговорило: „Досега храната беше доста добра".* (Gruner, 1997, според Chafe, 2007).

Објаснувањето на Gruner е: „дали може некој да замисли толку здодевно дете, па сè да му биде погодено цели девет години? Или семејство кое е толку глупаво да дозволи детето да им биде немо, за време од девет години, а да не побараат професионална помош" (според Chafe, 2007, стр. 143). Со други зборови, уживањето во овој виц произлегува од чувството на супериорност кое го имаме спрема детето и неговите родители, поради нивната интелигенција или способност да се справуваат со тешкотиите во животот.

Друг пример, е визуелна шега во која е претставен водоводција како затвора дупка на водоводна цевка со прст. Дополнително, претставено е како тече вода од неговите уши. За овој пример, објаснувањето на Gruner е дека предизвикува смеа поради оштетувањето на мозочните ќелии од водата која поминува низ неговата глава (според Martin, 2007).

Што се однесува до хуморот кој е насочен кон самите себеси, во согласност со дефиницијата на Hobbes, теоријата на Gruner претпоставува дека смеењето на своите претходни грешки овозможува да се чувствуваме супериорно во однос на личноста која сме биле во минатото.

*Емпириски истражувања и евалуација*

Сфаќањето дека хуморот се базира врз агресија, доведува до хипотезата дека постои позитивна поврзаност помеѓу степенот на агресивност во хумористичните стимулуси и проценките на комичноста. McCauley et al. (1983, според Martin, 2007) ја потврдиле оваа хипотеза. Имено, спровеле шест истражувања во кои испитаниците ја проценувале агресивноста и комичноста на различни визуелни шеги. Сите студии посочувале на позитивна корелација помеѓу двете варијабли (r=.49 до .90), односно што повисока била проценката на агресивноста, тоа повисока била и проценката на комичноста.

Одредени студии (Zillmann & Bryant, 1974; Zillmann, Bryant & Cantor, 1974; Bryant, 1977), пак, посочуваат дека хумористичните стимулуси со средно ниво на агресивност се доживуваат како посмешни во однос на оние со ниско, или, високо ниво на агресивност. Сепак, и овие наоди може да се интерпретираат во согласност со теоријата на Gruner.

Екстремните форми на агресија може да не се доживуваат веќе како „разиграна агресија”, следствено на тоа, не се доживуваат и како смешни (според Martin, 2007).

Deckers & Carr (1986, според Martin, 2007), спровеле три истражувања во кои биле вклучени мерките за комичноста, нивото на агресивност кое е изразено од протагонистот, но и нивото на болка доживеана од страна на жртвата во хумористичниот стимулус. Резултатите посочувале дека средното ниво на доживена болка од страна на жртвата во шегата, се доживувало како посмешно отколку кога нема доживеана болка. Што се однесува до екстремното ниво на болка, се покажало дека не е ниту повеќе, ниту помалку посмешно во однос на средното ниво на доживеана болка од жртвата во шегата. Заклучокот е дека уживањето во хуморот произлегува од „гледање” како некој страда, сепак во нереален, разигран контекст, што е во согласност со теоријата на Gruner.

Истражувањата на Willibald Ruch (преглед кај Ruch, 1992), кои вклучуваат факторска анализа на огромен број на вицеви и визуелни шеги, ја доведуваат во прашање важноста на агресивноста во хуморот. Иако биле вклучени и хумористични стимулуси со агресивна содржина, се покажало дека не формираат посебен фактор[3]. Според Martin (2007), би можело да се каже дека ако сиот хумор се базира на агресија, не е чудно што не се одвојува посебен фактор за агресија. Но, сепак, смета дека факторско-аналитичките студии, ја доведуваат во прашање важноста на агресивноста во хуморот. Особено поради тоа што во истражувањата на Ruch се покажува дека посебен фактор формираат и бесмислените хумористични стимулуси, кои се апсурдни. Во нешто понова студија, Carretero-Dios et al. (2009), меѓудругото, ги одвојуваат и како посебни видови на хумор, т.н. *црн хумор, хумор кој ги омаловажува мажите* и *хумор кој ги омаловажува жените.* Иако овие три фактори, се во согласност со теоријата на Gruner (може да се интерпретира дека вклучуваат изразување на супериорност), не се единствените издвоени фактори на хуморот. Поконкретно, како и кај Ruch, се покажува дека освен содржината, важни се и структурните својства на хумористичните стимулуси.

Во оваа насока се и заклучоците од студиите кои вклучуваат истражување на агресивноста како црта на личноста и доживување на хуморот. Агресивните индивидуи уживаат во агресивен хумор (Byrne, 1956; Ullmann & Lim, 1962), но агресивноста не е поврзана со уживање во хуморот во целина (според Martin, 2007).

---

[3]Истражувањата на Ruch се подетално прикажани во поглавјето *Таксономија на Willibald Ruch.*

Социјалните психолози укажуваат на важноста на ставовите спрема одредена група (Zilmann & Cantor, 1976), или вредносниот систем кој го имаме спрема одредена класа или категорија на луѓе, т.н. „идентификациска класа" (La Fave, Haddad & Maesen, 1976). Општо земено, овие истражувања претпоставуваат дека за да се доживее хуморот, треба да имаме одредено ниво на антипатија спрема објектот на исмејување во шегата (според Martin, 2007).

Во истражувањато на La Fave et al. (1976, според Martin, 2007), се прегледани пет засебни студии кои го истражувале доживувањето на хуморот во однос на испитаници со различни гледишта за неколку социјални прашања (религиозни верувања, еманципација на жените и канадско-американските односи). Вицевите биле проценети како посмешни кога протагонистот во вицот бил член на позитивно вреднувана идентификациска класа, а објектот на исмејување бил член на негативно вреднувана идентификациска класа.

Главниот недостаток на теориите на супериорност е дека хуморот, во целина, вклучува форма на агресија и дека агресивните индивидуи ги доживуваат како посмешни сите видови на хумор. Теоријата на Gruner е тешко да се докаже емпириски. Според него, треба да се најде само еден пример за кој ќе се покаже дека не се базира врз агресија. Сепак, самиот се поставува за единствен судија кој ќе просуди дали навистина хумористичниот стимулус не содржи форма на агресија. Дури и да станува збор за хумористичен стимулус кој е во основа игра на зборови, неговиот аргумент може да биде дека во тоа се одразува чувство на супериорност на оној кој ја измислил играта на зборови (Martin, 2007).

**Теории на побудување**

Психоаналитичката теорија и теоријата на Gruner претпоставуваат дека функцијата на смеењето е ослободување на вишокот на физиолошка енергија. Martin (2007) смета дека оваа идеја може да се лоцира уште кај Spencer (1860). Сепак, ова гледиште, кое прави аналогија на човекот со парната машина, или хидрауличниот модел, не е во согласност со современите сфаќања за природата на нервниот систем.

Ослободувањето на вишокот тензија е основен фактор во сите видови на хумор (Gregory, 1924, според Martin, 2007). Нешто посовремено е гледиштето на **Daniel Berlyne**,

па во таа смисла, во ова поглавје накратко ќе бидат прикажани основните постулати на неговата теорија.

Концептуализацијата на хуморот на Berlyne (1960), ја отфрла претпоставката на Spencer, и ја базира врз концептот на Hebb (1955, според Martin, 2007) за односот помеѓу физиолошкото ниво на побуденост и субјективното задоволство. Според ова гледиште, односот помеѓу овие две варијабли може да се претстави како *обратно U*. Поконкретно, високо ниво на задоволство е асоцирано со средно ниво на побуденост, додека прениско или превисоко ниво на побуденост се доживува како непријатно. Пред конкретно да биде објаснета теоријата на Berlyne, мора да се напомене дека неговата теорија е поширока и се занимава со физиолошките аспекти на естетското доживување во целина, односно доживување на ликовната уметност, музиката, литературата, игрите и хуморот.

Главната идеја е дека може да се издвојат т.н. *колативни* варијабли, што придонесуваат одреден стимулус (уметничко дело, музичко дело, итн.) да се доживее како естетски пријатен. Тука се мисли на својства како новитет, ниво на изненадување, комплексност, промена, двосмисленост, неконгруентност. Овие варијабли се наречени колативни, со оглед на тоа што претпоставуваат дека индивидуата треба заедно да ги перципира најразлични елементи на стимулусот за да направи споредба или контраст меѓу нив. Што се однесува конкретно на хуморот, се смета дека хумористичните стимулуси, исто така, вклучуваат вакви варијабли (изненадување, негонгруентност, двосмисленост итн.) (Berlyne, 1972, според Martin, 2007).

Претпоставени се два механизми кои се поврзани со побудувањето во хуморот. Првиот, функционира за време на кажување на шегата, или перципирање на хумористичната ситуација. Тука доаѓа до зголемување на побуденоста преку колативните варијабли вклучени во хумористичниот стимулус. Вториот механизам, се вклучува кога нивото на побуденост е над оптималното ниво и со тоа почнува да се доживува како непријатно. Се смета дека поентата на шегата (или моментот кога ја сфаќаме шегата) придонесува за нагло губење на нејзините побудувачки својства, со што нивото на побуденост нагло опаѓа на задоволувачко ниво. Оваа редукција на побуденоста од непријатно на пријатно ниво е поврзана со уживање во хуморот и е изразена преку смеење. На смеењето не се гледа како на метод за ослободување на вишок на побуденост, туку е експресија на задоволство кое произлегува од промените во нивото на побуденост

до оптимално ниво (ниту премногу високо, ниту премногу ниско) (Berlyne, 1972, според Martin, 2007).

*Емпириски истражувања и евалуација*

Во периодот помеѓу 1960-те и 1970-те години, голем бил интересот за односот помеѓу побуденоста и емоциите. Во таа смисла, најголем број од истражувањата со акцент на емоционалната компонента на хуморот се направени во тој период (Martin, 2007).

Schachter & Wheeler (1962, според Martin, 2007), во експериментално истражување го манипулирале нивото на активација на симпатичкиот нервен систем. Имено, на испитаниците им биле дадени (инјектирани): *епинефрин* (кој ја зголемува побуденоста), *хлорпромазин* (кој ја намалува побуденоста), и *плацебо,* односно солен раствор. На сите испитаници потоа им бил прикажан комичен филм. Групата на која и била дадена епинефрин покажала поголемо задоволство (насмевнување и смеење) и го проценила филмот како посмешен, во однос и на групата која добила плацебо. Дополнително, плацебо групата покажала поголемо задоволство и го проценила филмот како посмешен, во однос на испитаниците кои биле во групата која примила хлорпромазин.

Резултатите од ова истражување се смета дека ја потврдуваат претпоставката за емоциите како комбинација од автономно побудување, кое го определува интензитетот на емоцијата, и когнитивна проценка, која го определува квалитетот или валенцијата. Поконкретно, нивото на задоволство од одреден хумористичен стимулус е функција од когнитивната проценка (или евалуација на квалитетите на самиот стимулус), и физиолошката побуденост присутна во одреден момент. Што се однесува до физиолошката побуденост, може да биде активирана од хумористичниот стимулус, но и од други фактори кои не се поврзани со него, како што е инјектирањето на епинефрин. Подоцнешните истражувања (Gavanski, 1986), посочуваат дека насмевнувањето и смеењето се повеќе поврзани со емоционалното уживање во хуморот, додека проценките на комичноста се повеќе поврзани со когнитивната, евалуациска компонента.

Голем број на истражувања (Levi, 1965, Hubert, Moeller & de Jong-Meyer, 1993, Averill, 1969, Langevin & Day, 1972, Chapman, 1976, McGhee, 1983, преглед кај Martin, 2007) не ја потврдиле претпоставката на Berlyne дека перципираната комичност на хумористичните стимулуси и нивото на побуденост може да се претставaт како *обратна*

*U* врска. Овие истражувања вклучувале варијабли како: електроспроводливост на кожата, срцевиот ритам, крвниот притисок и мускулна тензија. На пример, истражувањето на Langevin & Day (1972, според Martin, 2007), покажало дека хумористичните стимулуси кои биле оценети како посмешни биле пропорционално поврзани со зголемување на срцевиот ритам и електроспроводливоста на кожата. Со други зборови, резултатите од овие истражувања посочуваат дека врската помеѓу уживањето во хуморот и побуденоста е линеарна (што повеќе побуденост – дотолку поголемо уживање во хуморот и повисока проценка во однос на комичноста).

Cantor et al. (1974, според Martin, 2007), имајќи ги предвид наодите за улогата на емоционалната побуденост во доживување на хуморот, спровеле интересен експеримент со кој ја провериле претпоставката дека преостанатата побуденост, поврзана со позитивна или негативна емоција, може да го зголеми уживањето во хуморот. Испитаниците биле распределени во четири групи: *ниска побуденост/позитивен хедонистички тон* (имале задача да читаат малку интересни статии од весник), *висока побуденост/позитивен хедонистички тон* (читале експлицитен пасус од еротски роман), *ниска побуденост/негативен хедонистички тон* (читале малку вознемирувачки статии од весник), и *висока побуденост/негативен хедонистички тон* (читале експлицитен опис за тоа како некое младо момче било брутално малтретирано од страна на толпа). Во друг дел од експериментот, на испитаниците им било дадено за задача да ја проценат комичноста на одреден број на вицеви и визуелни шеги, кои треба да се напомене дека не содржеле очигледни сексуални или агресивни теми.

Резултатите покажале дека оние испитаници кои биле во групите со висока побуденост (позитивна и негативна), ги процениле хумористичните стимулуси како посмешни во однос на испитаниците кои биле во групите со ниска побуденост. Со ова се покажува дека емоционалната побуденост, без разлика дали е предизвикана од позитивни или негативни емоции, може да придонесе за поголемо уживање во хуморот. Дополнително, резултатите даваат поверојатно објаснување на ослободувањето на тензијата, отколку застарениот модел на „парната машина". Имено, побуденоста асоцирана со негативни емоции (страв, анксиозност, гнев), кои се евоцирани од непријатен или стресен настан, може подоцна да се трансферираат во позитивно доживување на хуморот. Со ова се интензивираат пријатните чувства до ниво кое е

пропорционално со нивото на негативните емоции. Зголеменото ниво на уживање е изразено преку смеењето.

Може да се заклучи дека теоријата на Berlyne, и истражувањата кои ги инспирирала, го потврдуваат гледиштето за тоа дека хуморот е комплексен феномен, односно физиолошки базирана интеракција помеѓу когницијата и емоциите (Martin, 2007). Идејата за когнитивниот аспект, односно улогата на колативните варијабли, ќе видиме дека е поврзана со структурните својства на хуморот (Ruch & Hehl, 1998). Што се однесува до емоционалните аспекти, наодите од истражувањата покажуваат дека врската помеѓу нивото на побуденост и субјективното задоволство е линеарна, наместо *обратна U* врска, која ја претпоставил Berlyne. Според Martin (2007), хуморот е емоционален одговор, кој е придружен со зголемување на побуденоста, а е изразен преку смеењето (вокално и фацијално).

**Теории на неконгруентност/разрешување на неконгруентноста**

Овие теории суштината на хуморот ја објаснуваат преку когнитивните компоненти. Поконкретно, акцентот го ставаат на перцепцијата на неконгруентност (Samson, 2008). Во таа смисла, во литературата понекогаш се означуваат и како теории за неконгруентност, или за разрешување на неконгруентноста (Katz, 1993; Martin, 2007). Пред да бидат разгледани теориите, најпрво ќе биде дефиниран концептот *неконгруентност* и различните формулации за неконгруентноста.

*Дефинирање на концептот неконгруентност*

Идејата дека неконгруентноста е основа за хуморот може да се согледа кај многу филозофи, а опстојува и денес меѓу истражувачите на хуморот. Оваа поента, со различна терминологија, е подвлечена од многу автори и претставува генерализација за суштината на хуморот. Во таа смисла, Keith-Speigel (1972), издвојува 24 автори (филозофи, психолози, лингвисти итн.), кои хуморот го дефинираат преку неконгруентноста, додека најраната е од 1759 година (според Ritchie, 1999). Една од најцитираните дефиниции е онаа на Beattie (1776), во која хуморот се дефинира како согледување на два несоодветни, некомпатибилни или неконгруентни дела на одредена ситуација кои се соединети во една комплексна целина. Според Schopenhauer (1886), причината за хуморот е перцепција на

несоодветност помеѓу одреден концепт и реалниот објект кои биле доведени во некаква релација. Поточно, помеѓу нашата сензорна перцепција и апстрактното знаење. Koestler (1964) го користи терминот *бисоцијација,* и објаснува дека таа настанува кога одредена ситуација, настан или идеја симултано се перципира од две различни точки на гледање, кои не се поврзани, или не се компатибилни (според Martin, 2007).

Истражувачите на хуморот, најчесто се повикуваат на некоја од спомenатите дефиниции, но сепак, според Ritchie (1999) концептот на неконгруентност сè уште не е прецизно дефиниран. Во таа смисла, укажува и дека академските дефиниции за неконгруентноста, не се разликуваат многу од обичните дефиниции кои може да се најдат во речник. На пример, дефиницијата за неконгруентност, која може да се најде во речник, посочува дека претставува: 1. несоодветност (со она што е прифатливо), 2. содржи неспоиви или дискординантни елементи или делови (Makins, 1979, според Ritchie, 2009). Оттаму, за неконгруентноста која е релевантна за хуморот, може да се каже дека сè уште не постои прецизна дефиниција која ќе му овозможи на екпериментаторот објективно да одреди дали неконгруентноста била, или не била присутна во даден стимулус или ситуација.

Идејата, пак, дека за доживување хумор, неконгруентноста треба да биде разрешена (на некој начин да биде оправдана или соодветна) е нешто понова. Одредени автори ја припишуваат на Freud, врз основа на неговата алузија за „смисла во бесмислата" (Freud, 1966). Сепак, оваа негова забелешка се однесува на тоа дека играта со зборови може да има подлабока смисла, па не е јасно дали Freud зборува за разрешување на неконгруентноста во смисла на тоа како денешните автори го користат терминот. Ruch (1992), оваа идеја ја припишува на von Schiller (1938), додека Attardo (1997) смета дека Aubouin (1948) дал значителен придонес за развојот на ова гледиште (според Ritchie, 2009).

Во поново време нагласката на сфаќањето за разрешување на неконгруентноста започнува во 1970-та година со две докторски дисертации (Shultz, 1970; Jones, 1970). Потоа, следеле уште многу статии кои се занимавале со оваа тема (Suls, 1972; Shultz, 1972; Shultz & Scott; 1974; Rothbart, 1977, Rothbart & Pien, 1977; Suls, 1983). Во текот на осумдесеттите и деведесеттите години од минатиот век, ова гледиште не се развивало

нешто посебно, но со прифаќањето на ова сфаќање од застапниците на *Општата теорија за вербален хумор*, повторно се свртува внимание на оваа идеја (според Ritchie, 2009).

*Различни сфаќања за неконгруентноста*

Во ова поглавје ќе бидат разгледани укажувањата на Ritchie (2009) дека теориите кои го користат концептот на неконгруентност (когнитивните теории) за објаснување на хуморот, се разликуваат во формулациите за неконгруентноста. Според него, може да се посочат четири аспекти во кои се разликуваат сфаќањата за неконгруентноста и нејзиното разрешување во објаснувањето на хуморот. Нив ги означува како: ***обем, секвенционалност, локација на неконгруентноста*** и ***степен на разрешување на неконгруентноста***.

Во однос на ***обемот***, се поставува прашањето дали теориите кои зборуваат за разрешување на неконгруентноста ги опфаќаат сите форми на хумор. Одредени автори посочуваат дека овој механизам опишува само една субкласа на хуморот (McGhee, 1977, Suls, 1983, Forabosco, 1992, Ruch, 1992, преглед кај Ritchie, 2009). Но, сепак, најчесто авторите не наведуваат јасна дефиниција, која е независна од механизмот на разрешување на неконгруентноста, за другите субкласи на хуморот. Во таа смисла, разрешувањето на неконгруентноста може да се сфати како механизам кој е доволен за хуморот. Со други зборови, хуморот во целина не се заснова врз овој механизам, но кога има разрешување на неконгруентноста, ќе има и хумор.

***Секвенционалноста*** се однесува на перцепцијата, односно на одреден след на настаните, со што најпрво се забележува неконгруентноста, а потоа се разрешува. Неконгруентноста е првата фаза, додека нејзиното разрешување е потребно за доживување хумор (Suls, 1977, според Ritchie, 2009). Слично е и сфаќањето на Ruch (1992), кое сепак се однесува само на хуморот *разрешување на неконгруентност* (*incongruity-resolution humor*). Според него, постои општа согласност дека хуморот се перципира и разбира во две фази. Најпрво, откриваме неконгруентност која потоа може целосно да се разреши доколку се земат предвид претходно дадените информации во вицот или визуелната шега. Сепак, постојат и други гледишта кои не се насочени кон секвенционалното процесирање на хуморот (Raskin, 1985; Oring, 2003). Во таа смисла, хумористичните стимулуси содржат неконгруентност и начини за нејзино разрешување,

но тие не мора да бидат перципирани по тој редослед. Информациите потребни за разрешување на неконгруентноста може да бидат забележани пред самата неконгруентност. Овие теории акцентот повеќе го ставаат на содржината на стимулусот, наместо на когнитивното процесирање кое се укажува дека е секвенционално (според Ritchie, 2009)

Што се однесува до ***локацијата на неконгруентноста***, се поставува прашањето каде при процесирањето на стимулусот се појавува неконгруентноста? Сите автори се сложуваат дека неконгруентноста подразбира судир на концепти, но тие се лоцирани на различни позиции во однос на текот на процесирањето. Во таа смисла, тука се издвоени различни сфаќања за местоположбата на неконгруентноста:

*1. Дел од изнесеното сценарио.* Во однос на ова гледиште, хумористичниот стимулус изразува некаков настан, ситуација, или идеја, и некаде во изнесената информација постои неконгруентност. Тука не се тврди дека е важен редот на изнесувањето на информацијата, односно не зависи од некаква секвенционална шема. Се работи само за нарушување на очекувањата за она што е нормално или вообичаено. Под нормално може да се подразбираат знаењата, обичаите и навиките на одредено општество, да вклучува нарушување на логиката, или, здраворазумското разбирање на физичкиот свет. Примери за ова гледиште се:

(1) *На натпревар за брзо јадење риби е поставен нов светски рекорд. Победникот за 42 минути успеал да изеде 225 живи риби. Неговата награда е бесплатна вечера во рибен ресторан.*

(2) *Замисли да не постоеја хипотетички ситуации.*

Оваа позиција е најмалку прецизна, бидејќи е тешко да се каже дека одреден пример содржи некаква неконгруентност, со оглед на тоа што самиот текст експлицитно не укажува на неговата структура. Во таа смисла, припишувањето на неконгруентноста, од каков било вид, на одреден текст зависи од оној што го анализира текстот.

*2. Поврзана со процесот или презентацијата.* Тука, неконгруентноста се согледува во однос на две семантички или дискурсни структури, кои претставуваат засебни аспекти при изнесувањето на хуморот. Може да се издвојат три начини на сфаќање на неконгруентноста:

*(а) Конфликт помеѓу воведот и поентата на шегата.* [4] Овој вид на неконгруентност зависи од несоодветноста помеѓу првоизнесената информација при презентирање на одреден материјал (виц, досетка, визеулна шега) и онаа која што следи подоцна. Важен е секвенционалниот редослед при примање на информацијата. Првоизнесената информација (воведот) самата за себе е конзистентна, или не вклучува неконгруентност. Исто така и онаа идеја која што следи после неа (поентата) не мора да биде неконгруентна сама за себе. Спојувањето на двата дела предизвикува неконгруентност, бидејќи тие меѓусебно се некомпатибилни. Ова може да се согледа низ следните примери:

(3) *На судење за извршен грабеж, судијата ја донесува конечната пресуда каде што вели дека оптуженият не е виновен. „Прекрасно, дали тоа значи дека може да ги задржам парите", прашал оптуженият.*

(4) *Многу сум горд на овој часовник. Дедо ми, кога беше на смртна постела, ми го продаде.*

Поентата, или информацијата која следи после воведот го принудува примателот да ја преиспита првоизнесената информација. Во таа смисла, локацијата на неконгруентноста има смисла само во теориските варијатни кои укажуваат на секвенционалното процесирање за кое претходно стана збор.

*(б) Погрешна предикција.* Станува збор за тоа дека првоизнесените информации кај примателот предизвикуваат предикции за она што ќе следи. Имено, доколку понатамошната информација е во судир со овие предвидувања, тогаш стимулусот ќе биде доживеан како хумор. Со оглед на тоа што примерите кои ги дава Richie (2009), не може соодветно да бидат преведени на македонски, ќе дадеме примери кои го одразуваат ова гледиште:

(5) *Кој рано рани, го зезнал петелот.*

(6) *Мразам расисти и црнци.*

[4]Оригиналниот назив за оваа категорија на англиски гласи: *Set up/punch line conflict.* Со оглед на тоа што терминот *punch line* нема соодветен превод на македонски, означен е како поентата на шегата. Се мисли на последната речиница, или збор, со кој што одредениот текст добива форма на шега (виц, досетка).

Тука суштината е дека има видлив контраст помеѓу она што е изнесено на крајот и она што може да се очекува. Ritchie (2009), посочува дека ова гледиште често се изедначува со претходното (*конфликт помеѓу воведот и поентата на шегата*). На пример, Suls (1972), смета дека примерот (3) вклучува нарушена предикција. Сепак, иако е тешко да се посочи пример за нарушена предикција кој нема да вклучува и конфликт помеѓу воведот и поентата, обратното е возможно. Може да постои конфликт без да имаме прецизна предикција. Треба да се напомене дека и тука неконгруентноста зависи од секвенционалната анализа, односно предвидувањето се јавува пред да биде процесиран стимулусот.

*(в) Контраст помеѓу алтернативни интерпретации.* Во ова сфаќање за неконгруентноста, хуморот вклучува две одвоени интерпретации за информацијата или за хумористичниот стимулус. Тоа, на пример, може да биде постигнато со лингвистичка двосмисленост. Неконгруентноста произлегува од различните интерпретации, односно постои судир на перспективи. Овој вид на неконгруентност не е секвенционален, во таа смисла што ниедна од перспективите нема приоритет, додека неконгруентноста се јавува од заедничкиот судир помеѓу нив. Пример за ова гледиште е:

(7) *Извинете, дали е докторот дома? – „Не"- одговорила неговата привлечна и млада сопруга, додавајќи „Ајде, влези".*

Raskin (1985), го анализира овој пример во согласност со неговата теорија за спротивни скриптови, каде што два настани или објекти се доведени еден наспроти друг, или во конкретнив пример скриптовите *доктор/љубовник.*

Честото гледиште за интерпретирање на хуморот (Heller, 1974; Paulos, 1980; Dascal, 1985; Norrick, 1986; Dolitsky, 1992), Ritchie (2009), го означува како *наметната реинтерпретација.* Станува збор за изразена секвенционална анализа, односно едната интерпретација на воведот на шегата е помалку очигледна (за примателот) отколку другата, со што само една интерпретација е првенствено согледана. Но, поентата на шегата наметнува преиспитување и пронаоѓање на втората - помалку очигледна интерпретација. Сепак, концептот на неконгруентност и разрешување, во ова општо гледиште, од различни автори се сфаќа на различни начини. Некои неконгруентноста ја сфаќаат како *конфликт помеѓу воведот и поентата на шегата*, други како *погрешна предикција*, а пак, некои како *контраст помеѓу алтернативни интерпретации.* Во таа

смисла, се укажува дека дефинирањето на неконгруентноста може да биде различно. Тука се сумирани начините на кои различните истражувачи на хуморот го сфаќаат концептот на неконгруентност. Оваа анализа, секако укажува на потребата за прецизни дефиниции кои ќе придонесат за јасна дискусија меѓу авторите.

Последниот аспект се однесува на ***степенот на разрешување на неконгруентноста***. Во врска со овој аспект постојат разлики во сфаќањата за тоа дали разрешувањето целосно ја отстранува неконгруентноста. Издвоени се три степени на разрешување на неконгруентноста: *целосно разрешување, делумно разрешување* и *без разрешување*.

*Целосното разрешување* подразбира дека разрешувањето овозможува објаснување на неконгруентноста, со што всушност повеќе нема неконгруентност. Со други зборови, целата необичност е елиминирана од согледаната ситуација. Разрешувањето во потполност ги оправдува сите аспекти од ситуацијата кои се чинеле неконгруентни, врз основа на логиката и фактите за светот.

Што се однесува до *делумното разрешување*, оправданоста за разрешување на неконгруентноста не е комплетна или на некој начин е погрешна (се базира на погрешно резонирање или на погрешни претпоставки за светот). Во таа смисла, ефектот е остаток на неконгруентност, кој може да биде необјаснет дел, или пак, се креирани нови апсурдности (кои може да се резултат на погрешна логика или додавање на нови погрешни претпоставки за светот) (Rothbart & Pien, 1977, Suls, 1983, според Ritchie, 2009).

Опцијата *без разрешување,* всушност не може да се каже дека е форма на разрешување на неконгруентноста. Сепак, вклучена е во оваа поделба за да ги означи случаите кога постои неконгруентност, но нема ништо што дури и делумно ја оправдува неконгруентноста. Со други зборови, се однесува на хумористични стимулуси кои се апсурдни. Ritchie (2009), посочува дека овој механизам кај Hempelmann и Attardo (2011), се означува како бесмислен хумор.

Треба да се напомене дека сфаќањето на Ruch (1992) за бесмислениот хумор (кое ќе биде подетално прикажано подоцна), се разликува од она на Hempelmann и Attardo. Имено, според него, хуморот *разрешување на неконгруентност* подразбира целосно разрешување на неконгруентноста, додека *бесмислениот* хумор, според оваа поделба подразбира *делумно разрешување* или пак, *без разрешување*.

*Преглед на теориите на неконгруентност/разрешување на неконгруентноста*

Овде, накратко ќе бидат разгледани неколку теории за хуморот и ќе биде направена споредба меѓу нив во однос на претходно изнесените сфаќања за улогата на неконгруентноста.

Според теоријата на **Thomas Shultz** (1972), поентата на шегата создава неконгруентност со тоа што се внесува информација која не е компатибилна со нашето првично разбирање на воведот од шегата. Тоа предизвикува да се навратиме и да бараме двосмисленост во воведот, односно различна интерпретација која ќе овозможи поентата да има смисла (според Martin, 2007).

Кај Shultz, перцепцијата на неконгруентноста подразбира и *очекување*, но, тоа не се сфаќа како конкретно предвидување на настаните во временска секвенца при процесирањето на хумористичниот стимулус. Туку, одреден елемент на стимулусот има вообичаен контекст кој доведува до очекување за тоа какви други елементи можат да бидат присутни. Во таа смисла, очекувањето повеќе претставува дел од стимулусот, отколку временска претпоставка која се случува при процесирањето на хумористичниот стимулус (како што ќе видиме дека смета Suls).

Експериментите на Shultz (1972) опфаќаат само визуелни шеги кои биле користени како хумористични стимулуси, па така, во однос на ***обемот*** може да се каже дека неговата теорија е ограничена. Имено, само се претпоставува дека истиот механизам се однесува и на вицевите. Со оглед на тоа што бил користен ограничен хумористичен материјал, локацијата на неконгруентноста е *дел од изнесеното сценарио*. Во однос, пак, на ***степенот на разрешување на неконгруентноста***, може да се каже дека е *целосен*. Сепак, Shultz, со своето тврдење дека разрешувањето на неконгруентноста може и само во *некоја смисла* да биде соодветно, остава простор и за *делумно разрешување на неконгруентноста* (според Ritchie, 2009). Мора да се напомене дека кај Ritchie (2009), не е даден преглед на некои од подоцнешните истражувања на Shultz (1974), кои вклучуваат и вербални стимулуси.

Теоријата на **Jerry Suls** (1982), пак, претставува двофазна теорија која хуморот го разбира како решавање на проблем. Воведот на некоја шега предизвикува да направиме предикција за веројатниот исход. Кога последната реченица или поентата на шегата не е во согласност со нашата предикција, ние сме изненадени и бараме когнитивно правило

кое ќе ни овозможи природен след на последната реченица со претходните информации. Доколку ова когнитивно правило е најдено, доаѓа до разрешување на неконгруентноста и шегата се перципира како смешна. Сепак, ако не го најдеме одреденото правило, неконгруентноста сè уште е присутна, односно наместо да се смееме, остануваме збунети.

Ова може да се илустрира со еден пример, односно виц:

*Англиски бискуп добил писмо од свештеник во некое село во кое вели: „Жалам што ќе ве известам дека жена ми почина. Дали би можеле да пратите замена за викендот?"*

Воведот на вицот не доведува до одредена предикција за веројатниот исход, но сепак изненадувачка (неконгруентна) е последната реченица каде што свештеникот бара замена за неговата починатата жена. Ова прави да се вратиме наназад и да изнајдеме т.н. когнитивно правило кое ќе направи изненадувачката последна реченица да биде во соласност со воведот. Сфаќањето дека всушност свештеникот бара некој да го замени во црквата, бидејќи тој не би можел да работи затоа што неговата жена починала, прави шегата да има смисла, односно со тоа доаѓа до разрешување на неконгруентноста (според Martin, 2007).

Иако од аспект на психоаналитичката теорија, овој виц јасно укажува на сексуални елементи, кај авторите кои се застапници на гледиштето за неконгруентност, сексуалните (и агресивните) елементи се само начин да се обезбеди информација која е потребна неконгруентноста да биде разрешена (Suls, 1977, според Martin, 2007). За да ја илустрира оваа поента, Suls (1977), го дава следниов пример:

*Прашање: Ако вашиот син го избркаат од училиште, е неписмен и антисоцијален, што ќе стане од него?*

*Одговор: Италијански полицаец* (според Martin, 2007, стр. 66).

Тука е јасно дека според теориите на супериорност, вицот е смешен на оние кои не сакаат италијанци, или поконкретно италијански полицајци. Според Suls (1977) воведот на шегата (да се биде неписмен, антисоцијален) е неконгруентен со тоа да се биде полицаец. Неконруентноста се разрешува со тоа што го препознаваме стереотипот за тоа дека италијанците се глупави (според Martin, 2007).

Теоријата на Suls, може да се категоризира како ***секвенционално*** процесирање. Информациите постепено се процесираат (како што се изнесува хумористичниот стимулус), додека неконгруентноста се јавува со последната информација (поентата на

шегата) која ни се чини дека не одговара со воведот. Со тоа, доаѓа до *конфликт помеѓу воведот и поентата на шегата*. Примателот, понатаму бара когнитивно правило, кое доколку биде најдено се јавува хумор. Во случај когнитивното правило да не биде најдено, се јавува збунетост. Кај Suls, станува збор за *целосно разрешување,* или како што самиот посочува, поентата добива смисла. Привидната неконгруентност (која што се јавила од поентата на шегата) со најденото когнитивно правило е во согласност со воведот (според Ritchie, 2009).

Според концепцијата на **Elliott Oring** (2003), суштината на хуморот е постоење на соодветна неконгруентност. Еден од примерите што ги посочува како потврда на своето гледиште е следниов:

*Некој човек отишол кај психијатар. Докторот го прашал:„Што е проблемот?"– „Докторе, никој не ми верува ништо што ќе кажам". На тоа докторот му одговорил: „Се зезаш!"*

Oring (2003, според Ritchie, 2009), смета дека нема потреба неконгруентноста да биде согледана пред разрешувањето, или со други зборови, неговиот модел е ***несеквенционален***. Според него, секвенционалноста е главна одлика на т.н. теории за разрешување на неконгруентноста, додека неговиот модел не го застапува тоа гледиште. Во таа смисла, во однос на ***локацијата на неконгруентноста*** може да се каже дека е *дел од изнесеното сценарио*. Потребно е да постои неконгруентност и некакво оправдание за нејзиното присуство. Неговото сфаќање на хуморот како соодветна неконгруентност, посочува дека ***степенот на разрешување на неконгруентноста*** е само *делумен*, односно неконгруентноста не е целосно елиминирана. Всушност, комбинацијата од ***несеквенционален*** модел и *целосно разрешување* би немала смисла. Стимулусот (вицот, визуелната шега, итн.) нема да може да биде неконгруентен ако, исто така вклучува и валидна содржина за целосно елиминирање на неконгруентноста и ова е возможно пред (или заедно со) перцепцијата на неконгруентноста. Исто така, неговото сфаќање за *соодветна* неконгруентност, ја исклучува можноста за вклучување на хумористични стимулуси кои се *без разрешување на неконгруентноста*.

Главната идеја во теоријата на **Victor Raskin** (1985), т.н. **теорија на семантички скрипт**, е дека текстот (хумористичниот стимулс) е компатибилен со два скрипта[5] кои се на некој начин меѓусебно спротивни. Постојат три начини на кои скриптовите може да бидат спротиставени: реално/нереално, нормално/абнормално и возможно/невозможно. На поконкретно ниво, спротивставувањето на скриптовите може да се опише во термини на спротивставени парови, како на пример, добар/лош, живот/смрт, пари/без пари, чисто/валкано, интелигентен/неинтелигентен итн. За да ја појасни оваа поента, Raskin го дава следниов (претходно прикажан) пример:

*Извинете, дали е докторот дома? – „Не"- одговорила неговата привлечна и млада сопруга, додавајќи „Ајде, влези".*

Овој виц е компатибилен со два скрипта, односно со скриптот *доктор*, но и со скриптот *љубовник*, додека тие се спротивставени во однос на *имање секс/немање секс*.

Иако првично Raskin (1985), посочува дека неговата теорија не го објаснува хуморот преку концептот на неконгруентност, подоцна е прифатена забелешката на Giora (1988), (од страна на Attardo (1997), кој е еден од застапниците на оваа теорија) дека концептот на спротивставени скриптови, во суштина претставува неконгруентност (според Ritchie, 2009).

Ritchie (2009), смета дека најчесто примерите кои може да се сретнат во оваа теорија, може да се класифицираат во *конфликт помеѓу воведот и поентата на шегата.*

---

[5]Нашето знаење е организирано во пошироки целини, односно шеми. Според Костиќ (2006) станува збор за единици на нашето знаење каде што во центарот се наоѓа одреден поим, но и многу други поими, ситуации, настани и акции кои се со него поврзани. Шемата претставува динамична ментална репрезентација што ни овозможува да изградиме ментален модел на светот. Таа се формира врз база на поранешни искуства со некој објект или настан и се состои од збир на очекувања (кои се вообичаено несвесни) за изгледот на нештата и редоследот во кои се јавуваат (Mandler, 1979, според Martin, 2007). **Скриптот** пак, претставува интегрален дел од шемата и се однесува на редоследот на случувањата и операциите (Костиќ, 2006). Скриптот ни укажува на тоа што е соодветно и ни овозможува да ги евалуираме однесувањата на луѓето (Martin, 2007). Па така, шемата за ресторан би ги содржела нашите очекувања за тоа што треба да има во еден ресторан, додека скриптот - за редоследот на случувањата (Schank & Abelson, 1977, според Martin, 2007).

Сепак, одредени примери, посочуваат дека неконгруентноста може да се сфати дека е *дел од изнесеното сценарио*.

**Attardo** и **Raskin** (1991), ја прошируваат оваа теорија во една сеопфатна лингвистичка теорија за хуморот, која ја нарекуваат **Општа теорија за вербалниот хумор (ОТВХ)**. Во оваа теорија станува збор за шест т.н. *ресурси на знаење*, кои се релевантни за анализа на хумористичните стимулуси (вербални или визуелни). *Ресурсите на знаење*, хиерахиски подредени од апстрактни кон конкретни, се: **спротивставеност на скриптовите**, **логички механизми**, **ситуации**, **насоченост**, **наративни стратегии** и **јазик**.

**Спротивставеноста на скриптовите** се однесува на првичната теорија на Raskin. Како што споменавме, за да одреден текст да биде хумористичен треба да се исполнат два услови: текстот да биде целосно или делумно компатибилен со два различни скрипта и тие меѓусебно да бидат спротивни на одреден начин. Спротивставеноста на скриптовите, всушност ја претставува неконгруентноста.

**Логичките механизми** ја објаснуваат релацијата помеѓу скриптовите. Тие го претставуваат когнитивното правило или начинот на кој неконгруентноста треба да биде разрешена за да ја разбереме шегата. Attardo et al. (2002, според Samson, 2008), наведуваат 27 различни логички механизми, како на пример, *замена на улоги*, *погрешна аналогија*, *погрешно резонирање*, *паралелизам* итн. Логичките механизми се укажува дека се само псевдо-логични (Hempelmann & Samson, 2007), со што се прифаќа забелешката на Forabosco (1992), дека разрешувањето на неконгруентноста е псевдо-разрешување, бидејќи има смисла само во имагинарниот свет на шегата (според Martin, 2007).

**Ситуациите** упатуваат на луѓето, објектите и активностите кои се вклучени во конкретната шега.

**Насоченоста**, пак, се однесува на предметот или целта на шегата. Во таа смисла, често има шеги кои вклучуваат одредени социјални стереотипи, па така има шеги за Роми, Црногорци, Власи итн. Овој механизам не е задолжително присутен во сите шеги.

**Наративните стратегии** укажуваат на формата на хумористичниот текст (пр. прашање и одговор, загатки, наративи).

**Јазикот** се однесува на конкретната вербализација на шегата (Martin, 2007).

Од анализата на Ritchie (2009), за **Општата теорија за вербалниот хумор** може да се издвојат неколку заклучоци. Во однос на ***обемот***, може да се каже дека е прилично широка, бидејќи го опфаќа вербалниот хумор во поширока смисла, но постојат и истражувања дека оваа теорија може да се примени и на визуелниот хумор (Paolillo, 1998; Hempelmann & Samson, 2007; 2008). Исто така, подоцнешните укажувања на Attardo (1997), дека логичките механизми (разрешувањето на неконгруентноста) не се задолжителен дел од секоја шега, посочуваат на шеги кои може да се со *делумно разрешување* или *без разрешување* во однос на ***степенот на разрешување на неконгруентноста***. Hempelmann & Attardo (2011) ја прифаќаат дистинкцијата на Oring (2003), помеѓу теориите за разрешување на неконгруентноста (кои се ***секвенционални***) и т.н. *соодветна неконгруентност* (***несеквенционални*** теории) и наведуваат дека ОТВХ е несеквенционална теорија (според Ritchie, 2009).

Attardo & Raskin (1991), слично како и Suls, сметаат дека агресивните форми на хумор (етнички, сексистички шеги), всушност не се воопшто агресивни. Поконкретно, тука има само користење на стереотипи за да си играме со идеи на забавен начин. Ова гледиште, Goldstein, Suls & Anthony (1972), го нарекуваат и *хипотеза на истакнатост*, со оглед на тоа што смислата на агресивните и сексуалните елементи во хумористичните стимулуси е да ја истакнат информацијата потребна за разрешување на неконгруентноста (според Martin, 2007).

За крај, може да се истакне дека ОТВХ и претходната теорија за семантички скрипт, претпоставуваат дека хуморот настанува од истовремена активација на два спротивни (некомпатибилни) скрипта, со што се слични со гледиштата на Koestler (1964) за бисоцијација, на Apter (2007) за когнитивна синергија и сфаќањето на хуморот на Wyer и Collins (1992). Теориите на Apter и Wyer и Collins, ќе бидат прикажани во поглавјето реверзибилна теорија. За разлика од нив, Shultz (1976) и Suls (1972), сметаат дека хуморот може да се доживее само откако неконгруентностаќе биде разрешена. Во ОТВХ, логичкиот механизам (разрешувањето на неконгруентноста) го активира алтернативниот скрипт, кој заедно со првоинициираниот скрипт ја креираат неконгруентноста. Во таа смисла, доаѓа до истовремена активација на два спротивни скрипта, наместо едниот да го замени другиот со разрешувањето на неконгруентноста, како што сметаат Shultz и Suls (според Martin, 2007).

*Емпириски истражувања и евалуација*

Прегледот на емпириските истражувања што го дава Martin (2007), ги опфаќа истражувањата на Shultz и нивните критики, истражувања кои ја користеле т.н. *парадигма на проценување тежина* (како начин за манипулирање на неконгруентноста), и истражувања кои ја проверувале *хипотезата на истакнатост*. Во ова поглавје ќе бидат прикажани некои од овие истражувања.

Shultz & Horbie (1974, според Martin, 2007), ја проверувале претпоставката дека доколку неконгруентноста и нејзиното разрешување се суштествени за хуморот, тогаш отстранувањето на еден од овие елементи треба да го намали уживањето во хуморот. Во таа смисла, направиле верзии на неколку шеги со отстранета неконгруентност, или пак, со отстрането разрешување. Еден од вицевите кои го користеле, е следниот:

*Мајка: „Докторе, дојдете веднаш, моето бебе голтна пенкало!"*

*Докторот: „Веднаш ќе дојдам. Што правите во меѓувреме?*

*Мајката: „Користиме молив"* (според Martin, 2007, стр. 67).

Во овој виц, неконгруентниот одговор на мајката е разрешен со тоа што се препознава двосмисленоста на прашањето на докторот. Прашањето може да има две значења, односно може да посочува на тоа што прави мајката во меѓувреме за да му помогне на бебето, или пак, што користи како замена за пенкалото. Во верзијата со отстранета неконгруентност, поентата на вицот била сменета во: *Не знам што да правам.* Со тоа е постигнато во оваа верзија да нема неконгруентност помеѓу воведот на шегата и нејзината поента, па така нема загатка која треба да се реши. Во верзијата со отстрането разрешување, првата реченица е сменета со тоа што наместо мајката да каже дека бебето голтнало пенкало, се кажува дека голтнало гума. На овој начин, поентата на шегата (користиме молив) е сè уште неконгруентна, но нема разрешување, со оглед на тоа дека нема логичка поврзаност помеѓу голтнувањето на гума и одговорот на мајката дека користи молив (Martin, 2007).

Овие различни верзии, на поголем број на вицеви, им биле зададени на деца од прво, трето, петто, и седмо одделение. Задачата на децата била да ги оценат вицевите во однос на комичноста. Резултатите покажале дека до трето одделение, оригиналните верзии на вицевите им биле посмешни отколку оние со отстрането разрешување, кои пак, биле проценети како посмешни во однос на верзиите со отстранета неконгруентност.

Заклучокот е дека „неконгруентноста без разрешување е посмешна отколку кога нема неконгруентност, но разрешувањето на неконгруентноста е уште посмешно" (Shultz & Horbie, 1974, според Martin, 2007, стр. 67). Може да се надополни дека слични резултати биле добиени и кога се користеле визуелни шеги (Shultz, 1972) и загатки (Shultz, 1974).

Одредени автори (Nerhardt, 1977; Pien & Rothbart, 1977) укажале на проблеми во ваквиот методолошки пристап. Имено, отстранувањето на разрешувањето може да доведе до елиминирање и на неконгруентноста. Со други зборови, не може да сме сигурни дека одредени елементи на шегата се држат константни, додека другите се варираат.

Wicker et al. (1981, според Martin, 2007) користеле различен пристап за да ги надминат овие потешкотии. Во нивното истражување, испитаниците проценувале вицеви на скала за комичност, но и на 13 други скали со кои се проценувале димензии претпоставени од неколку теории за хуморот (разрешување на неконгруентноста, супериорност, психоаналитичката и теориите на побудување). Поконкретно, некои од скалите биле: *изненадување, бесмисленост, разрешување, тежина, емоционална инволвираност, супериорност, симаптија, болка, слобода,* и *анксиозност.*

Со користење на факторска анализа, одвоени биле три фактори, и тоа: (1) когнитивни (разрешување на неконгруентноста) елементи, како изненадување, разрешување, оригиналност; (2)супериорност, и (3)емоционални елементи (анксиозност, болка, емоцинална инволвираност). Проценките на комичноста имале највисоки факторски заситувања на когнитивниот фактор. Овој наод посочува на тоа дека комичноста на вицевите (колку ни се смешни) е примарно детерминирана од механизми на информациско-процесирање, поврзани со неконгруентноста и нејзиното разрешување. Емоционалниот фактор, исто така бил поврзан со проценките на комичноста, но оваа врска била посредувана од проценките за неконгруентноста и разрешувањето. Авторите претпоставуваат дека емоционалните елементи во хуморот делумно зависат од когнитивните елементи, опишани во теориите на неконгруентност. Овој наод се смета дека ја потврдува *хипотезата на истакнатост* (види стр. 40) (според Martin, 2007).

Една од критиките на истражувањата кои користат вицеви и визуелни шеги како стимулуси за истражување на когнитивните процеси во хуморот е посочена од страна на Nerhardt (1970). Имено, укажува на тоа дека вицевите вклучуваат многу елементи кои не може да се мерат и имаат лингвистички и емоционални теми, кои не може да се

контролираат. Со други зборови, тешко е да се знае која димензија е одговорна за проценките на комичноста од страна на испитаниците. Дополнително, кога се проценува комичноста, претпоставките и имплицитните теории на самите испитаници за хуморот, може да влијаат на нивните одговори. За да се надминат овие проблеми, ја развива т.н. *парадигма на проценување тежина*, како начин за експериментално манипулирање на неконгруентноста. Според него, неконгруентноста е дефинирана како спротивност на она што е очекувано.

Оваа парадигма подразбира споредување на серии од тегови (кои изгледаат идентично) и споредба со тег со стандардна тежина. Испитаниците, всушност се наведени дека учествуваат во експеримент од областа на психофизиката. Најпрво се евалуираат одреден број на тегови со слична тежина (500 +/- 50 гр.), за потоа да им биде зададен тег кој е многу полесен (50 гр.), или, многу потежок (3000 гр.), од оној со стандардната тежина. Се забележало дека кога испитаниците кревале тег со дискрепантна тежина, често се насмевнувале или се смееле. Дополнително, Nerhardt (1970) утврдил дека што повеќе отстапувала тежината од артиметичката средина на другите споредби, дотолку повеќе испитаниците ги покажувале овие бихејвиорални експресии (смеење и насмевнување). Во други студии (Deckers, 1993; Deckers, Jenkis & Gladfelter, 1977) се покажало дека постои позитивна поврзаност помеѓу интензитетот на овие бихејвиорални експресии и проценките на тоа колку искуството од експериментот го доживеале испитаниците како смешно. Ова се смета за потврда на тоа дека смеењето и насмевнувањето се одраз на (хумористично) уживање, а не само на засраменост или израз на нервоза. Во таа смисла, оваа парадигма се смета за операционализација на неконгруентноста, без да се користат стимулуси како вицеви и визуелни шеги (според Martin, 2007).

Треба да се спомене дека во одредени услови, не се забележани овие бихејвиорални експресии кои посочуваат на уживање поврзано со хуморот. Имено, Nerhardt (1976) направил експеримент во природни услови, односно на железничка станица. Испитаниците биле замолени да подигнат неколку куфери со различна тежина, но не се насмевнувале, ниту се смееле, кога го подигнувале куферот со неочекувана тежина. Овој наод бил протолкуван со тоа што се смета дека испитаниците (патниците) го сфатиле експериментот премногу сериозно, најверојатно поради тоа што се брзале, или не можеле лесно да преминат во разиграна состојба на умот. Да се биде во разиграна состојба на

умот (света), е еден од предусловите за да можеме да го доживееме хуморот (Apter, 1982). Заклучокот од истражувањата кои ја користеле оваа парадигма е дека неконгруентноста е неопходен, но не и доволен услов за хуморот.

Понатаму, ќе бидат прикажани одреден број на истражувања кои имале за цел да ја проверат *хипотезата на истакнатост.* Да потсетиме дека наодите на Dworkin & Efran (1967)[6], се протолкувани како доказ за психоаналитичката теорија. Накратко, повеќе се ужива во агресивен хумор ако сме разгневени, и повеќе се ужива во сексуален хумор ако сме сексуално возбудени. Застапниците на теориите за разрешување на неконгруентноста (Goldstein, Suls и Anthony, 1972), сметаат дека овие наоди може да се протолкуваат со зголемување на истакнатоста на сексуалните и агресивните теми. Токму затоа се создава когнитивен сет кој овозможува одредената шега да биде полесно сфатена (според Martin, 2007).

Во едно истражување (Goldstein, Suls & Anthony, 1972), на испитаниците најпрво им биле прикажани слики со насилна содржина или слики од автомобили. Потоа, испитаниците имале задача да проценат одреден број на вицеви во однос на комичноста. Вицевите биле со агресивна содржина, или пак, вклучувале автомобили како главен елемент. Како и што се очекувало, испитаниците на кои им биле прикажани слики со насилна содржина, го прецениле агресивниот хумор како посмешен. Од друга страна, оние испитаници кои гледале слики од автомобили, ги преферирале хумористичните стимулуси кои вклучувале автомобили. Со оглед на тоа што сликите од автомобилите не побудуваат специфични мотиви, се смета дека резултатите ја потврдуваат *хипотезата на истакнатост.* Со други зборови, истакнатоста на одредена содржина, наместо побудување на специфичен мотив, е она што придонесува за поголемо уживање во хуморот (според Martin, 2007).

Истражувањето на Kuhlman (1985) не ја потврдила *хипотезата на истакнатост.* Во ова истражување испитаниците биле студенти, кои проценувале серија на вицеви во однос на комичноста во три различни услови: за време на предавање, пред испит, и за време на испит. Една третина од вицевите вклучувале табу теми (секс, насилство, вулгарност), другата третина вклучувала теми поврзани со академско испитување (вицеви кои вклучуваат истакнатост), додека, третата третина од вицевите биле со неутрална

---

[6] Види стр. 19.

содржина. Според *хипотезата на истакнатост* вицевите кои содржат теми поврзани со академско испитување, би требало да бидат посмешни пред, или за време на испитот. Сепак, резултатите покажале дека вицевите со табу теми биле најмногу преферирани во трите експериментални услови. Дополнителен наод бил дека сите три вида на вицеви биле проценети како посмешни од испитаниците кои биле во групата која ги проценувала за време на испит, за разлика од другите две групи. Заклучокот е дека наодите се повеќе во согласност со психоаналитичката теорија и теориите на супериорност, отколку со теориите на неконгруентност. Исто така, најголемото уживање во хуморот за време на испит, посочува дека зголеменото ниво на анскиозност е повразано со поголемо уживање во хуморот. Ова е конзистентно со теориите на побудување, наместо со теориите на неконгреунтност, каде се нагласени когнитивните фактори (според Martin, 2007).

Евалуацијата на овие теории и емпириските истражувања, неминовно води до заклучокот дека когнитивните аспекти во хуморот се пренагласени, за сметка на емоционалните и социјалните. Од анализата на Ritchie (2009), евидентно е дека и концептот на неконгруентност не е јасно дефиниран, односно постојат различни сфаќања за неконгруентноста.

Теориите на неконгруентност се најчесто базирани на анализа на вицеви и визеулни шеги, како прототип за хуморот. Сепак, може да се забележи дека процесите кои се вклучени во овие хумористични стимулуси не мора да се истите во спонтаниот, конверзациски хумор. Разрешувањето на неконгруентноста може да е важно во одредени класи на шеги, за разлика од други класи на шеги и форми на хумор (Martin, 2007).

Martin (2007) забележува и дека неоправдано се игнорираат сексуалните, агресивните и емоционално побудувачките елементи во одредени хумористични стимулуси, кои се централни во претходно прикажаните теории. Со други зборови, одредени шеги не може да се сведат на когнитивните механизми вклучени во хуморот, односно да се игнорираат сексуалните и агресивните елементи кои придонесуваат за уживање во хуморот. Како пример, го наведува следниов виц:

*Некоја жена, возејќи се удрила во кола, која била управувана од маж. Жената го отворила прозорецот и почнала да се извинува за незгодата. Мажот ја прекинал: „Нема проблем, моја е грешката. Можев да видам дека вози жена уште од пред еден километар*

*и имав доста време да свртам од патот и да го избегнеме ова"* (Gruner, 1978, според Martin, 2007, стр. 74).

Според теориите на неконгруентност, разрешувањето на неконгруентноста е овозможено од стереотипот дека жените се лоши возачи. Сепак, ова објаснување ги занемарува емоционалните аспекти на хуморот и го смета за чисто интелектуална вежба. Најверојатно, одговорот е дека тука има комбинација на интелектуално уживање од играта со неконгруентни идеи, но и (разиграни) агресивни елементи кои го зголемуваат чувството на уживање (Gruner, 1997, според Martin, 2007).

**Реверзибилна теорија**

Според реверзибилната теорија, хуморот претставува форма на игра. Многу малку од раните теории за хуморот се задржуваат на овој аспект. Исклучок е изјавата на Max Eastman, кој истакнува дека: „хуморот е игра...Оттаму, ниедна дефиниција за хуморот, теорија за досетките, објаснување на комичното, нема да отстапува од другите доколку не е заснована на дистинкција помеѓу разиграноста и сериозноста" (Eastman, 1936, според Martin, 2007, стр. 75). Иако Berlyne (1969) и Gruner (1997), укажуваат на поврзаноста помеѓу хуморот и играта, односно разиграната природа на хумористичната агресија, идејата за хуморот како игра е експлицитно наведена во реверзибилната теорија (според Martin, 2007). Реверзибилната теорија е општа психолошка теорија за личноста, која нагласокот го става на мотивацијата и емоциите. Теоријата е развиена одстрана на психологот **Michael Apter** при крајот на седумдесетите години на XX-от век (Apter, 1982; 2007; Apter & Smith, 1977). Со оглед на тоа што таа е општа психолошка теорија, односно не е само теорија за хуморот, некои од основните постулати ќе бидат накратко прикажани.

Најпрво, мора да се даде одговор на прашањето што се подразбира под игра. Apter (2007), ја дефинира како посебна состојба на свест, начин на гледање на светот и нашите акции во него. За да се доживее хуморот, ние мора да се наоѓаме во оваа разиграна состојба на умот. Оваа состојба е наречена *paratelic* (разиграна), која е спротивставена на *telic* (сериозна) состојбата која е поврзана со сериозни активности. Еден од основните постулати е дека преминуваме од една во друга состојба (reversal) во текот на еден типичен ден.

Главната разлика помеѓу овие две состојби[7] е дека во сериозната сме насочени кон остварување на цели, додека во разиграната сме насочени кон уживање во моментот, односно во самите активности. Еден од основните поими е и побуденоста и нејзиниот однос со емоциите, но се отфрла претпоставката на Hebb (1955) за оптимално побудување[8]. Побуденоста се доживува различно во зависност од тоа кој од овие два мода на функционирање е активен. Во сериозната состојба, високата побуденост е непријатна (анксиозност) и се преферира ниска побуденост (релаксација). Од друга страна, во разиграната состојба, ниската побуденост е непријатна (здодевност), а високата побуденост е пријатна (возбуда).

За да се доживее хуморот, ние мора да се наоѓаме во разиграната состојба на умот, каде што всушност имаме „заштитна рамка" или психолошка безбедна зона што ја креираме за да се изолираме од сериозните грижи на вистинскиот свет (Apter, 1991, според Martin, 2007). Според Apter (2007), потребно е задоволување на пет услови за нешто да биде доживеано како смешно. Еден од условите за доживување хумор претставува да сме во *paratelic* метамотивациската состојба на свеста. Понатаму, ќе бидат разгледани уште три услови, кои се однесуваат на когнитивната синергија и последниот услов, кој претпоставува зголемување на побуденоста. Сепак, најпрво неопходно е да биде дефиниран поимот когнитивна синергија.

Постои фундаментален закон во логиката кој се нарекува „закон на исклучивиот трет", каде што се тврди дека: *А мора да биде Б или не-Б.* Со други зборови, во која категорија нешто и да припаѓа не може истовремено да припаѓа и во друга исклучива категорија, или, исто така, не може истовремено да поседуваме две контрадикторни карактеристики (Mulkay, 1988). Когнитивната синергија се дефинира како доживување на инкомпатибилни карактеристики во релација со некаков идентитет. Под идентитет може да се подразбира личност, објект или ситуација. Феноменолошки доживуваме парадокс, така што спротивни квалитети се доведени заедно во нашата свест и се припоени кон одреден идентитет (Apter, 2007).

---

[7]Терминот состојба на умот се нарекува и мод на функционирање или метамотивациска состојба (види Apter, 2007).

[8] Види стр. 26.

За да ни станат појасни овие апстрактни дефиниции ќе бидат наведени неколку примери. Еден од основните примери кој е од областа на перцепцијата се однесува на можноста нацртана коцка на лист да се гледа на два начини. Најверојатно сите сме забележале дека може да ни изгледа како да ја гледаме одозгора или одоздола. Во еден момент ја гледаме на еден начин, но може нашата перцепција да се промени и да ја видиме на спротивниот начин. Во оваа смисла може да се спомене и примерот со пиштол, кој всушност е запалка, или весник исечен на начин што изгледа како деца да се држат за раце. Суштината на овие примери е дека доживуваме парадоксална промена, истовремено сме свесни и за промената, но и за континуитетот (Apter, 2007). Наведените примери се однесуваа на т.н. *парадоксална промена*, но за да дојдеме до дадената дефиниција за когнитивна синергија, треба да се наведат и примери кои укажуваат на *парадоксална еднаквост*.

Shepherd (2001), за овој вид на синергии, укажува дека симултано доживуваме нешто одредено на спротивен начин. Тоа нè изненадува и ја поништува нашата логика. Според овој автор, карактеристични примери за вакви синергии може да најдеме во циркус. Лавовите се истовремено диви и питоми, кловновите се возрасни, но и детинести, луѓето што се исфрлаат од топовите се истовремено објекти и личности. Според Apter (2007), гледањето на нацртан пејзаж или детска играчка како куќа со кукли, овозможува да доживееме синергии од овој вид, каде што имаме симултана контрадикција, наместо секвенционална (како во примерот со пиштолот кој дознаваме дека всушност е и запалка).

Овие два типа на синергии, или парадоксалната промена и парадоксалната еднаквост, ја формираат целината на дефиницијата за когнитивна синергија. Секако, не постојат вистински логички контрадикции (куќата е постојано играчка, пиштолот е постојано запалка), но анализата тука не е логичка, туку феноменолошка. Ние доживуваме контрадикција, односно истовремено во нашата свест имаме две контрадикторни слики или концепти (Apter, 2007).

Два главни ефекти при соочување со некаков вид на синергија, освен чувството на зачуденост, се зголемување на степенот на побуденост и зголемување на јасноста на она што во моментот го искусуваме, или интензивирање на свесноста (Shepherd, 2001; Apter, 2007). Apter (2007), укажува дека доживувањето на синергија не треба да се изедначува со изненадување, иако двата вида на искуство ја зголемуваат побуденоста и често може да се

јават заедно. Сепак, неочекуван гласен звук секако дека не е и синергичен, додека гледањето на некоја слика со пејзаж не е неочекувана и изненадувачка.

Доколку еден од главните ефекти при доживувањето на синергија е зголемената побуденост, тогаш може да се очекува дека ваквите искуства ќе бидат преферирани, дури и барани, кога сме во *paratelic* модот на функционирање, додека кога е активна *telic* состојбата на свест, тие ќе бидат непожелни и избегнувани. При извршување на сериозни активности, синергиите се доживуваат како пречка или фрустрација што треба да биде надмината за да се стигне до целта. Така, доколку склучуваме бизнис зделка, сигурно нема да сме заинтересирани за трикот со пиштолот – запалка. Двосмисленостите од каков и да е вид, претставуваат форма на синергија. Во таа смисла, кога се наоѓаме во сериозната (*telic*) метамотивациска состојба, нема да уживаме при соочување со контрадикторности, бидејќи сме насочени кон задачата што сакаме да ја извршиме, или целта кон која се стремиме (Apter, 2007).

Двете главни области што ни овозможуваат доживување на когнитивни синергии се хуморот и уметностите. Сепак, тука нема да се навлегува во сличностите и разликите што ги овозможуваат естетското доживување и уживањето при хуморот. Apter (2007) укажува дека двосмисленостите се стандарден инструмент, како на пример кај Mona Lisa, или Hamlet, односно тие се во суштина синергетски затоа што двосмисленоста овозможува да бидат интерпретирани на спротивни начини. Различните видови синергија кои се користат во уметностите и прашањето за сличностите и разликите во естетското доживување и хуморот, се подетално објаснети кај Apter (1982; 1982a) и кај Coulson (1991; 2001).

Хумористичните ситуации од најразличен вид (вербален и невербален хумор) конституираат голема категорија на когнитивни синергии. Сепак, не е доволно да се каже дека хуморот е вид на синергија. Од претходно споменатите примери, јасно е дека тие нема да продуцираат доживување на хумор (освен можеби примерот со пиштолот – запалка). Сигурно е дека нема ништо смешно во гледањето на слика со пејзаж, или во детската играчка - куќа. Во таа смисла, Apter (2007) посочува дека треба да се направи разлика помеѓу комичните синергии и оние кои не нè засмеваат.

Најпрво, иако сите когнитивни синергии вклучуваат и изглед и реалност, во комичните синергии идентитетот се чини дека е едно, додека во реалноста е нешто сосема

друго. Куќата – играчка не ни се чини дека е вистинска куќа, или пејзажот дека е вистинска глетка. Во некомичните синергии, ние се препуштаме на илузијата (пр. гледаме како коцката се менува, иако знаеме дека тоа е невозможно), додека пак, кога станува збор за комична синергија, патоказите што ни биле дадени нè носат во погрешен правец. Така, дали со промена на перспективата или случајно, она што во прв момент изгледа како реално, всушност е само изглед. Ова претставува еден од условите за доживување на хумор, но сепак не е доволен. Не се смееме секогаш кога ќе дознаеме дека нешто сме згрешиле, или пак новите откритија во науката кои што ни ја покажуваат реалноста под површината на изгледот, исто така не предизвикуваат чувство на хумор.

Втората дистинктивна одлика на комичните синергии е тоа што изгледот кој бил обелоденет по некој основ е помалку значаен од реалноста, помалку во смисла на важноста, статусот, компетенцијата итн. Со други зборови, идентитетот мора да биде деградиран на некој начин. Научните откритија покажуваат дека има повеќе ред во некој аспект од природата отколку што сме очекувале. Шегите, пак, обелоденуваат дека има помалку од некоја ценета карактеристика отколку што сме мислеле во релација со некаков идентитет. Така, во примерот со пиштолот, сфаќаме дека е само запалка. Всушност, постои перцепција на нешто како побанално или тривијално отколку што на прв поглед изгледало. За да се доживее нешто како смешно, потребно е симултаното активирање на две контрадикторни перцепции, да вклучува девалвација или минимизирање. Во таа смисла, неконгруентноста што се јавува во хуморот, прави некоја ситуација, личност или објект да го доживееме како помалку важен, сериозен, вреден за почит итн., отколку што изгледало на прв поглед.

Оваа претпоставка на Apter, е во согласност со објаснувањето на хуморот во теоријата на Wyer & Collins (1992), која исто така се повикува на концептот на минимизирање и смета дека хуморот вклучува симултана активација на две различни шеми при разбирање на една иста ситуација или настан. Второактивираната шема треба да нè наведе на интерпретација која на некој начин ќе ја поништи важноста на првоиницираната шема. Двете теории не сметаат дека треба да дојде до разрешување на неконгруентноста за да се доживее нешто како смешно, туку токму нејзиното постоење овозможува да го доживееме хуморот. Но, постоењето на неконгруентност без минимизирање или девалвација нема да биде смешна. Примерот што го дава Kubovy

(1999), ја објаснува оваа претпоставка. Да претпоставиме дека влегуваме во кино и гледаме на екранот како човек седи на биро и е загледан во празен лист хартија. Тој почнува да пребарува по своите џебови и ние претпоставуваме дека бара пенкало. Ние ги интерпретираме неговите реакции врз основа на претходно постоечките очекувања и шеми. Неговата акција е двосмислена, можеби бара цигара, но сепак, бидејќи на сцената тој седи на биро и е загледан во празен лист хартија, најверојатно ќе биде иницирана шемата за барање пенкало отколку барање цигара. Сега, очекуваме дека ќе извади пенкало или можеби ќе открие дека нема. На наше изненадување тој вади обична запалка. Ние почнуваме да бараме други концепти и шеми кои ќе одговараат со сегашните и минатите настани, односно можеби ќе се запрашаме дали ќе го запали листот. Досега, иако бевме изненадени од тоа што извади запалка, нашата реинтерпретација не вклучува девалвација или минимизирање на ситуацијата. Сепак, доколку видиме дека запалката ја користи за да убие мува што претходно не била покажана во кадарот, најверојатно ќе нè насмее и ќе се запрашаме дали филмот е всушност некаква пародија. Kubovy (1999) заклучува дека уживањето што го добиваме од хуморот произлегува од нарушување на нашите очекувања.

Досега беа разгледани четири услови кои се потребни за да се доживее хуморот. Првиот се однесуваше на тоа дека треба да се наоѓаме во *paratelic* модот на функционирање. Следните три имаа врска со концептот на синергија. Во таа смисла, ситуацијата треба да вклучува когнитивна синергија; синергијата треба да биде таква што изгледот кој ни се чини дека е реалност е демаскиран; и реалноста што е обелоденета треба да биде на некој начин помалку вредна од изгледот. Последниот услов претпоставува дека хуморот продуцира зголемување на побуденоста.

Хуморот, всушност претставува вид на возбуда која се јавува кога се наоѓаме во *paratelic* состојбата на свест. Оттаму, зголемувањето на побуденоста ќе биде доживеано како пријатно. Хуморот често вклучува сексуална и агресивна содржина, но според Apter (1982), тие се само начин да се зголемат овие пријатни чувства на побуденост, со што хуморот изледа како посмешен. На сличен начин може да се објаснат и шегите кои вклучуваат содржина која побудува згрозеност, одвратност, гадење, со тоа што овие нормално негативни емоции се доживуваат како пријатни кога се наоѓаме во *paratelic* состојбата на свест. Зголемената побуденост се однесува на емоционалниот аспект на

хуморот. Во таа смисла, доколку шегите вклучуваат и елементи како изненадување, сексуални и агресивни теми, табуа, теми кои побудуваат одвратност и гадење, само може да придонесат за поголемо уживање во хуморот. Сепак, за разлика од гледиштето на психоаналитичката теорија, дека хуморот е начин за изразување на сексуалните и агресивните нагони во социјално прифатлив контекст, според реверзибилната теорија не значи дека секогаш мора да се присутни овие елементи. Тие се само начин да се зголеми побуденоста и хуморот да биде доживеан како посмешен. На сличен начин, кога станува збор за когнитивниот аспект, постоењето на повеќебројни синергии кои се јавуваат симултано, или во краток временски период, посебно ако се меѓусебно поврзани во комплексен спој од некомпатибилни значења, исто така ќе придонесат за зголемување на ефектот на хуморот (Coulson, 2001).

*Емпириски истражувања и евалуација*

Според Martin (2007), голем дел од претходно прикажаните истражувања, всушност се во согласност со реверзибилната теорија. Истражувањата кои посочуваат на позитивна линеарна врска помеѓу физиолошката побуденост и уживањето во хуморот, одат во прилог на реверзибилната теорија, наместо на сфаќањето за оптимално ниво на побудување. Истражувањето на Cantor et al. (1974), кое покажува дека остатокот на побуденост од позитивни или негативни емоции може да го зголеми уживањето во хуморот, исто така, е конзистентно со реверзибилната теорија. Првичните потешкотии на Nerhardt (1976) да предизвика смеење со користење на *парадигмата на проценување тежина* на испитаници кои биле на железничкла станица, посочуваат на важноста на менталниот сет на испитаниците. Според реверзибилната теорија, овие испитаници се во сериозна состојба на свест, или се насочени кон цел (да стигнат од едно место до друго). Со оглед на тоа што не дошло до промена во *paratelic* состојбата на свест (која е неопходна за хуморот), не било предизвикано смеење (Martin, 2007).

Во истражувањето на Wyer & Collins (1992) на испитаниците им биле задавани приказни кои изгледало дека зборуваат за одредена работа (пр. коментари на маж за време на сексуален однос), но потоа произлегува дека станува збор за сосема ралична работа (пр. капење на куче). Испитаниците ги доживеале приказните како смешни само кога втората интерпретација им била овозможена (пр. *Те молам донеси ми го прашокот против болви*).

Секако дека во овој случај испитаниците доживеале синергија (постојат две интерпретации на одреден текст), реалноста била демаскирана (се обелоденува дека сексуалните коментари се нешто сосема друго), додека втората интерпретација вклучува некаков вид на девалвација или минимизирање, во смисла дека капењето на куче е помалку интересно, или е тривијално, барем за повеќето луѓе, во однос на водењето љубов. Интересен е и наодот дека на оние испитаници кои им било кажано дека ќе треба да проценат колку се смешни приказните, нив ги оцениле како помалку смешни за разлика од испитаниците на кои не им било ништо кажано. Сепак, овој наод се интерпретира во согласност со постулатите на реверзибилната теорија. Испитаниците кои имале цел да ги евалуираат приказните, е помалку веројатно дека ќе се наоѓаат во *paratelic* модот на функционирање од другите испитаници, на кои не им било ништо кажано. Со други зборови, задавањето на некаква цел, макар и тоа да е проценка на тоа колку се смешни приказните, ја индуцира сериозната состојба на свест, посебно затоа што станува збор за учество во научен експеримент.

Иронично, една од предностите на реверзибилната теорија во однос на претходно изнесените теории за хуморот, е тоа што не е само теорија за хуморот (Apter, 2007). Реверзибилната теорија е една од ретките понови сеопфатни психолошки теории, која покрај другото го објаснува и хуморот. Во таа смисла, гледиштето за хуморот е ставено во еден поширок контекст. Поконкретно, се нагласува дека е несериозна, разиграна активност и со тоа се објаснува и мотивацијата често луѓето да се впуштаат и да уживаат во хуморот (Martin, 2007). Според Martin (2007), предноста на ова гледиште е и тоа што поексплицитно, за разлика од другите теории, го нагласува и социјалниот контекст во кој се јавува хуморот. Сепак, некои од постулатите на реверзибилната теорија е тешко да се проверат емпириски. Имено, да се потсетиме дека еден од предусловите за да го доживееме хуморот е да бидеме во разиграната состојба на свест. Според W. Ruch (лична комуникација со авторот, Јули, 2013) доколку не е успешна продукцијата на хуморот, секогаш застапниците на оваа теорија може да кажат дека тоа е поради неактивноста на *paratelic* модот на функционирање во одредениот момент.

**Еволуциска теорија за хуморот**

Тука ќе биде претставена еволуциската теорија за хуморот, чии автори се **Matthew Hurley, Daniel Dennett** и **Reginald Adams**[9]. Основниот постулат на оваа теорија е дека хуморот служи како механизам за корекција на грешки и се користи за отстранување на одредени грешки, или погрешни верувања, кои навлегле во нашиот свесен ум. Ова ќе стане појасно ако се согледа развојот на нивната теорија, односно претпоставките врз кои се темели теоријата.

Најпрво, се тргнува од изедначување на хумористичните стимулуси со решавањето проблеми. Имено, кога сфаќаме одреден виц, продуцираното чувство е слично со она кое го имаме кога ќе решиме некоја загатка. Во двата случаи има разрешување на неконгруентност, но емоциите се различни. Во таа смисла, чувствуваме одреден тип на задоволство од решавање на некоја загатка, додека, се смееме како реакција на одреден виц. Се посочува дека во многу јазици зборот смешно (*funny*) има и значење кое се однесува на потребата за решавање или објаснување на нешто чудно. Сепак, се прави разлика во однос на смешно, кога се однесува на *ха – ха,* и смешно, кога се однесува на *хм*, што индицира дека се случило нешто чудно или невообичаено[10] (Greengross & Mankoff, 2012). Испреплетувањето на овие две значења, авторите сметаат дека може да ни овозможи согледување на суштината на хуморот. Со други зборови, врз основа на претходно кажаното, ја градат својата еволуциска теорија за хуморот, или уште и наречена теорија за отстранување на грешки.

Како што беше напоменато, суштината на хуморот се согледува во „корекција на грешки". Еволуциската оправданост на постоењето на ваков механизам е очигледна. Имено, нам ни е потребен само-корегирачки механизам кој ќе ги филтрира информациите кои го попречуваат нашето функционирање или не доведуваат до погрешни заклучоци (Greengross & Mankoff, 2012). Еволуцијата ни овозможила препознавањето на овие

[9]Теоријата е претставена во нивната книга *Inside Jokes: Using humor to reverse-engineer the mind* од 2011 година. Треба да се напомене дека постојат и претходни теории кои го објаснуваат хуморот од еволуциски аспект (Weisfeld, 1993, Gervais & Wilson, 2005, Alexander, 1986, Miller, 2000, преглед кај Martin, 2007).

[10]Во македонскиот јазик еквивалент на употребата на зборот смешно, во смисла на *хм*, е зборот *интересно*. Сепак, и во нашиот јазик се користи *интересно* и кога се мисли на нешто смешно. На пример, за некоја комедија (филм, театарска претстава, па дури и виц), може да се каже дека е интересна (а притоа да се мисли на смешна).

погрешни верувања да е смешно, па затоа и смислата за хумор има еволуциско-адаптивна улога (Li, 2015).

Може да се забележи сличност со теориите на неконгруентност, но секако дека не би можело овие гледишта да се изедначат. Така на пример, вицот подолу, кој е анализиран и од аспект на теориите за неконгруентност (види стр. 34 и 39), е различно објаснет од еволуциската теорија:

*Извинете, дали е докторот дома? – „Не"- одговорила неговата привлечна и млада сопруга, додавајќи „Ајде, влези".*

Од аспект на еволуциската теорија, несвесно претпоставуваме дека ова се однесува на посета на доктор, наместо на љубовен состанок. Сепак, сфаќаме дека е погрешно верување и го реинтерпретираме вицот за да има смисла (Greengross & Mankoff, 2012). Според Hurley et al. (2011), неконгруентноста во стимулусите не го предизвикува хуморот, туку често има улога во откривање и деконструкција на погрешните „ментални простори"[11]

Теоријата на Hurlet et al. е опсежна за подетално да биде прикажана во овој преглед. Тука би можело само да се наведат нивните дваесет прашања, кои сметаат дека се неопходни една сеопфатна теорија за хуморот да ги одговори (Hurley et al., 2011, стр. 58-60):

1. Дали е хуморот адаптација?
2. Од каде потекнува хуморот?
3. Зошто хуморот е присутен во нашата комуникација?
4. Зошто чувствуваме задоволство во хуморот?
5. Зошто имаме чувство на изненадување во хуморот?
6. Зошто просудувањето е сеприсутна компонента во содржината на хумористичните стимулуси?
7. Зошто хуморот често се користи за омаловажување?
8. Зошто хуморот многу често укажува на одреден неуспех?
9. Зошто во хуморот имаме чувство на смисла во бесмислата?

---

[11]Под *ментален простор* (mental space), се подразбира "регион во работната меморија каде активираните концепти и перцепти се семантички поврзани во холистички модел за разбирање на ситуациите" (Hurley et al., стр. 97)

10. Доколку неконгруентноста го предизвикува хуморот, како го прави тоа?
11. Зошто единствено се смееме на луѓе или на антропоморфизирани објекти?
12. Што е точно во претпоставката на Bergson дека механичкото однесување е хумористично?
13. Зошто хуморот може да се користи како социјален коректив?
14. Што е она што ја соединува широката разновидност на различни видови хумористични стимулуси?
15. Како играта е поврзана со хуморот?
16. Која е врската меѓу решавањето проблеми, откритијата и хуморот?
17. Зошто толку интензивно го посакуваме хуморот?
18. Што претставува необичната специфичност која често ја согледуваме во хуморот?
19. Што е она што е општо во хуморот?
20. Зошто постојат полови разлики во хуморот?

*Емпириски истражувања и евалуација*

Евидентно е дека Hurley et al. (2011), поставуваат, но и даваат одговор на многу релевантни прашања за хуморот. Сепак, Greengross & Mankoff (2012), посочуваат дека одредени суштински прашања изостануваат во нивната теорија, како на пример: каква е врската помеѓу хуморот и смеењето? Зошто нашето доживување и уживање во хуморот се менува во зависност од нашето расположение или некои други ситуациски фактори? Зошто, покрај универзалноста на хуморот, постојат систематски разлики во однос на тоа што индивидуите и различните култури го сметаат за смешно? Следствено, Greengross & Mankoff (2012), сметаат дека поставените прашања имаат за цел да ги постават темелите само за когнитивно-еволуциската теорија за хуморот.

Hempelmann (2013) смета дека главниот проблем на еволуциските објаснувања кои не оставаат фосилен доказ, е дека секогаш ќе бидат не-самоконтрадикторни. Во таа смисла, тврдењата се недокажливи, односно не е теорија во вистинска смисла на зборот. Според него, може да се истражува смеењето и насмевнувањето кај приматите кои се блиски до луѓето, и да се дадат претпоставки за нивната функција, како на пример игриво борење наместо вистинско. Сепак, смета дека хуморот (како својство на текст, когнитивен

процес, црта на личноста, емоција, поглед на светот, или варијабла на културата) е многу покомплексен за да му се препише една функција. Тука се мисли на когнитивната функцијата „корекција на грешки", која Hurley et al. (2011) сметаат дека овозможува еволуциска предност. Од друга страна, Hemplemann (2013) посочува дека во иста мера е возможно дека хуморот е само артефакт, кој е без функција, а е настанат како спореден продукт на системи кои имаат одредена функција.

Според Li (2015), постојат студии кои зборуваат за феноменот *конфирмациска пристрасност*, како поларизација на ставови (Lord, Ross & Lepper, 1979), или перзистенција на дискредитирани верувања (Ross & Anderson, 1982), што покажуваат дека луѓето се пристрасни во однос на препознавање на нивните грешки. Во таа смисла, Li (2015) заклучува дека „доколку одреден механизам еволуирал за да не охрабрува да ги препознаваме нашите сопствени грешки, тогаш не функционира многу ефикасно" (стр. 10). Дополнително, Li (2015) укажува на тоа дека според теоријата на Hurley et al. (2011), би требало да очекуваме дека ефектот на хуморот треба да опадне како се повторува одредена шега. Сепак, постојат одредени студии кои покажуваат дека ова не е секогаш така. На пример, Belch & Belch (1984) покажале дека ниски и средни нивоа на повторување, ја зголемиле евалуацијата на хумористични реклами, но високо ниво на повторување ја намалило. Слично, Zhang & Zinkhan (1991), утврдиле дека хуморот кај телевизиските реклами не е поврзан со повторното гледање. Оттука, доколку хуморот на одреден начин ги искористува нашите очекувања, би требало да не ги создаваме повторно истите очекувања (според Li, 2015).

Може да се заклучи дека за потврда на оваа релативно нова теорија се потребни емпириски истражувања. Конкретни студии би требало да покажат дали хуморот навистина еволуирал како механизам за откривање/отстранување на грешки. Теоријата сепак нуди доста хипотези (види Hurley et al., 2011, стр. 177-182) кои би можело да се тестираат во понатамошни истражувања, особено со развојот на невронауката (Greengross & Mankoff, 2012).

## Смисла за хумор и категоризација на хумористичните стимулуси

Целта на прегледот на некои од повлијателните психолошки теории за хуморот не беше да се издвои најдобра теорија. Евалуацијата на теориите ниту треба да биде во насока дали одредена теорија е точна или погрешна, туку врз основа на нејзината корисност и можноста да се генерираат хипотези кои се емпириски проверливи (Martin, 2007). Прегледот на теориите е важен за да се даде поширок контекст на таксономијата на **Willibald Ruch**. Како што ќе видиме, именувањето на факторите ги зема предвид теориските расмислувања за хуморот. Сепак, пред да биде разгледана оваа таксономија, неопходно е да се дефинира конструктот *смисла за хумор* и да се прикажат некои од претходните, теориски и емпириски, обиди за категоризација на хумористичните стимулуси.

Смислата за хумор претставува црта на личноста, или варијабла која укажува на индивидуални разлики (Martin, 2007). Од различни истражувачи, овој конструкт е доста различно и концептуализиран. Martin (2007) издвојува некои од значењата:

- *Вообичаен модел на однесување* (се мисли на тенденција често да се смееме, да кажуваме шеги и да ги забавуваме другите);
- *Способност* (креирање на хумор, забавување на другите, сфаќање на шеги и помнење на шеги);
- *Црта на темпераментот* (веселост, разиграност);
- *Естетски одговор* (уживање во одреден тип на хумористичен материјал);
- *Став* (позитивен став спрема хуморот и хумористични луѓе);
- *Светоглед* (несериозен поглед на светот), и
- *Стратегија за справување или одбранбен механизам* (тендеција да се задржи хумористична перспектива кога сме соочени со непријатност).

Надвор од опсегот на докторскиот труд е да се даде подетален приказ на сите овие различни гледишта. Martin (1998) дава поопширно разгледување на овие концептуализации, за да заклучи дека смислата за хумор е мултидимензионален конструкт и предлага тридимензионален модел. Овој модел опфаќа *когнитивна, емоционална* и *мотивациска* компонента. Од интерес на докторската дисертација е лоцирање на таксономијата на Willibald Ruch во значењето на смислата за хумор како естетски одговор.

Сепак, како што беше напоменато, пред да биде прикажана неговата категоризација на хумористичните стимулуси, ќе биде даден краток преглед на претходните обиди за категоризација. Најпрво, ќе бидат прикажани одредени теориски пристапи, а потоа ќе бидат разгледани и категоризации кои вклучуваат користење на факторска анализа.

**Теориски пристапи**

Теориските пристапи се засновани на издвојување на одредени содржински категории кои вообичаено произлегуваат од одредени теории за хуморот. Хумористичните стимулуси биле категоризирани од страна на експериментаторот, или други експерти, врз основа на нивната содржина. Инструментите кои биле креирани се користени за проверка на одредената теорија. Тука може да се издвојат обидите за проверка на психоаналитичката теорија и теориите на супериорност (Martin, 2007).

За проверка на психоаналитичката теорија, Levine et al. (1951) користеле 36 визуелни шеги кои биле оценети според тоа дали вклучуваат сексуални или агресивни теми. Како потсетување, позитивните и негативните одговори во однос на хумористичните стимулуси се сметало дека се однесуваат на несвесни потреби и неразрешени конфликти (според Martin, 2007).

Правени се и истражувања кои го поврзувале преферирањето на хумор со одредена тема и одредени лични карактеристики. На пример, Wilson & Patterson (1969) нашле позитивна поврзаност помеѓу екстравертноста и допаѓањето на хуморот со сексуална содржина. Во друга студија (Grziwok & Scodel, 1956), утврдено е дека индивидуите кои преферирале вицеви со сексуална и агресивна содржина во однос на интелектуален хумор, имале пониски скорови на мерки за интелектуални вредности и повисоки скорови за екстравертност (според Martin, 2007).

Инструменти за доживување на хуморот биле развиени и со цел да се проверат теориите на супериорност. Тука, хумористичните стимулуси содржеле агресивен (непријателски) хумор и повторно се категоризирани од страна на истражувачите. Заклучокот од овие истражувања, кои беа прикажани во поглавјето за теориите на супериорност, беше дека уживањето во хуморот каде има омаловажување, треба да вклучува и одредено ниво на антипатија спрема жртвата во шегата (Martin, 2007).

Според Martin (2007), истражувањата кои се засновани на содржински категории биле повеќе популарни пред 1980-те години, иако посочува дека и во поново време може да се издвојат вакви обиди. Поконкретно, овие истражувања вклучуваат испитување на доживувањето на одреден тип на шеги, како на пример *болни* шеги (Herzog & Karafa, 1998), *сексистички* хумор (Greenwood & Isbell, 2002), или хумор кој вклучува *заземање на перспектива* (Lefcourt et al., 1997, според Martin, 2007).

Една од главните критики на ваквиот пристап на категоризација на хумористичните стимулуси е дека истражувачите, вообичаено, не даваат показатели за релијабилноста и валидноста на нивните класификации (Ruch, 1992).

**Емпириски пристапи**

Овие категоризации вклучуваат користење на факторска анализа за да се развие таксономија на хуморот. Наместо појдовната точка да е одредена теорија, се развива теорија врз основа на емпириски издвоени фактори (Martin, 1998). Тука ќе бидат прикажани истражувањата, односно категоризациите, на пионерите на психолошката наука, **Hans Eysenck** и **Raymond Cattel**.

Eysenck (1942) е еден од првите истражувачи кои користеле факторска анализа за утврдување на категориите на хуморот. Како стимулуси користел вицеви, вербални шеги и неконгруентни фотографии кои им ги задал на 16 субјекти. Задачата на испитаниците била да ги подредат според комичноста и да означат кои хумористични стимулуси им се допаѓале. Биле издвоени три специфични фактори според кои може да се класицифира смислата за хумор. Факторите биле именувани како: (1) допаѓање на *сексуални* наспроти *несексуални* шеги; (2) допаѓање на *едноставни* наспроти *комплексни шеги*; и (3) допаѓање на *персонализирани* наспроти *неперсонализирани* шеги. Во истражувањето, на испитаниците им биле зададени и мерки за одредени црти на личноста. Резултатите од корелациската анализа на факторите на хуморот и цртите на личноста дале интересни наоди. Имено, изразеноста на екстравертните црти (мерени преку *Скала за социјална срамежливост*), била поврзана со преферирање на сексуални и едноставни шеги. Од друга страна, изразеноста на интровертни црти, била поврзана со преферирање на комплексни и несексуални шеги (според Martin, 1998).

Cattell & Luborsky (1947) развиле таксономија на хуморот со користење на факторска анализа, која сепак била инспирирана од психоаналитиката теорија. Најпрво, собрале 100 вицеви кои сметале дека се репрезентативни за широк спектар на хуморот и релативно применливи во различни култури. Овие вицеви им биле зададени на 100 испитаници (50 машки и 50 женски), кои ги проценувале во однос на комичноста во две различни прилики. Анализата, најпрво покажала 13 кластери на вицеви кои имале соодветна внатрешна конзистентност и тест-ретест релијабилност. Скоровите на испитаниците на секој од овие кластери биле анализирани со користење на факторска анализа. Издвоени биле 5 ортогонални фактори, кои привремено биле именувани како: (1) *добродушно самоистакнување* (good-natured self-assertion); (2) *бунтовна доминантност* (rebellious dominance); (3) *лежерна сензуалност* (easygoing sensuality); (4) *резигнирано потсмевање* (resigned derision); и (5) *учтива софистицираност* (urbane sophistication). Овие кластери и фактори, се сметало дека може да кореспондираат со 12 од 16-те генерални фактори на личноста кои биле претходно идентификувани од страна на Cattell (1947, според Martin, 2010). Сепак, подоцнешните обиди да се реплицираат овие наоди не биле успешни (Yarnold & Berkeley, 1954, според Martin, 1998).

Според Martin (2007), овие истражувања имаат повеќе методолошки недостатоци и користеле многу мали примероци. Може да се каже дека истражувањата на Willibald Ruch, ги надминуваат овие недостатоци и неговата таксономија е најприфатена во современата психологија за хуморот. Во наредното поглавје ќе биде детално прикажан развојот на оваа таксономија, која исто така се базира на употреба на факторска анализа.

*Таксономија на Willibald Ruch*

Оваа таксономија се базира на повеќе истражувања кои доведуваат до конструкција на *3WD (Witz-Dimensionen) тестот за хумор.* Пред да бидат прикажани истражувањата, важно е да се напомене дека терминот димензии на хуморот се изедначува со фактори, категории, или видови на хумор. Најпрво, ќе бидат презентирани истражувањата кои доведуваат до издвојување на трите димензии на хуморот, а потоа ќе биде разгледано одвојувањето на двата аспекти на реагирање на хуморот.

*Димензии на хуморот*

Првичниот примерок на вицеви и визуелни шеги се состоел од 600 ајтеми кои биле избрани од најразлични извори. Одредени хумористични стимулуси биле селектирани врз основа на различните хумористични категории дискутирани во дотогашната литература, додека други биле случајно избрани. За првата студија (Ruch, 1980, според Ruch, 1992) секој шести хумористичен стимулус бил случајно избран. Овие 100 хумористични стимулуси им биле зададени на 156 испитаници кои имале за задача да ги проценат на седумстепена скала (0 = воопшто не е смешен; 6 = многу е смешен) за комичност. Врз основа на факторска анализа, примерокот на хумористични стимулуси бил редуциран на 48 ајтеми. Во следната студија (Ruch, 1981, според Ruch, 1992), овие 48 ајтеми им биле зададени на 110 испитаници кои ги проценувале врз основа на пет критериуми (комичност, одбивност, веселост, смеење и допаѓање). Факторската анализа покажала три ортогонални фактори (димензии) на хумористичните стимулуси и два аспекти на реакции на хуморот.

Во однос на димензиите на хумористичните стимулуси, тие биле именувани како: **разрешување на неконгруентност** (РН), **бесмислен** хумор (Б), и **сексуален** хумор. Во РН хуморот, суштината е во тоа што најпрво ја откриваме неконгруентноста што може целосно да се разреши доколку ги земеме предвид информациите дадени во хумористичниот стимулус. Со други зборови, вицевите и визуелните шеги од овој вид на хумор содржат поента која овозможува изненадувачката неконгруентност да биде целосно разрешена. Најпрво откриваме неконгруентност, но доколку ги земеме предвид информациите дадени во хумористичниот стимулус, доаѓа до нејзино целосно разрешување. Иако може да постои разлика меѓу индивидуите во однос на тоа како ја перципираат и разрешуваат неконгруентноста, сепак „постои чувство на сфаќање на поентата” на хумористичниот стимулус (Ruch, 1992). Дополнително, Ruch (1992) посочува дека издвојувањето на овој фактор е значајно со оглед на тоа што ја потврдува важноста на неконгруентноста и нејзиното разрешување, кое е нагласено во одредени теориски модели (Suls, 1972; Shultz, 1972). Пример за хумористичен стимулс, кој е содржан во 3WD тестот за хумор (Ruch, 1983), е следниов виц:

*Расеаниот професор завршил со јадењето, ја платил сметката и станал од масата. Две минути подоцна, се вратил на масата и го побарал менито. „Но вие само што јадевте," рекол келнерот. „Ах," рекол професорот, „тие проклети вртечки врати."*

Во PH хуморот може да се каже дека постои одреден проективен елемент, бидејќи суштинските работи во овие шеги не се експлицитно кажани, па така тие треба да бидат дополнети од примателот. Разрешувањето на неконгруентноста често подразбира припишување на одредени мотиви и црти (на пример, скржав, злобен, глупав, расеан, итн.) на карактерите кои се споменуваат во шегата (Ruch, 2001).

Кај бесмислениот хумор, исто така има изненадувачка или неконгруентна поента. Сепак, информацијата која е дадена во поентата може: „1) воопшто да не овозможува разрешување на неконгруентноста, 2) да даде само делумно разрешување, или, 3) да создаде нови апсурдности или неконгруентности" (McGhee, Ruch & Hehl, 1990, според Ruch, 1992, стр. 30). Во овој вид хумор, разрешувањето на неконгруентноста само навидум има смисла, но тоа не значи дека бесмислениот хумор е неразбирлив. Всушност, уживањето произлегува од играта со апсурдни идеи, или контрастот помеѓу смислата и бесмислата (McGhee et al., 1990). Конкретен пример е следниот хумористичен стимулус, кој исто така е вклучен во 3WD тестот:



Сексуалниот хумор се однесува на хумористични стимулуси кои вклучувале сексуална содржина. Според Ruch (2001), првите два фактори се однесуваат на структурните својства на хуморот или начинот на кој се процесираат. Во РН хуморот има „дво-фазна структура во процесот на перципирање и разбирање на хуморот опишана од Suls (1972)" (Ruch, 2001, стр. 421). Со оглед на тоа дека хумористичните стимулуси од првиот фактор се во согласност со овој модел на хуморот, тој и бил именуван како *разрешување на неконгруентноста.* Во бесмислениот хумор, откако ќе биде детектирана неконгруентноста, примателот на хумористичниот стимулус е „заведен дека постои разрешување, само за подоцна да открие дека она што имало смисла за одреден момент, всушност нема вистинска смисла" (Ruch, 2001, стр. 422). Треба да се напомене дека хумористичните стимулуси во овие два фактори се со најразлична содржина. Од друга страна, единствен фактор каде содржината на хумористичните стимулуси била важна, е сексуалниот хумор. Повеќето од овие хумористични стимулуси со сексуална содржина, имале и второстепени заситувања на едниот или другиот структурен фактор, во зависност од тоа дали хумористичниот стимулус содржел неконгруентност која може да биде целосно, или само делумно, разрешена. Во однос на ова, Martin (2007) заклучува дека уживањето во хуморот е првенствено под влијание на тоа дали неконгруентноста е, или не е, разрешена.

Дистинкцијата помеѓу двата структурни фактори е во соласност и со поделбата на Rothbart & Pien (1977), кои прават разлика помеѓу *возможни* и *невозможни* неконгруентности, и *целосно* и *делумно* разрешување.

*Возможните* неконгруентности содржат елементи кои се неочекувани и необични, но се возможни, како на пример, угледен човек да се лизне на кора од банана. *Невозможните* неконгруентности, пак, содржат елементи кои се неочекувани, но и невозможни во однос на нашето знаење за светот. Пример е вицот каде што се вели: *Зошто прасето плаче? – Бидејќи мајка му е свиња.* Тука има невозможна неконгруентност во прашањето кое претпоставува дека прасињата може да плачат.

*Целосно* разрешување имаме кога некогруентноста може потполно да биде отстранета или разрешена, ако се земат предвид информациите кои се однесуваат на разрешувањето на неконгруентноста. *Делумното* разрешување само навидум има смисла, бидејќи ситуацијата е невозможна.

Ruch (2001) посочува дека невозможните неконгруентности, каде може да има само делумно разрешување, се карактеристични за бесмислениот хумор. Од друга страна, возможните неконгруентности, каде разрешувањето на неконгруентноста е целосно, се карактеристични за РН хуморот.

Издвоените димензии на хуморот, кои првично се добиени на примероци од Австрија, досега се реплицирани во многу земји. Преведени верзии на *3WDтестот* им биле зададени на испитаници од Германија, Франција, Англија, Израел и Италија. Ruch & Hehl (1998) покажале дека факторската структура била слична на ниво на фактори, но и на ниво на индивидуални вицеви и визеулни шеги.

Направени се и истражувања кои користеле разлини хумористични стимулуси од оние кои се застапени во *3WD тестот*. Carretero-Dios et al. (2009; 2010) конструирале *Скала за проценка на хуморот* (Humor Appreciation Scale[12]). Во овој инструмент, задржани се двете структурни димензии на хуморот, заедно со сексуалниот хумор, но се додаваат уште три содржински димензии: *црн хумор, хумор кој ги омаловажува мажите* и *хумор кој ги омаловажува жените.* Треба да се напомене дека во нивната фактроска анализа на хумористичните стимулуси, се покажало дека е посоодветно користење на косо ротирана матрица (*oblique*), наместо ортогонална (*varimax*), која е презентирана во истражувањата на Ruch (1992).

Истражувањето на Galloway & Chirico (2008), се фокусира на структурните димензии на хуморот и користи само вицеви. Во ова истражување, меѓудругото, се потврдува дистинкцијата помеѓу хуморот РН и бесмислениот хумор, кои се издвоени како ортогонални фактори.

Првенствено за потребите на докторскиот труд, е изработена и *Скала за проценка на структурата на хуморот* (Sulejmanov et al., 2018), која прави дистинкција помеѓу двете структурни димензии на хуморот. Во скалата се вклучени вицеви кои се застапени во наш општествен контекст и се селектирани од најразлични извори (весници, интернет портали, директно од студенти). Овој инструмент ќе биде користен во истражувањето, а подетално е опишан во поглавјето Инструменти.

Може да се заклучи дека таскономијата на Willibald Ruch е валидна, односно е соодветна за многу различни култури. Со други зборови, „луѓето во различни земји се

[12]Оригиналниот, шпански, назив на оваа скала е *Escala de Apreciación del Humor* (EAHU).

еднакво сензитивни на дистинкцијата помеѓу различните нивоа на разрешување" (Ruch & Hehl, 1998, стр. 117).

*Реакции на хуморот*

Со користење на факторска анализа биле испитани и реакциите на хуморот (Ruch, 1981, Ruch, Rath & Hehl, 1988, Rath, 1983, преглед кај Ruch, 1992). Резултатите покажале дека доживувањето на хуморот е определено од две речиси ортогонални компоненти на позитивни и негативни реакции. Овие компоненти најдобро се претставени од проценките на *комичноста* и *аверзивноста* (Ruch, 1992). Позитивните реакции на хуморот ги спојуваат перцепцијата на својствата на стимулусот (пр. смешен, досетлив, оригинален) и индуцираните чувства (забава, веселост) (Ruch & Rath, 1993). Дополнително, истражувањата на фацијалните експресии (Ruch, 1995) посочуваат дека проценката на комичноста или доживеаната забава, се поврзани со насмевнувањето и смеењето. Во таа смисла, „реакциите на хуморот се концептуализирани како емоција која го опфаќа искуственото ниво, однесувањето и физиологијата (Ruch, 1993, според Ruch, 2008, стр. 51). Негативните реакции на хуморот се определени од два кластери. Првиот се однесува на поблаги (обичен, здодевен) и посилни (невкусен, чувство на гнев) форми на аверзивни реакции. Сепак, со оглед на тоа што овие кластери имале висока корелација меѓусебе, се смета дека е доволно негативните реакции да бидат застапени само со една скалаво *3WD тестот*, односно скалата за аверзивност (Ruch, 1992).

Според ова, проценката на хуморот кај одреден субјект може да се опише со *2X3* модел (аспекти на одговор X димензии на хумористични стимулуси). Во таа смисла, може да се одредат скорови за проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност (**РН***комичност*), проценката на комичноста на бесмислениот хумор (**Б***комичност*) и проценката на комичноста на сексуалниот хумор (**СЕКС***комичност*). Три засебни скора може да се одредат и за проценката на аверзивноста. Дополнително може да се одреди и т.н. *индекс на преферирање на структура*, кој се добива со одземање на скоровите за комичноста на **РН** и **Б** (**РН***комичност* – **Б***комичност*). Секако, овој индекс може да се пресмета и на спротивниот начин (**Б***комичност* – **РН***комичност*), со што ќе посочува на преферирање на недостаток на структура во хумористичните стимулуси.

## Петфакторски модел на личноста

Во психологијата на личноста, познат е пристапот на идентификување на основните пет димензии на личноста, или како што уште се нарекуваат „големите пет". Најпознат е петфакторскиот модел (Five Factor Model – FFM) на **Costa & McCrae** (1985; 1992), кој дава одговор на прашањето за основната структура на личноста. Претходно, може да се издвојат неколку обиди за утврдување на основните личносни димензии. Во таа смисла, Cattell (1965) утврдил 16 личносни фактори, додека, Eysenck (1952; 1967; 1982) наведува постоење на три фактори, односно **екстравертност**, **невротицизам** и **психотичност**. Моделот на Cattell се смета за премногу сложен, а пак оној на Eysenck за ограничен. Што се однесува до петфакторскиот модел на Costa & McCrae, повеќето теоретичари сметаат дека е најприфатливо решение (Feist & Feist, 2006). Мора да се напомене дека постојат критики, но и посочување за потреба за проширување на овој модел (види Myers, 1995). Според овој модел, петте основни димензии на личноста се:

- **Невротицизам**– се однесува на тешкотии во однос на емоционално приспособување и нестабилност.
- **Екстравертност**– претставува тенденција кон активност, ориентираност кон оптимизам и забава.
- **Отвореносткон искуства**– се определува како активна потрага кон нови искуства.
- **Согласност**– претставува просоцијална насоченост.
- **Совесност**– се однесува на степенот на самоорганизација, истрајност и самоконтрола (Серафимовска и Марковиќ, 2014).

Треба да се нагласи дека станува збор за биполарни црти, односно континуум помеѓу два екстреми. Секоја од петте димензии е составена од шест аспекти (фацети). Во Табела 1 е даден преглед на основните содржини на аспектите на димензиите, додека потоа подетално ќе биде разгледана отвореноста кон искуства, со оглед на тоа што оваа црта е релевантна за докторскиот труд.

Табела 1. *Димензии, аспекти и основни содржини на аспектите на петтофакторскиот модел на личноста*[13]

| Димензии и аспекти на димензии | Знак | Основни содржини на аспектите на димензиите |
|---|---|---|
| НЕВРОТИЧНОСТ | Н | |
| Анксиозност | Н1 | страв, загриженост, напнатост |
| Хостилност (непријателство) | Н2 | чувство на гнев, фрустрираност, иритираност и огорченост |
| Депресија | Н3 | чувство на вина, тага, беспомошност и осаменост |
| Вознемирувачка окупираност со себе | Н4 | срам, вознемиреност, непријатност во контактот со другите луѓе, чувствителност на озборување, тенденција кон чувството на инфериорност |
| Импулсивност | Н5 | неможност да се контролираат импулсите и нагоните |
| Вулнерабилност | Н6 | чувствителност на стрес, слаб капацитет |
| ЕКСТРАВЕРТНОСТ | Е | |
| Топлина | Е1 | емоционалност, пријателска настроеност, лесно формирање на емотивни врски, наклонетост кон другите луѓе |
| Желба за дружење | Е2 | желба за дружење, тенденциозност да се биде опкружен со други |
| Самоувереност | Е3 | доминација, сила, социјален пораст |
| Активитет | Е4 | брзо темпо, движења исполнети со енергија, тенденција постојано нешто да се прави |
| Потрага за возбуда | Е5 | желба за возбуда и стимулација |
| Позитивни емоции | Е6 | тенденција да се почувствуваат позитивни емоции како што се: радост, среќа, љубови возбудување |
| ОТВОРЕНОСТ | О | |
| Фантазија | О1 | жива имагинација, чести дневни фантазии како начин на креирање на интересен внатрешен свет |
| Естетика | О2 | наклоност кон убавото и уметноста |
| Чувства | О3 | рецептивност на сопствените емоции, вреднување и длабоко проживување на искуството |
| Акција | О4 | желба да се пробаат различни активности, преференција на ново |
| Идеи | О5 | интелектуална љубопитност, отвореност на умот, желба за нови неконвенционални идеи |
| Вредности | О6 | отвореност кон нови вредности, подготвеност за преиспитување на социјалните, политичките и религиозните вредности |
| СОРАБОТЛИВОСТ | А | |
| Доверба | А1 | верување дека другите луѓе се чесни и добронамерни |
| Искреност | А2 | искреност, чесност, честитост |
| Алтруизам | А3 | активна грижа за доброто на другите, несебичност, подготвеност да им се помогне на другите |
| Попустливост | А4 | инхибиција на агресивност, почитување на другите, тенденција да се прости и да се заборави, благост и добронамерност |
| Скромност | А5 | скромност, повлеченост |
| Благ темперамент | А6 | симпатија и грижа за другите, нагласување на хуманите аспекти на социјалната политика |
| СОВЕСНОСТ | С | |
| Компетенција | С1 | чувство на сопствена ефикасност, сила, способност, доверба во себе |
| Ред | С2 | чистота, уредност, добра организираност |
| Должност | С3 | однесување водено од чувството на должност, доследно прифаќање на етичките принципи и скрупулозно исполнување на моралните обврски |
| Тежнеење кон постигнување | С4 | високо ниво на аспирација, подготвеност напорно да се работи за да се постигне определена цел |
| Самодисциплина | С5 | способност да се почне и да се истрае во работата и покрај здодевност или тешкотии; самомотивација во цел завршување на почната работа |
| Промисленост | С6 | диспозиција внимателно да се промислува пред да се тргне во акција |

[13]Табелата е преземена од Серафимовска и Марковиќ (2014).

**Отвореност кон искуства**

Како што може да се види од Табела 1, отвореноста кон искуства е составена од шест аспекти: *фантазија, естетика, чувства, акција, идеи* и *вредности.* Оттука, индивидуите со висока отвореност кон искуства се љупобитни, креативни, подготвени за забава, насочени се кон нови идеи и неконвенционални вредности. Отвореноста се однесува и на активно барање на искуства што личноста ги доживува со задоволство (Серафимовска и Марковиќ, 2014). Од друга страна, на другиот екстрем се индивидуите кои „живеат цврсто на земја", не се заинтересирани за уметноста, имаат ограничен афект, недостаток на љубопитност и имаат традиционални вредности (McCrae & Sutin, 2009). Во основа, „отвореноста е интрапсихичка варијабла која е поврзана со езотерични феномени, како *наежување* како одговор на изненадувачка убавина (McCrae, 2007), или доживување на *дежа ву*" (McCrae, 1994) (според McCrae & Sutin, 2009, стр. 257). Според McCrae & Sutin (2009), отвореноста кон искуства не е когнитивна диспозиција, ниту е димензија на социјално однесување. Сепак, оваа црта има длабоки последици во однос на социјалното однесување, кои се посредувани преку когнитивните процеси. Во таа смисла, се посочува дека отвореноста има влијание на формирањето на социјалните ставови, изборот на пријатели и политичката активност.

Отвореноста кон искуства, како и останатите димензии, е определена од наследството. Yamagata et al. (2006) наведуваат дека аспектите на отвореноста се согледуваат на генетско и фенотипско ниво. Со други зборови, „луѓето кои се интелектуално љубопитни, исто така имаат тенденција да бидат имагинативни и сензитивни кон уметноста, делумно затоа што истите гени ги обликуваат овие аспекти" (според McCrae & Sutin, 2009, стр. 259). Иако оваа црта е стабилна кај возрасните индивидуи (Terracino, Costa & McCrae, 2006), постои тренд на матурација, односно се зголемува во раната адолесценција (отприлика до 20-те години), а потоа постепено опаѓа (McCrae et al., 2005; според McCrae & Sutin, 2009).

## Барање сензации

Конструктот барање сензации е развиен во почетокот на 60-те години на минатиот век (Zuckerman et al., 1964). Оттогаш, во неколку наврати е ревидиран самиот конструкт, а следствено и неговата операционализација (Farley, 1967, Zuckermann & Link, 1968, Zuckerman, 1971, Zuckerman et al., 1978, според Haynes, Miles & Clements, 2000). Дополнително, Arnett (1994) нуди нова концептуализација и нов инструмент за мерење на овој конструкт. Во ова поглавје, најпрво ќе биде претставено сфаќањето за барањето сензации на **Marvin Zuckerman**, додека пак, потоа подетално ќе биде прикажана концептуализацијата на **Jefrey Arnett**, која е и користена во докторскиот труд.

### Концептуализација на Marvin Zuckermann

Барањето сензации претставува црта на личноста и се дефинира како „потреба за различни, нови и комплексни сензации и искуства и спремност за преземање физички и социјални ризици поради таквите искуства" (Zuckerman, 1979, стр. 10). Според Zuckerman (1979), барањето сензации е мултидимензионален конструкт. Утврдени биле четири компоненти, кои биле именувани како: (1) *возбуда и барање авантура*, се однесува на желба да се бараат сензации преку ризични активности или спортови кои се поврзани со невообичаени сензации (пр. скокање со падобран или нуркање); (2) *барање искуства,* подразбира барање на стимулации преку умот и сетилата, односно преку уметноста, патувања, дури и земање на психоделични дроги, музика и желба да се има неконвенционален животен стил; (3) *дезинхибиција,* претставува барање на сензации преку конзумирање алкохол, одење на забави, коцкање и сексуална разновидност; (4) *подложност на здоведност,* се однесува на висока аверзија на здодевноста која е предизвикана од отсуство на стимулации (според Carretero-Dios & Ruch, 2010).

Голем број на истражувања го поврзуваат барањето сензации со одредени ризични однесувања. Во таа смисла, се покажало дека барањето сензации е поврзано со конзумирање на алкохол (Schwarz, Burkhart & Green, 1978; Andrew & Cronin, 1997), користење на дроги (Satinder & Black, 1984) и ризично возење (Zuckerman & Neeb, 1980) (според Arnett, 1994). Дополнително, утврдени се полови и возрасни разлики во барањето

сензации (Zuckerman, 1994). Поконкретно, машките се повеќе склони кон барање сензации за разлика од женските и барањето сензации опаѓа со зголемување на возраста.

Важно е да се напомене дека концептуализацијата на Zuckerman ја нагласува биолошката основа на барањето сензации. Тука се нагласува улогата на моноамино-оксидазата (МАО), чие ниво во голем дел е генетски одредено. Дополнително, барањето сензации е поврзано со повисоко ниво на тестостерон и со тоа се објаснуваат половите разлики во барањето сензации (Daitzamn et al., 1978, Zuckerman, 1994, според Beck, 2003).

**Концептуализација на Jeffrey Arnett**

Arnett (1994), во ревидирање на конструктот барање сензации, поаѓа од недостатоците на *Скалата за барање сензации* (Zuckerman et al., 1978). Истакнати се четири недостатоци на инструментот. Прво, скалата користи одговарање со принуден избор, што може да биде фрустрирачки и збунувачки за одредени испитаници кои сметаат дека двата (или, пак, ниеден) од одговорите се однесуваат на нив. Второ, одредени ајтеми посочуваат на напорни физички активности (скијање, планинарење), што ја доведува во прашање претпоставката дека возрасните разлики во одговорите се одраз на возрасни разлики во нивото на барање сензации, наместо возрасни разлики во физичка сила и издржливост. Трето, одредени зборови кои се дел од оваа скала се смета дека се застарени (пр. *хипици*, *џет сет*), односно посочуваат на идиоми кои биле карактеристични за 1960-те и 1970-те години (периодот кога инструментот бил конструиран). Четвртата забелешка се однесува на тоа дека скалата на Zuckerman содржи голем број на ајтеми за користење на алкохол, дроги и разновидни сексуални однесувања. Ова ја доведува во прашање врската на барањето сензации со овој тип на однесувања (Arnett, 1994).

Имајќи ги предвид овие недостатоци на скалата за барање сензации, Arnett (1994) укажува на потребата за конструирање на нов инструмент. Дополнително, се нуди и нова концептуализација на конструктот, која е различна од онаа на Zuckerman. Оваа разлика се согледува во два аспекти. Прво, барањето сензации, како што го дефинира Zuckerman, е означено како барање на нови и комплексни стимулации. Од друга страна, Arnett (1994) го дефинира конструктот барање сензации како потреба за *нови* и *интензивни* стимулации. Во таа смисла, *Арнетовиот инвентар за барање сензации* е составен од две субскали: *интензитет* (се однесува на интензитетот на стимулација на сетилата), и *новитет*

(составена од ајтеми кои одразуваат отвореност кон искуства) (според Carretero-Dios & Ruch, 2010). Второ, во концептуализацијата на Zuckerman (1979) доминира гледиштето за биолошките основи на барањето сензации. Arnett (1994) претпоставува дека барањето сензации е под влијание на биолошките предиспозиции во интеракција со социјалната средина. Со други зборови, „начинот на изразување на барањето сензации зависи од природата на социјализацијата (Farley, 1973), и оваа тенденција може дури и да биде потисната доколку средината во која се социјализираме е рестриктивна" (Arnett, 1992, според Arnett, 1994, стр. 290).

Што се однесува до операционализацијата на конструктот барање сензации, во нешто понова студија (Haynes et al., 2000) со употреба на конфирматорна факторска анализа била проверена факторската структура на двата инструменти за барање сензации. Тука се мисли на *Скалата за барање сензации* (Zuckerman et al., 1978) и *Арнетовиот инвентар за барање сензации* (Arnett, 1994). Авторите на оваа студија заклучуваат дека "скратената верзија на *Арнетовиот инвентар за барање сензации* може да обезбеди посоодветна мерка за барањето сензации" (Haynes et al., 2000, стр. 823). Овој инструмент, односно македонската верзија е користена во истражувањето.

## Потреба за затворање

Конструктот потреба за затворање, или поконкретно, потреба за когнитивно затворање е предложен од страна на **Kruglanski & Webster** (Webster & Kruglanski, 1994; Kruglanski & Webster, 1996). Потребата за когнитивно затворање ја дефинираат како „желба за добивање на цврст одговор на одредено прашање и аверзија спрема двосмисленост" (Kruglanski & Webster, 1996, стр. 264). Индивидуите со висока потреба за затворање се склони кон брзо *прифаќање* на одговор на поставен проблем и притоа се *замрзнува* добиеното решение, односно се затвораат за дополнителни информации (Beck, 2003). Се претпоставува дека мотивацијата за да се постигне затворање варира на континуум, каде што едниот крај е означен од силна потреба за да се постигне затворање, додека на другиот крај, се наоѓа силна потреба да се избегне затворање. Важно е да се напомене дека потребата за затворање не е универзална. Со други зборови, во одредени ситуации луѓето се насочени кон постигнување на затворање, додека во други ситуации,

може активно да се избегнува когнитивното затворање. Во оваа смисла, може да се наведат некои од примерите кои ги даваат Kruglanski & Webster (1996). Имено, одлучување кога имаме одреден рок, непријатна или здодевна задача, или кога сме изморени, би биле примери кога потребата за затворање е нагласена. Од друга страна, стравот од донесување погрешен заклучок, загриженост за последиците од погрешна процена, или, интринзично интересна задача, би биле примери за избегнување на затворање. Дополнително, се посочува дека може да постојат стабилни индивидуални разлики во однос на потребата за затворање. Поконкретно, културните норми (Hofstede, 1980), или личната историја во однос на социјализацијата, може да се антецеденти на индивидуалните разлики во мотивацијата за постигнување на затворање (според Kruglanski & Webster, 1996).

Потребата за затворање се огледува во пет димензии (Webster & Kruglanski, 1994). Индивидуите со висока потреба за затворање преферираат:

- *ред* и структура во нивните животи;
- *предвидливост*, односно сигурно и стабилно знаење;
- *одлучност*, или ургентна потреба за донесување на одлуки;
- чувствуваат *непријатност од нејаснотии*;
- се одликуваат со т.н. *затвореност на умот;*

Webster & Kruglanski (1994), за мерење на конструктот потреба за затворање, ја конструирале *Скалата на потреба за затворање*, која ги вклучува наведените пет димензии. Скалата е изработена со цел мерење на потребата за затворање како стабилна особина на личноста. Како што беше наведено, индивидуалните разлики во потребата за затворање се смета дека се резултат на општествените норми или на личната историја. Сепак, Beck (2003) посочува дека разликите во потребата за затворање може да се делумно и наследни. Ова тврдење го поткрепува со фактот дека потребата за затворање е поврзана со авторитарноста. Во студии со близнаци се покажало дека одредени аспекти од авторитарноста имаат висок коефициент на херитабилност (Tesser, 1993, според Beck, 2003).

Низ историјата на психолошката мисла, повеќе конструкти се поврзани, или се концептуално слични со потребата за затворање. Тука може да се споменат: *нетолеранцијата на двосмисленост* (Frenkel-Brunswik, 1949), *когнитивната дисонанца*

(Festinger, Riecken & Schachter, 1956) *потребата за спознавање* (Cacioppo & Petty, 1982), *информацискиот јаз* (Loewenstein, 1994) и *потребата за структура* (Thompson, Naccaarato, Parker & Moskowitz, 2001). Може да се заклучи дека потребата за затворање посочува на когнитивна мотивација. Според Beck (2003), овој вид на мотивација е поврзан со активности кои придонесуваат за подобро разбирање на светот околу нас.

**Ревидирана верзија на конструктот потреба за затворање**

Главната критика на конструктот потреба за затворање се однесува на конструкт валидноста на димензијата *одлучност* (Mannetti, Pierro, Kruglanski, Taris & Bezinovic, 2002). Имено, се посочува дека ајтемите од оваа димензија се однесуваат на способност, наместо на претпоставената мотивациска компонента, која е содржана во другите димензии. Поконкретно, некои од ајтемите кои укажуваат на способност се: *Кога сум соочен со проблем, вообичаено доста брзо го согледувам најдоброто решение; Кога одам да пазарам, тешко ми е да се одлучам што навистина сакам.* Следствено, не се мери само желбата (потребата) за донесување на брзи одлуки, туку и перципираната способност за да се донесат одредените одлуки (според Roets & Van Hiel, 2007).

Имајќи го предвид овој недостаток на *Скалата на потреба за затворање* на Webster & Kruglanski (1994), Roets & Van Hiel (2007) ја ревидираат операционализацијата на димензијата *одлучност.* За таа цел, изработиле шест нови ајтеми кои експлицитно се однесуваат на потребата за брзи и недвосмислени одговори (на пример, *Кога ќе донесам некоја одлука се чувствувам олеснето; Брзо би станал нетрпелив и иритиран доколку не можам веднаш да најдам решение за некој пробелм*). Ајтемите од оригиналната скала кои се однесуваат на димензијата *одлучност* биле заменети со новоконструираните ајтеми, со цел да се проверат психометриските карактеристики на оваа ревидирана верзија на скалата. Резултатите од конфирматорната факторска анализа, меѓудругото, покажале дека „моделот со петте димензии како одвоени фактори од прв ред и еден генерален фактор од втор ред е најсоодветно решение за ревидираната верзија на скалата на потреба за затворање" (Roets & Van Hiel, 2007, стр. 276). Како заклучок, се наведува дека проблемот на димензијата одлучност (во оригиналната *Скала на потреба за затворање*), се согледува во нејзината операционализација, наместо теоретскиот статус на потребата за затворање.

Во нешто поново истражување (Roets & Van Hiel, 2011), изработена е и кратка верзија на *Ревидираната скала на потреба за затворање*. Со оглед на тоа што *Ревидираната скала на потребата за затворање* (Roets & Van Hiel, 2007) е составена од 41 ајтем, авторите посочуваат на потребата за кратка верзија на оваа скала. Во таа смисла, се посочува дека во одредени истражувања (Keller, 2005, Kemmelemeir, 2010, Lynch, Netemeyer, Spiller & Zammit, 2010, според Roets & Van Hiel, 2011) користени се кратки верзии на скалата, но ајтемите биле арбитрарно селектирани. Дополнително, со оглед на тоа што најчесто во истражувањата, конструктот потреба за затворање е само една од повеќето варијабли, од практични причини е потребно да има скратена верзија, но која ќе биде со проверени психометриски карактеристики. За таа цел, биле анализирани факторските заситувања на ајтемите од *Ревидираната скала на потребата за затворање*. Избрани биле по три ајтеми со највисоки заситувања од секоја димензија. Во таа смисла, ревидираната, кратка верзија на *Скалата на потреба за затворање* (Roets & Van Hiel, 2011), е составена од 15 ајтеми (која вклучува 3 ајтеми од секоја димензија, односно *ред, предвидливост, одлучност, непријатност од нејаснотии* и *затвореност на умот*). Треба да се напомене дека скалата е унидимензионална. Соодветноста на едно-димензионалното решение била покажана со употреба на анализа на основните компоненти, но и со конфирматорна факторска анализа. Дополнително, речиси идентични релации биле најдени помеѓу двете верзии на скалата и варијабли кои во претходни истражувања биле поврзани со потребата за затворање. Тука се мисли на варијаблите: ориентација кон социјална доминантност, расизам, цртите на личноста од петфакторскиот модел, потреба за структура, потреба за когниција и потреба за афект (Roets & Van Hiel, 2011).

# РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

## Релевантни истражувања на релација отвореност кон искуства, барање сензации и проценка на стуктурните димензии на хуморот

Во ова поглавје ќе бидат разгледани емпириски студии кои ја истражувале врската на отвореноста кон искуства и барањето сензации, со проценките на структурните димензии на хуморот. Структурните димензии на хуморот, односно хуморот *разрешување на неконгруентноста* и *бесмислениот* хумор, во понатамошниот текст ќе бидат означувани како **РН** и **Б** хумор.

Ruch & Hehl (1998) спровеле истражување за доживување на хуморот, личните карактеристики и естетските доживувања, кое вклучувало 112 (62 женски и 50 машки) испитаници од Германија на возраст помеѓу 18 и 59 години. Инструментите кои им биле зададени, помеѓудругите, ги вклучувале и *NEO-PI* (Costa & McCrae, 1985) за мерење на петте димензии на личноста, како и *3WD тестот за хумор* (Ruch, 1983) - за мерење на димензиите на хуморот. Според резултатите од истражувањето, отвореноста кон искуства била значајно поврзана со **РН***комичност* ($r=-.22$; $p<.05$), **Б***комичност* ($r=.27$; $p<.01$), **Б***аверзивност* ($r=-.27$; $p<.01$) и со *индексот на преферирање структура*[14] ($r=.30$; $p<.01$). Интересно е да се спомене дека во ова истражување, ниедна од другите димензии на личноста, освен совесноста, не биле значајно поврзани со проценката на структурните димензии на хуморот. Совесноста значајно корелирала со **РН***комичност* ($r=.25$; $p<.01$) и со *индексот на преферирање структура* ($r=-.20$; $p<.05$).

Во истражувањето на Carretero-Dios & Ruch (2010) била испитана врската помеѓу барањето сензации и проценката на различните димензии на хуморот. Барањето сензации било мерено со *Скалата за барање сензации* (Zuckerman, 1979; 1994), но и со *Арнетовиот инвентар за барање сензации* (1994). Димензиите на хуморот биле операционализирани преку *3WD тестот за хумор* (Ruch, 1983) и *Скалата за проценка на хуморот* (Carretero-Dios et al., 2009). Во истражувањето биле вклучени два примероци. Првиот примерок се состоел од 323 (141 машки и 182 женски) испитаници од Шпанија на возраст помеѓу 18 до 77 години. Овие испитаници одговарале на *Скалата за барање сензации* (Zuckerman, 1994), *Арнетовиот инвентар за барање сензации* (1994) и на *Скалата за проценка на*

---

[14]Овој индекс е пресметан со формулата: **Б***комичност* – **РН***комичност*.

*хуморот* (Carretero-Dios et al., 2009). Вториот примерок се состоел од 100 (44 машки и 66 женски) испитаници од Германија на возраст помеѓу 19 и 77 години. На овие испитаници им биле зададени *Скалата за барање сензации* (Zuckerman, 1979) и *3WD тестот за хумор* (Ruch, 1983). Резултатите покажале дека барањето сензации (операционализирано преку Арнетовиот инвентар), значајно било поврзано со **РН***комичност* ($r=-.13$; $p<.05$), **Б***комичност* ($r=.12$; $p<.05$), и **Б***аверзивност* ($r=-.17$; $p<.01$).

Треба да се напомене дека претходните истражувања за врската помеѓу барањето сензации и проценката на структурните димензии на хуморот, ја користат операционализацијата на Zuckerman за мерење на барањето сензации (Forabosco & Ruch, 1994; Ruch, 1988; Ruch & Malcherek, 2009). Сите овие студии, како и истражувањето на Carretero-Dios & Ruch (2010), ја потврдуваат хипотезата дека барањето сензации е поврзано со преференција на бесмислениот хумор, во однос на хуморот разрешување на неконгруентноста. Детален приказ на овие истражувања е надвор од рамките на докторскиот труд, со оглед на тоа што за мерење на барањето сензации ќе биде користен *Арнетовиот инвентар за барање сензации.*

Во Македонија, досега е направено едно истражување кое ја испитувало врската помеѓу барањето сензации, потребата за затворање и проценката на структурните димензии на хуморот[15] (Sulejmanov et al., 2018). Истражувањето е спроведено на примерок од 217 (112 машки и 105 женски) испитаници од различни региони (западен, источен, централен и градот Скопје) во Македонија. Возраста на испитаниците беше во опсег од 18 – 60 години. Што се однесува до наодите кои се однесуваат на поврзаноста помеѓу барањето сензации и проценката на структурните димензии на хуморот, најдени беа две значајни поврзаности. Имено, барањето сензации беше поврзано со *индексот на преферирање структура* ($r=-.20$; $p<.01$)[16] и со **Б***аверзивност* ($r=-.14$; $p<.05$).

[15] Операционализацијата на конструктите може да се види во делот **Инструменти**, со оглед на тоа што истите инструменти се користени во ова истражување и во докторскиот труд. Истражувањето имаше за цел, пред сè, да се проверат психометриските карактеристики на инструментите, но истражени се и релациите меѓу варијаблите.

[16] Корелацијата е негативна со оглед на тоа што за пресметување на индексот беше користена формулата: **РН***комичност* - **Б***комичност*.

Од прегледот на овие студии, може да се заклучи дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се варијабли кои се поврзани со проценката на структурните димензии на хуморот. Поконкретно, повисокото ниво на овие варијабли е поврзано со преферирање на **Б**-от хумор, во однос на хуморот **РН**, кога ќе се земат предвид скоровите за проценка на комичноста. Од друга страна, повисокото ниво на овие варијабли е поврзано со пониски скорови во однос на аверзивноста на **Б**-от хумор.

**Релевантни истражувања на релација меѓу отвореноста кон искуства, барање сензации, потреба за затворање и проценка на стуктурните димензии на хуморот**

Како што може да се види од прегледот на истражувањата во претходното поглавје, јасно е дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се психолошки појави кои се поврзани со доживувањето на структурните димензии на хуморот. Сепак, останува отворено прашањето за механизмот кој може да ја објасни оваа врска. Тука ќе бидат разгледани истражувања кои посочуваат на тоа дека е потребно утврдување на појава (варијабла) која ќе ја објасни поврзаноста помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации, од една страна и доживувањето на структурата на хуморот, од друга страна. Како потенцијална медијатор варијабла ќе биде предложена потребата за затворање.

Weber et al. (2014) ги испитале генетските и срединските влијанија во однос на доживувањето на структурата и содржината на хуморот. Испитаниците биле 135 монозиготни и 60 дизиготни парови близнаци на кои им бил зададен *3WD тестот за хумор* (Ruch, 1992). Возраста на испитаниците била во опсег од 21 до 81 година. Генетските и срединските влијанија биле проценети со користење на софтверот *Mx* (Neale, Boken, Xie & Maes, 2003). Што се однесува до проценката на структурните димензии на хуморот, резултатите покажале дека најмногу биле под влијание на средината. Поточно, проценката на комичноста и аверзивноста на хуморот *разрешување на неконгруентност* била само делумно под влијание на генетски ефекти и најмногу зависела од срединските ефекти. Кај бесмислениот хумор, комичноста и аверзивноста биле најдобро репрезентирани во моделите кои ја нагласуваат улогата на средината. Авторите на оваа студија посочуваат на фактот дека иако барањето сензации (се мисли на концептуализацијата на Zuckerman) е во голема мера наследна црта и утврден предиктор за проценката на бесмислениот хумор, сепак, не бил утврден генетски ефект на

проценката на бесмислениот хумор. Може да се додаде дека во иста насока би бил и заклучокот за отвореноста кон искуства, која е високо наследна црта и веќе утврден предиктор за проценките на структурните димензии на хуморот.

Што се однесува до врската меѓу отвореноста кон искуства, барањето сензации и потребата за затворање, во продолжение ќе бидат прикажани неколку истражувања кои посочуваат на нивна негативна поврзаност.

Во истражувањето на Roets & Van Hiel (2011), на примерок од 219 испитаници, била утврдена значајна негативна корелација помеѓу отвореноста кон искуства и потребата за затворање ($r=-.47$; $p<.001$). На слични резултати, посочуваат и Costa & McCrae (1998, според McCrae & Greenberg, 2014). Корелацијата во нивното истражување помеѓу овие две варијабли, исто така била негативна ($r=-.42$)[17]. Во иста насока се и наодите кои се однесуваат на врската помеѓу барањето сензации и потребата за затворање. Во истражувањето на Sulejmanov et al. (2018), овие две варијабли се значајно негативно поврзани ($r=-.32$; $p<.01$). Carretero-Dios & Ruch (2010), укажуваат на концептуалната сличност помеѓу барањето сензации (особено компонентата *новитет*) и отвореноста кон искуства. Во таа смисла, очекуван е наодот дека индивидуите кои имаат ниско ниво на барање сензации, да имаат висока потреба за затворање.

Од друга страна, мора да се нагласи дека отвореноста кон искуства и потребата за затворање не се два екстреми на еден континуум. Имено, Onraets, Van Hiel, Roets & Cornelis (2010) посочуваат дека отвореноста кон искуства е поширок концепт од потребата за затворање. Со примена на заедничка факторска анализа на отвореноста кон искуства и потребата за затворање, тие утврдиле два фактори: *искуствен* фактор и *когнитивен* фактор. На искуствениот фактор, високи факторски заситувања имале ајтемите од отвореноста кон искуства, додека на когнитивниот фактор - високи заситувања имале повеќето од ајтемите од потребата за затворање и само една четвртина од ајтемите од отвореноста кон искуства.

Во понатамошниот дел од овој преглед на релевантните истражувања, ќе биде разгледана поврзаноста помеѓу потребата за затворање и проценките на структурните димензии на хуморот. Тука посредно ќе биде претпоставена оваа врска, преку приказ на релевантни истражувања кои вклучувале конструкти што се концептуално слични со

[17]Кај McCrae & Greenber (2014) не е соопштено нивото на значајност.

потребата за затворање. Поконкретно, станува збор за конструктите *нетолеранција на двосмислености* (Brengelmann & Brengelmann, 1960; Kischkel, 1984) и *потребата за ред* (Jackson, 1974).

Голем број на истражувања (Busse, 1987, Jansa, 1990, Ruch & Hehl, 1983, Ruch & Hehl, 1985, Ruch & Hehl, 1986, преглед кај Ruch, 1992) ја потврдиле хипотезата дека индивидуите кои имаат висока нетолеранција на двосмислености, имаат високи скорови на **РН***комичност* и **Б***аверзивност.* Корелациите кои се однесуваат на поврзаноста со **РН***комичност* се движеле во опсег помеѓу r=.17 и r=.26, додека корелациите кои се однесуваат на поврзаноста со **Б***аверзивност,* се во опсег помеѓу r=.15 до r=.28. Треба да се напомене дека во ниедно од истражувањата, не биле утврдени значајни корелации помеѓу нетолеранцијата на двосмислености и **РН***аверзивност* и **Б***комичност* (Ruch, 1992).

Што се однесува до поврзаноста помеѓу потребата за ред и доживувањето на структурата на хуморот, во иста насока се наодите од истражувањето на Ruch & Hehl (1993). Имено, повторно било претпоставено дека потребата за ред е поврзана со **РН***комичност* и **Б***аверзивност.* Оваа хипотезата, пред сѐ, била потврдена кога се земени предвид проценките од страна на врсниците (во однос на потребата за ред) и скоровите на **РН***комичност* (r=.19; p<.05) и **Б***аверзивност* (r=.16; p<.05). Дополнително, била направена анализа на поединечните ајтеми од потребата за ред и доживувањето на структурата на хуморот. Резултатите покажале дека „комичноста на **РН** хуморот е поврзана со загриженост нашите лични предмети и простор да бидат уредни и организирани. Доживувањето на бесмислениот хумор како аверзивен е поврзано со несакање неред, конфузност и недостаток на организираност" (Ruch & Hehl, 1993, стр. 441).

Треба да се напомене дека кај Sulejmanov et al. (2018), истражена е и врската помеѓу потребата за затворање и проценката на структурните димензии на хуморот. Значајни корелации се утврдени помеѓу потребата за затворање и **Б***комичност* (r=-.20; p<.01) и *индексот на преферирање структура* (r=.26; p<.01). Овие резултати се само делумно во согласност со претходно наведените истражувања, но сепак, треба да се има предвид недостатокот на ова истражување. Имено, целта на истражувањето, првенствено, беше проверка на психометриските карактеристики на инструментите, а не релацијата помеѓу варијаблите. Во таа смисла, невообичаено е во исто истражување да се проверуваат психометриските карактеристики на инструментите и релацијата меѓу нив.

Дополнително, треба да се нагласи дека оваа студија е направена после поставувањето на хипотезите за докторскиот труд.

## Истражувачки хипотези

Претпоставениот однос меѓу варијаблите во истражувањето е прикажанво График 1. На графикот е прикажан моделот од кој произлегуваат хипотезите.




*График 1. Структурно-равенски модел за односот на отвореноста кон искуства, барањето сензации, потребата за затворање и проценката на хуморот разрешување на неконгруентност и бесмислениот хумор.*

Легенда: **О1 – О6** – субскали на отвореноста кон искуства (О1 – фантазија, О2 – естетика, О3 – емоции, О4 – акција, О5 – идеи, О6 – вредности); **БС1 – БС2** – субскали на барањето сензации (БС1 – новитет, БС2 – интензитет); **ПЗ1 – ПЗ5** – субскали на потребата за затворање (ПЗ1 – ред, ПЗ2 – предвидливост, ПЗ3 – одлучност, ПЗ4 – непријатност од нејаснотии, ПЗ5 – затвореност на умот); **рн1 – рн5** – ајтеми (вицеви) од хуморот разрешување на неконгруентност (проценката се однесува на комичноста); **б1 – б5** – ајтеми (вицеви) од бесмислениот хумор (проценката се однесува на аверзивноста).
**е1 – е23** – грешка во мерењето; **R1 – R3** – структурна грешка.

*Хипотеза 1.* Отвореноста кон искуства и барањето сензации имаат директен негативен ефект кон проценката[18] на структурните димензии на хуморот.

*Субхипотеза 1.1.* Отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност.

*Субхипотеза 1.2.* Отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор.

*Субхипотеза 1.3.* Барањето сензации има директен негативен ефект кон проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност.

*Субхипотеза 1.4.* Барањето сензации има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор.

Во претходно истражување (Ruch & Hehl, 1998) најдена е негативна поврзаност помеѓу отвореноста кон искуства и проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор и проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност. Слично, Carretero-Dios & Ruch (2010) посочуваат на негативна поврзаност помеѓу барањето сензации и проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност и проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор.

*Хипотеза 2.* Релацијата на отвореноста кон искуства и барањето сензации со проценката на структурните димензии на хуморот е посредувана преку потребата за затворање. Оваа претпоставка имплицира на директен негативен ефект на отвореноста кон искуства и барањето сензации кон потребата за затворање.

*Субхипотеза 2.1.* Релацијата на отвореноста кон искуства со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност е посредувана преку потребата за затворање.

*Субхипотеза 2.2.* Релацијата на отвореноста кон искуства со проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор е посредувана преку потребата за затворање.

---

[18] Терминот проценка во англискиот јазик (*appreciation*) означува "препознавање и уживање во добрите квалитети на одредена личност или објект". Со оглед на тоа што во литературата од англиското говорно подрачје се користи терминот *humor appreciation* и во делот на хипотезите, како најсоодветен превод е прифатен *проценка* на хуморот. Сепак, треба да се посочи дека во поширока смисла претпоставува доживување, или уживање поврзано со хумористичните стимулуси.

*Субхиотеза 2.3.* Релацијата на барањето сензации со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност е посредувана преку потребата за затворање.

*Субхипотеза 2.4.* Релацијата на барањето сензации со проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор е посредувана преку потребата за затворање.

Со оваа хипотеза се посочува на *потребата за затворање* како медијатор варијабла во претпоставениот модел. Ruch (1992) дава преглед на неколку истражувања кои ја потврдиле хипотезата дека *нетолеранцијата на двосмислености*, односно индивидуите со висока изразеност на оваа варијабла, повисоко ја проценуваат комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност и аверзивноста на бесмислениот хумор, за разлика од индивидуите кои се потолерантни на двосмислености. Конструктот нетолеранција на двосмислености е концептуално сличен со потребата за затворање. Дополнително, една од компонентите на потребата за затворање е именувана како непријатност од нејаснотии. Согласно на овие наоди, во фокусот на докторскиот труд е проценката на комичноста на хуморот разрешување неконгруентност и проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор. Сепак, во докторскиов труд се оди понатаму со претпоставката дека потребата за затворање е всушност *медијатор варијабла* помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации, како „надворешни“ варијабли во претпоставениот модел, и проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност и аверзивноста на бесмислениот хумор, како „внатрешни“ варијабли во моделот. Оправданоста на оваа претпоставка се темели на неколку теоретски согледувања и емпириски истражувања.

Добро познато е дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се црти кои пред сè зависат од наследството (Đurić-Jočić, Džamonja-Ignjatović & Knežević, 2004; Weber et al., 2014). Од друга страна, Kruglanski & Webster (1996), посочуваат дека индивидуалните разлики во однос на потребата за затворање може да се припишат на културните норми или индивидуалната социјализација. Во неодамнешна студија на близнаци (Weber et al., 2014), се покажало дека проценката на структурните димензии на хуморот е определена од growth срединските влијанија. Поточно, проценката на комичноста и аверзивноста на хуморот разрешување на неконгруентност била само делумно под влијание на генетски ефекти и најмногу зависела од срединските ефекти. Кај бесмислениот хумор, комичноста и аверзивноста биле најдобро репрезентирани во

моделите кои ја нагласуваат улогата на средината. Забележителен е наодот, на кој посочуваат авторите на оваа студија, дека иако барањето сензации и отвореноста кон искуства се наследни црти и утврдени предиктори за проценката на бесмислениот хумор, сепак, не бил утврден генетски ефект на проценката на бесмислениот хумор, додека само делумен бил генетскиот ефект во однос на проценката на хуморот разрешување на неконгруентност. Оттука, оправдана е претпоставката дека токму *потребата за затворање* е појавата (варијаблата) која посредува во тој однос помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации со структурните димензии на хуморот и ја објаснува оваа поврзаност. Weber et al. (2014), сугерираат дека се потребни дополнителни истражувања кои би вклучувале и наследни црти, како барањето сензации[19], за да се утврди зошто проценката на бесмислениот хумор не е генетски условена. Вклучувањето и на варијабли кои се срединскi условени е исто така една од препораките на авторите за понатамошни истражувања. Претпоставениот модел во овој докторски труд постулира дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се негативно поврзани со потреба за затворање, која пак, е позитивно поврзана со проценката на комичноста на вицевите од хуморот разрешување на неконгруентност и проценката на аверзивноста на вицевите од бесмислениот хумор. Секако, целта на ова истражување не е да се утврдат генетските и срединските влијанија за проценката на структурните димензии на хуморот, но индиректно може да претставува поттик за истражувања кои јасно ќе го одделат ефектот на наследните и срединските влијанија.

Она што е клучно за структурните димензии на хуморот е когнитивната обработка на стимулусите, со други зборови дали неконгруентноста може, или не може да биде целосно разрешена (Ruch, 2001). Потребата за затворање посочува на когнитивна мотивација и се смета дека ќе ја објасни врската помеѓу веќе утврдените предиктори, односно отвореноста кон искуства и барањето сензации, со проценката на структурните димензии на хуморот. Дополнително, Onraet et al. (2010), со примена на заедничка факторска анализа на отвореноста кон искуства и потребата за затворање утврдиле два фактори, имено *искуствен* фактор и *когнитивен* фактор. На искуствениот фактор високи факторски заситувања имале ајтемите од отвореноста кон искуства, додека на

[19]Треба да се напомене дека Arnett (1994) укажува на важноста на социјализацијата како основа за барањето сензации (според Haynes et al., 2000).

когнитивниот фактор, високи заситувања имале повеќето од ајтемите од потребата за затворање и само една четвртина од ајтемите од отвореноста кон искуства. Овој наод е уште една поткрепа на претпоставката дека когнитивниот аспект, односно потребата за затворање е клучен посредник на врската помеѓу надворешните варијабли во моделот со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност и аверзивноста на бесмислениот хумор.

## МЕТОД

### Испитаници

Истражувањето беше спроведено на пригоден примерок од 401 испитаник на ниво на град Скопје. Се водеше сметка за застапеност на одредени квоти во однос на општината на живеење, возраста (во три опсези: 18 – 25, 26 – 40 и 41 – 60 години) и речиси подеднаква застапеност на машки и женски испитаници. Структурата на примерокот во однос на општината на живеење и полот е дадена во Табела 2.

Табела 2. *Структура на примерокот во однос на општината на живеење и полот*

| | | Општина | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Центар* | *Аеродром* | *Кисела Вода* | *Бутел* | *Карпош* | *Гази Баба* | *Чаир* | *Ѓорче Петров* | Вкупно |
| **Пол** | *машки* | 29 | 41 | 26 | 9 | 40 | 17 | 19 | 18 | 199 |
| | *женски* | 31 | 33 | 27 | 9 | 46 | 18 | 21 | 17 | 202 |
| Вкупно | | 60 | 74 | 53 | 18 | 86 | 35 | 40 | 35 | 401 |

Од Табела 2, може да се види дека примерокот е прилично хетероген и избалансиран во однос на социо-демографските варијабли и полот. Треба да се напомене и тоа дека сите испитаници се етнички Македонци. Процентуалната застапеност на испитаниците од различните општини на ниво на град Скопје, беше направена според податоците од интернет страната на град Скопје (www.skopje.gov.mk). Иако овие податоци се прилично стари, односно од последниот попис од 2002 година, може да се сметаат како соодветна насока за избирање. Дополнително, потребниот број испитаници од секоја општина не беше сосема испочитуван со оглед на ограничените можности на анкетарите кои ги задаваа прашалниците да го обезбедат потребниот број на испитаници.

Што се однесува до возраста на испитаниците, од претходни истражувања (Ruch & Hehl, 1990) се покажало дека таа е релевантна карактеристика, односно позитивно е поврзана со преферирање на хуморот разрешување на неконгруентност, наспроти бесмислениот хумор. Во таа смисла, се водеше сметка во истражувањето да бидат вклучени соодветен број на испитаници од три возрасни групи: 18 – 25, 26 – 40 и 41 – 61 години. Просечната возраст на испитаниците е M=34,01 години и SD=12,95. Во однос на трите возрасни групи, 35,7% од испитаниците беа на возраст од 18 – 25 години, 32,1% од испитаниците беа на возраст од 26 – 40 години, и 32,2% од испитаниците беа на возраст од 41 – 61 година.

**Инструменти**

*НЕО ПИ-3мк Инвентар на личноста – 3* (*NEO PI – 3;McCrae & Costa, 2010*)

Македонската верзија на овој инструмент е адаптирана од Серафимовска и Марковиќ (2014), кои утврдиле задоволителни метриски карактеристики на инструментот. Во докторскиот труд ќе биде користена само димензијата отвореност кон искуства (Прилог 1), која е составена од 48 ајтеми, распределени во шест домени (фацети). Кронбаховите алфа коефиценти, во истражувањето на Серафимовска и Марковиќ (2014), се движат од 0,48 (за доменот *акција*), до 0,79 (за доменот *естетика*), додека кронбаховиот алфа коефициент за димензијата отвореност кон искуства изнесува 0,72. Иако две субскали (*акција* и *вредности*) имаат ниска внатрешна хомогеност, сепак, факторските заситувања за секој домен посебно се задоволителни, односно се движат во опсег од .54 до .79. Репликативноста на петфакторскиот модел во македонски услови е докажана со користење на ортогонална Прокрустова ротација. Конвергентната валидност е потврдена со добиените очекувани релации помеѓу *НЕО ПИ-3мк* и *Инвентарот на личност ММПИ-201,* и *Ревидираната скала на интерперсонални придавки - ИАСР.* Поконкретно, димензијата отвореност кон искуства позитивно корелирала со „сопствениот опис како: неконвенционален, со апстрактно размислување, имагинативен..., а негативно со неистражувачки тип, нефилозофски, немислечки тип...”(Серафимовска и Марковиќ, 2014, стр. 57).

Испитаниците одговараат на тврдењата со избирање на одговорот кој најмногу се однесува на нив (ВНС = воопшто не се согласувам; НС = не се согласувам; Н =

неутралност во однос на прашањето; СС = се согласувам; ССС = сосема се согласувам). При обработка на податоците одговорите се конвертираат во бројки, односно од ВНС = 0, до ССС = 4. Повисоките скорови укажуваат на повисока отвореност кон искуства. Во димензијата отвореност кон искуства има 24 реверзибилни ајтеми. Инструментот е даден во Прилог 1. Кронбаховиот алфа коефициент за отвореноста кон искуства во ова истражување изнесува 0,90.

*Арнетов инвентар за барање сензации* (*Arnett Inventory of Sensation Seeking, Haynes, Miles & Clements, 2000*)

Тргнувајќи од *Инвентарот за барање сензации* на Arnett (1994), Haynes et al. (2000), ја проверуваат неговата факторска структура со употреба на конфирматорна факторска анализа. Резултатите покажале дека може да се користи модифицирана скратена верзија на овој инвентар, која е соодветна мерка за барањето сензации. Оваа форма содржи 11 ајтеми, распределени во две субскали, односно *интензитет* (6 ајтеми) и *новитет* (5 ајтеми). Сите ајтеми имаат задоволителни факторски заситувања. Метриските карактеристики на македонската верзија на инструментот беа проверени на национален квотен примерок (Sulejmanov et al., 2018). Двофакторското решение беше потврдено со употреба на паралелна анализа (Patil et al., 2007), со оглед на тоа што правилото на латентни корени поголеми од еден, како и „скриплотот" на латентните корени - се погрешни процедури за одредување на бројот на компоненти (O'Connor, 2000). Дополнително, сите ајтеми од димензијата *новитет* имаа задоволителни факторски заситувања само на еден фактор, во опсег од .40 до .62. Што се однесува до факторските заситувања на димензијата *интензитет*, тие исто така се соодветни и се движат во опсег од .41 до .76. Сепак, еден ајтем (ајтем 5), имаше и заситување на првиот фактор од .41. Во однос на внатрешната хомогеност, Кронбаховите алфа коефициенти се прифатливи за двете субскали (0,70 за димензијата *новитет* и 0,65 за димензијата *интензитет*). Инструментот е даден во Прилог 2. Кронбаховиот алфа коефициент за барањето сензации во ова истражување изнесува 0,73.

*Скала на потреба за затворање – кратка верзија* (*Need for Closure Scale – short version, Roets & Van Hiel, 2011*).

Тргнувајќи од *Скалата на потреба за затворање* на Webster & Kruglanski (1994) и нејзината ревидирана форма (Roets & Van Hiel, 2007), Roets & Van Hiel (2011) изработуваат скратена верзија која се состои од 15 ајтеми, која вклучува по 3 ајтеми за секој од петте домени на потребата за затворање. Споредбата на целосната верзија и скратената форма покажала слични психометриски карактеристики и релации со други варијабли на двете верзии. Ајтемите во скратената верзија имаат задоволителни факторски заситувања и коефициентите на релијабилност не се разликувале во однос на целосната верзија. Проверката на метриските карактеристики на македонската верија (Сулејманов и Спасовски, 2015) го потврди еднофаторското решение на инструментот со употреба на паралелна анализа (Patil et al., 2007). Треба да се напомене дека кратката верзија на скалата на потреба за затворање е дизајнирана да мери индивидуални разлики во однос на потребата за затворање и е унидимензионална скала. Сепак, од секој домен на конструктот потреба за затворање се избрани по три ајтеми од целосната верзија на скалата со највисоки факторски заситувања (Roets & Van Hiel, 2011). Во таа смисла, оправдано е просечниот скор од секој домен да биде употребен како мерена варијабла за латентниот конструкт, односно потребата за затворање. Овој инструмент е даден во Прилог 3. Кронбаховиот алфа коефициент за потребата за затворање во ова истражување изнесува 0,84.

*Скала за проценка на структурата на хуморот* (Sulejmanov et al., 2018).

Изработката на оваа скала ги следи препораките на Carretero-Dios et al. (2009) за конструкција на инструмент од ваков вид. Во таа смисла, направени се две истражувања кои се однесуваат на анализа на содржинската валидност на ајтемите (Сулејманов, 2015) и ајтем анализа (Сулејманов, 2016) во кои беа вклучени поголем број на ајтеми селектирани од весници, интернет портали и директно од студенти.

Преостанатите 10 ајтеми беа зададени на квотен примерок, репрезентативен во однос на полот, возраста и местото на живеење на ниво на Република Македонија (Sulejmanov et al., 2018). Резултатите покажаа дека внатрешната хомогеност е задоволителна за двата вида на хумор (α=0,73, за хуморот *разрешување на*

*неконгруентност* и α=0,72, за *бесмислениот* хумор). Двофакторското решение беше потврдено со употреба на паралелна анализа (Patil et al., 2007) при што факторските заситувања беа соодветни. Имено, вицевите од хуморот **РН** (разрешување на неконгруентност), имаа високи факторски заситувања само на првиот фактор и тоа во опсег од .55 до .76, додека вицевите од **Б** (бесмислениот) хумор, имаа високи факторски заситувања само на вториот фактор и тоа во опсег од .57 до .73. Инструментот е даден во Прилог 4. Треба да се напомене дека првите 4 ајтеми се т.н. „загревачки" ајтеми, кои не влегуваат во анализата. Кронбаховите алфа коефициенти во ова истражување изнесуваа 0,76, за **РН***комичност* и 0,83, за **Б***аверзивност.*

**Постапка и статистичка обработка на податоците**

Собирањето на податоците е спроведено во текот на февруари, март и април, 2017-та година. Теренското истражување е направено од страна на студенти по психологија од втора, трета и четврта година. Секој од студентите имаше за задача да ги зададе инструментите на најмалку шест, односно најмногу дванаесет испитаници. За учеството во оваа активност, им беше напоменато дека ќе им бидат евидентирани дополнителни бодови, со цел да се зголеми нивната мотивација. При задавањето на инструментите, се водеше сметка речиси подеднакво да бидат застапени машки и женски испитаници и да бидат вклучени испитаници во однос на три возрасни групи: 18 – 25, 26 – 40 и 41 – 60 години. Дополнително, на студентите кои ги задаваа инструментите им беше посочено дека треба да обезбедат испитаници од општините на град Скопје. Поконкретно, во истражувањето беа вклучени следните општини: Центар, Аеродром, Кисела Вода, Бутел, Карпош, Гази Баба, Чаир и Ѓорче Петров. Задавањето на инструментите беше индивидуално. Што се однесува до редоследот на инструментите, беа направени четири верзии на материјалите. Во таа смисла, секој од поединечните инструменти беше зададен по секој можен редослед, или поконкретно како прв, втор, трет, или четврт. Ова беше направено со цел да се контролираат ефектите на редослед (Osberg, 1985).

Студентите беа обучени дека при задавањето на инструментите, треба да ги информираат испитаниците дека истражувањето се прави за научно-истражувачки цели, односно за докторски труд. Дополнително, испитаниците да бидат информирани дека учеството е доброволно и дека поединечните резултати не се земаат предвид, туку се

обработуваат заедно со резултатите на сите останати испитаници. За да се обезбеди контрола, од испитаниците е побаран телефонски број и согласност дека може да бидат контактирани. Сепак, се нагласува дека со ова нема да се наруши нивната анонимност. По добивање на согласност, следи задавање на упатствата за пополнување на секој инструмент поединечно. На крај, правена е проверка дали има непотполни одговори во дел од инструментите, со цел да не се појават ајтеми кои нема да бидат одговорени од страна на испитаниците.

За статистичка обработка на податоците беа користени статистичките програми SPSS (Statistical Package for Social Sciences) и AMOS (Analysis of a Moment Structures). Податоците, најпрво ќе бидат претставени на дескриптивно ниво, преку аритметичката средина, како мерка на централната тенденција и стандардното отстапување, како мерка на варијабилност. Статистичката анализа, потоа ќе биде насочена кон проверка на мерниот модел со користење на конфирматорна факторска анализа. Проверката на хипотезите ќе биде направена со т.н. анализа на патеките, претставена во структурниот модел.

Соодветноста на моделот на мерење се определува преку конфирматорна факторска анализа. За латентните конструкти *отвореност кон искуства, барање сензации* и *потреба за затворање*, беа формирани т.н.„пакети" од ајтеми (*item parcels*). Наместо да се користат поединечните ајтеми како индикатори кои ќе ги репрезентираат латентните конструкти, честа практика е креирање на „пакети" од ајтеми кои претставуваат просечни скорови од повеќе поединечни ајтеми. Според Hair et al. (1998), пет до седум индикатори е преферираната бројка за претставување на конструктите. Еден од начините за формирање на овие „пакети" е да се сумираат скоровите на посебните субскали. Во таа смисла, беше одлучено отвореноста кон искуства да е репрезентирана од просечните скорови на шесте субскали: О1 – фантазија, О2 – естетика, О3 – емоции, О4 – акција, О5 – идеи и О6 – вредности. Сите субскали вклучуваат по 8 ајтеми. Понатаму, конструктот барање сензации беше претставен со просечните скорови од двете субскали: БС1 – новитет (5 ајтеми) и БС2 – интензитет (6 ајтеми), додека потребата за затворање е претставена од пет „пакети" кои вклучуваат по 3 ајтеми: ПЗ1 – ред, ПЗ2 – предвидливост, ПЗ3 – одлучност, ПЗ4 – непријатност од нејаснотии и ПЗ5 – затвореност на умот. Тука треба да се напомене дека кратката верзија на *Скалата на потребата за затворање* е унидимензионална мерка,

но сепак, „пакетите" кои беа избрани вклучуваат ајтеми од субскалите на потребата за затворање во целосната верзија на скалата. Една од предностите при користење на „пакети" од ајтеми е намалувањето на индикаторите кои ги претставуваат латентните конструкти. Во таа смисла, Bentler (1980) посочува дека премногу индикатори придонесуваат кон тоа да е речиси невозможно да се добие соодветен модел. Токму затоа, со оглед на тоа што скалите за овие варијабли содржат поголем број на ајтеми, беше одлучено да се формираат „пакети" од повеќе ајтеми. Подетална дискусија за предностите и недостатоците при користење на „пакети" од ајтеми и различните начини за нивно формирање може да се види кај Little et al. (2002). Во однос, пак, на констурктите РН и Б-от хумор, беше одлучено да бидат претставени од поединечните ајтеми, со оглед на тоа што вклучуваат по 5 вицеви.

Пред да бидат анализирани резултатите, неопходно е да се даде објаснување на избраните критериуми за соодветност, односно Хи квадрат тестот, просечниот квадратен корен за апроксимација на грешка (RMSEA), просечниот квадратен корен на остатокот (SRMR) и компаративниот индекс на соодветност (CFI).

Кога се користи во структурно-равенско моделирање, Хи квадрат тестот треба да биде што помал. Со други зборови, се бара незначајна разлика помеѓу добиената и предвидените матрици, односно не треба да биде статистички значаен за да индицира добра соодветност на моделот (Ho, 2006). Хи квадрат тестот е сензитивен во однос на големината на примерокот, па одредени автори (Schermelleh-Engel et al., 2003; Vandenberg, 2006) сметаат дека не треба да се користи како основа за прифаќање или отфрлање на моделот. Во оваа насока е и заклучотот на Baumgartner & Homburg (1996), дека треба да се користат и дополнителни мерки за соодведност, со оглед на ограничената практична корисност на Хи квадрат тестот. Со оглед на тоа што во истражувањето примерокот е релативно голем, може да се очекува значајна вредност на Хи квадрат тестот.

Просечниот квадратен корен за апроксимација на грешка (RMSEA), ја зема предвид грешката на апроксимација во популацијата. Овој индекс дава одговор на прашањето: „Во која мера моделот, со непознати, но оптимално избрани вредности, соодветствува на матрицата на коваријанса на популацијата, доколку таа би била достапна?" (Browne & Cudeck, 1993, според Ho, 2006, стр. 285). Според Hu & Bentler

(1999), граничната вредност за овој индекс изнесува .06 (вредноста треба да биде помала од .06 за да може да се каже дека моделот е соодветен).

Просечниот квадратен корен на остатокот (SRMR), претставува индекс на просечните стандардизирани остатоци помеѓу обзервираните и претпоставените матрици на коваријанса (Chen, 2007). Вредностите помали од .09 посочуваат на соодветност на моделот (Hu & Bentler, 1999).

Со компаративниот индекс на соодветност (CFI) се прави компарација помеѓу претпоставениот модел и моделот на независност. Во моделот на независност (*нула* моделот), обзервираните варијабли се претпоставува дека се меѓусебно неповрзани. Вредностите може да се движат во опсег од 0 (соодветноста не е подобра од *нула* моделот) до 1 (совршена соодветност). Граничната вредност треба да биде поголема од .90 за да индицира прифатливо ниво на соодветност на моделот. Ова би значело дека претпоставениот модел претставува повеќе од 90% подобрување во однос на моделот на независнот (Ho, 2006). Сепак, треба да се напомене дека според Hu & Bentler (1999), граничната вредност е нешто поригорозна, односно сметаат дека вредноста треба да биде поголема од .95 за да индицира прифатливо ниво на соодветност на моделот.

## РЕЗУЛТАТИ

### Дескриптивни статистици

Во Табела 3 се прикажани вредностите за дескриптивните статистици (аритметичка средина и стандардно отстапување) за отвореноста кон искуства, барањето сензации, потребата за затворање, комичноста на хуморот РН, и аверзивноста на Б-от хумор.

Табела 3. *Дескриптивни статистици за истражуваните варијабли*

| | Min. | Max. | M | SD |
|---|---|---|---|---|
| Отвореност кон искуства | 1,00 | 3,73 | 2,44 | 0,46 |
| Барање сензации | 1,09 | 3,82 | 2,58 | 0,57 |
| Потреба за затворање | 1,67 | 5,93 | 4,04 | 0,86 |
| РНкомичност | 0,00 | 6,00 | 3,54 | 1,32 |
| Баверзивност | 0,00 | 6,00 | 1,57 | 1,50 |

Во однос на варијаблите на личноста, може да се констатира дека во примерокот потребата за затворање ја надминува средната вредност на скалата (1 до 6), врз основа на добиените аритметичка средина (М=4,04). Добиените аритметички средини забарањето сензации (М=2,58) и отвореноста кон искуства (М=2,44) се движат околу средната вредност на скалите на кои се мерени (1 до 4, за барањето сензации; и 0 до 4, за отвореноста кон искуства). Што се однесува до доживувањето на хуморот, проценките на комичноста на хуморот РН (М=3,54), се повисоки од проценките на аверзивноста на бесмислениот хумор (М=1,57). Треба да се забележи дека средната вредност во однос на проценките на аверзивноста на бесмислениот хумор е ниска, ако се земе предвид средната вредност на скалата на која е мерена како референтна мерка (0 до 6). Дополнително, кај мерките за оваа варијабла има највисока варијација на скоровите околу аритметичката средина (SD=1,50), додека најниска варијација на скоровите околу аритметичката средина се забележува кај отвореноста кон искуства (SD=0,46).

**Модел на мерење**

Во обработката на податоците, најпрво беше тестиран мерниот модел, кој вклучува 5 латентни конструкти (отвореност кон искуства, барање сензации, потреба за затворање, **РН***комичност* и **Б***аверзивност*) и 23 индикатори. Конструираниот модел на мерење дозволува корелација помеѓу латентните конструкти (што е соодветно на т.н. *oblique* ротација при експлораторна факторска анализа); индикаторите имаат заситувања само на еден конструкт; и сите факторски заситувања се пресметани (Ho, 2006). Првичните резултати покажаа дека моделот не е соодветен со податоците: $\chi^2$(N = 401, df=220) = 499,662, p<.01; RMSEA = .06; SRMR = .06; CFI = .90. Врз основа на индексите за модификација, беа споени грешките *e2* со *e3* и повторно беше тестиран моделот. Спојувањето на овие две грешки посочуваше на модификациски индекс со највисока вредност (24,366). Овој модел, подобро соодветствува на податоците отколку оригиналниот модел: $\chi^2$(N = 401,df=219) = 473,472, p<.01; RMSEA = .05; SRMR = .06; CFI = .91. Дополнително, сите факторски заситувања за индикаторите на латентните варијабли се значајни (p<.001) и стандардизираните скорови се над вредноста од .4, освен за индикаторот П33 – одлучност (вредноста на стандардизираниот скор изнесува .36). Во Табела 4 се прикажани факторските заситувања за сите поединечни индикатори.

Табела 4. *Факторски заситувања за индикаторите на латентните варијабли*

| | Стандардизирани скорови |
|---|---|
| О1 – фантазија | .76 |
| О2 – естетика | .56 |
| О3 – емоции | .55 |
| О4 – акција | .63 |
| О5 – идеи | .64 |
| О6 – вредности | .76 |
| | |
| БС1 – новитет | .81 |
| БС2 – интензитет | .56 |
| | |
| ПЗ1 – ред | .64 |
| ПЗ2 – предвидливост | .80 |
| ПЗ3 – одлучност | .36 |
| ПЗ4 – непријатност од нејаснотии | .71 |
| ПЗ5 – затвореност на умот | .67 |
| | |
| рн1 | .55 |
| рн2 | .66 |
| рн3 | .63 |
| рн4 | .67 |
| рн5 | .63 |
| | |
| б1 | .77 |
| б2 | .79 |
| б3 | .62 |
| б4 | .64 |
| б5 | .66 |

Легенда: **рн1 – рн5** – ајтеми (вицеви) од хуморот разрешување на неконгруентност (проценката се однесува на комичноста); **б1 – б5** – ајтеми (вицеви) од бесмислениот хумор (проценката се однесува на аверзивноста).

**Структурен модел**

Во овој дел, најпрво, беше тестирана соодветноста на структурниот модел. Резултатите покажуваат дека моделот не е соодветен со податоците врз основа на Хи квадрат тестот, $\chi^2(N = 401, df=220) = 478{,}202$, $p<.01$. Сепак, другите критериуми за соодветност се задоволителни: RMSEA = .05; SRMR = .06; CFI = .91.

Со цел да се проверат *Хипотезата 1* и *Хипотезата 2*, беше користена т.н. *bootstrap* проценка. Со оваа постапка се добиваат најточни интервали на сигурност за индиректните ефекти, кои вообичаено не ја следат претпоставката за нормална дистрибуираност (MacKinnon, Lockwood & Williams, 2004).

Со цел да се провери *Хипотезата 1* и нејзините субхипотези, беа пресметани директните ефекти, односно стандардизираните регресивни коефициенти. Со *Субхипотезата 1.1.*, се тврдеше дека: Отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност. Врз основа на резултатите ($\beta$ = -.03, SE = .16, p>.05), хипотезата не се потврди. *Субхипотеза 1.2.*, која гласеше: Отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор, според добиените наоди, се потврдува ($\beta$ = -.25, SE = .24, p<.01). *Субхипотеза 1.3.*, со која се тврдеше дека: Барањето сензации има директен негативен ефект кон проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност, не се потврди ($\beta$ = .07, SE = .17, p>.05). Врз основа на добиените наоди, се отфрла и *Субхипотеза 1.4.*, која гласеше: Барањето сензации има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор ($\beta$ = -.03, SE = .24, p>.05).

Со цел да се провери *Хипотезата 2* и нејзините субхипотези, беа пресметани индиректните ефекти. Резултатите се прикажани во Табела 5.

Табела 5. *Индиректни ефекти и 95% интервали на сигурност*

| „Патишта” во моделот | Проценети | 95% CI | |
|---|---|---|---|
| | | долен | горен |
| Отвореност кон искуства → Потреба за затворање → РН | -0,18[a] | -0,19 | -0,02 |
| Отвореност кон искуства → Потреба за затворање → Б | -0,05 | -0,09 | 0,05 |
| Барање сензации → Потреба за затворање → РН | -0,16[a] | -0,20 | -0,02 |
| Барање сензации → Потреба за затворање → Б | -0,04 | -0,09 | 0,05 |

[a]Емпирискиот 95% интервал на сигурност (CI) не ја опфаќа нулата; РН = разрешување неконгруентност; Б = бесмислен хумор

Според резултатите прикажани во Табела 5, отвореноста кон искуства има значаен индиректен ефект врз проценката на комичноста на хуморот РН, преку потребата за затворање. Исто така, значаен е индиректниот ефект на барањето сензации врз проценката на комичноста на хуморот РН, преку потребата за затворање. Според ова, може да се заклучи дека се потврдуваат *субхипотезата 2.1* и *2.3*. Врз основа на резултатите, се отфрлаат *субхипотезите 2.2* и *2.4*.

Стандардизираните регресивни коефиценти се инкорпорирани во структурниот модел, прикажан во График 2.




*График 2. Конечен структурно-равенски модел за односот на отвореноста кон искуства, барањето сензации, потребата за затворање и проценката на хуморот разрешување на неконгруентност и бесмислениот хумор.*

*p<.05; **p<.01

Забелешка: Факторските заситувања за индикаторите на латентните конструкти се изоставени (види Табела 4). Дополнително, корелацијата помеѓу споените грешки (е2 и е3), изнесува r=.28, p<.01.

Според резултатите прикажани во График 2, може да се констатира дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се значајно позитивно поврзани (r=.47; p<.01). Понатаму, отвореноста кон искуства и барањето сензации се индиректно поврзани со проценката на комичноста на хуморот РН, односно се посредувани преку потребата за затворање. Со други зборови, што пониско е нивото на отвореноста кон искуства и барањето сензации, тоа повисока е потребата за затворање (β = -.39; p<.01 и β = -.37; p<.01). Високата потребата за затворање, пак, предвидува високи проценки на комичноста на хуморот РН (β = .23; p<.05). Со оглед на тоа што отвореноста кон искуства и барањето сензации не се поврзани со РН хуморот (β = -.03; p>.05 и β = -.03; p>.05), може да се заклучи дека станува збор за целосна медијација, или т.н. *само-индиректна медијација* (Zhao, Lych & Chen, 2010). Дополнително, значаен директен ефект постои од отвореноста

кон искуства кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор ($\beta$ = -.25). Во таа смисла, индивидуите кои се отворени кон искуства, даваат ниски проценки на аверзивноста на овој тип хумор.

За крај, треба да се напомене дека според моделот, објаснетата варијанса во однос на потребата за затворање изнесува 42%, во однос на хуморот РН изнесува 5%, додека во однос на варијансата на Б-от хумор е 8%.

# ДИСКУСИЈА

Целта на овој труд беше да се испита поврзаноста меѓу отвореноста кон искуства, барањето сензации и потребата за затворање со проценката на структурните димензии на хуморот. Фокусот во однос на структурните димензии на хуморот беше на проценките на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентноста (РН) и проценките на аверзивноста на бесмислениот (Б) хумор. Дополнително, истражувањето имаше за цел да провери дали потребата за затворање е медијатор варијабла во врската помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации, од една страна, и проценките на хуморот РН и Б-от хумор, од друга страна. Дискусијата, најпрво ќе се задржи на резултатите добиени на дескриптивно ниво, а потоа ќе биде насочена кон евалуација на моделот на мерење. Следно, ќе бидат разгледани резултатите од структурниот модел, односно проверката на хипотезите. На крај, дискусијата ќе се насочи кон недостатоците на ова истражување и ќе бидат дадени препораки за понатамошни истражувања.

## Дискусија на резултатите добиени на дескриптивно ниво

Врз основа на дескриптивните статистици (Табела 3), може да се заклучи дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се многу блиску до средната вредност на скалите на кои се мерени, што укажува на умерена изразеност на овие варијабли во примерокот. Нешто повисока од средната вредност е добиената аритметичка средина на потребата за затворање. Сепак, добиената вредност е споредлива со резултатите од предходни истражувања. Имено, во истражувањето на Roets и Van Hiel (2011), добиената аритметичка средина изнесувала M=3,76.

Што се однесува до доживувањето на комичноста на хуморот РН и аверзивноста на Б-от хумор, повторно, резултатите се во согласност со предходните истражувања (Carretero-Dios & Ruch, 2010). Во нивната студија се користени *3WD тестот за хумор* (Ruch, 1992), на кој одговарале испитаници од Германија и *Скалата за проценка на хуморот* (Carretero-Dios et al., 2009), на која одговарале испитаници од Шпанија. Во однос на *3WD тестот за хумор,* аритметичката средина за проценките на комичноста на хуморот РН изнесувала M=3,93, додека аритметичката средина за проценките на аверзивноста на Б-от хумор изнесувала M=1,64. Што се однесува до скоровите добиени на

*Скалата за проценка на хуморот*, аритметичката средина за проценките на комичноста на хуморот РН изнесувала M=3,00, додека аритметичката средина за проценките на аверзивноста на Б-от хумор изнесувала M=0,34[20]. Може да се заклучи дека доживувањето на двете структурни категории на хуморот е споредливо во различни култури. Поконкретно, комичноста на хуморот РН е умерено изразена, додека аверзивноста на Б-от хумор е ниска. Оваа констатација важи и за испитаниците од Шпанија и Германија, но и во наш културен контекст.

Важно е да се нагласи дека ниските проценки на скалата за аверзивност, Ruch (1992) ги согледува во самата природа на стимулусите. Имено, според него, хуморот има за цел да нѐ забавува, а не да ни предизвика незадоволство. Со други зборови, проценките на комичноста одразуваат вообичаени реакции на хуморот, додека на аверзивноста треба да се гледа како важен дополнителен аспект на реагирање на хуморот (Ruch, 1992). Во таа смисла, на ниските проценки на скалата за аверзивност не треба да се гледа како на психометриски недостаток, туку како одраз на природата на реакциите.

Во ова истражување нагласката беше ставена само на проценките на комичноста на хуморот РН и проценките на аверзивноста на Б-от хумор. Ова е согласно со претходните релевантни истражувања кои ја потврдиле хипотезата дека индивидуите кои имаат висока нетолеранција на двосмислености, имаат високи скорови на **РН***комичност* и **Б***аверзивност* (Busse, 1987, Jansa, 1990, Ruch & Hehl, 1983, Ruch & Hehl, 1985, Ruch & Hehl, 1986, преглед кај Ruch, 1992). Слично, Ruch & Hehl (1993) ја потврдиле хипотезата дека потребата за ред е поврзана со **РН***комичност* и **Б***аверзивност.* Со оглед на тоа што потребата за затворање е концептуално слична со овие конструкти, во ова истражување беа земени предвид само проценките на комичноста на хуморот РН и проценките на аверзивноста на Б-от хумор. Сепак, мора да се напомене дека при задавањето на *Скалата за проценка на структурата на хуморот*, испитаниците ја проценуваа и комичноста на Б-от хумор, но и аверзивноста на хуморот РН. Како што беше напоменато, овие скорови не се прикажани во Табела 3, со оглед на тоа што не се во фокусот на ова истражување. Понатаму, накратко ќе бидат разгледани и овие наоди.

[20] Треба да се напомене дека *3WD тестот за хумор* користи 7-степена скала, додека хумористичните стимулуси на *Скалата за проценка на хуморот* се проценуваат на 5-степена скала.

Аритметичката средина и стандардното отстапување во однос на проценките на комичноста на Б-от хумор изнесуваат: M=2,54; SD=1,39, додека проценките на аверзивноста на хуморот PH се: M=1,40; SD=1,25. Овие резултати се повторно споредливи со претходни истражувања во кои биле вклучени проценките на структурните димензии на хуморот (Carretero-Dios et al., 2009; Carretero-Dios & Ruch, 2010; Galloway & Chirico, 2008). Конзистентно со овие истражувања, проценките на комичноста на Б-от хумор се пониски од проценките на комичноста на хуморот PH. Дополнително, проценките на комичноста на Б-от хумор се под средната вредност на скалата. Ова би можело да се објасни со фактот дека бесмислениот хумор може да се опише како бизарен и чуден (Martin, 2007), за разлика од хуморот PH. Што се однесува до проценките на аверзивноста на Б-от хумор, тие повторно се прилично ниски (како и проценките на аверзивноста на хуморот PH). Овој наод е во согласност со претходните истражувања кои посочуваат дека аверзивноста на структурните димензии на хуморот е ниска. На пример, во истражувањето на Carretero-Dios & Ruch (2010), аритметичката средина за аверзивноста на Б-от хумор изнесува: M=1,70, додека за хуморот PH, изнесува: M=1,51 (во однос на скоровите добиени на *Скалата за проценка на хуморот*). Слични резултати се добиени и на примерокот кој одговарал на *3WD тестот за хумор*. Имено, аритметичката средина за аверзивноста на Б-от хумор изнесува: M=1,64, додека за хуморот PH, изнесува: M=1,08. Заклучокот на Carretero-Dios & Ruch (2010) дека средните вредности се споредливи во однос на структурните димензии на хуморот (на проценките на комичноста и аверзивноста) во однос на двата инструменти кои биле користени во нивното истражување (*Скалата за проценка на хуморот* и *3WD тестот за хумор*), може да се генерализира и за добиените скорови на инструментот користен во ова истражување, односно - *Скалата за проценка на структурните димензии на хуморот*. Со други зборови, иако се користени различни инструменти и примероци од различни култури, доживувањето на структурните димензии на хуморот е слично. Поконкретно, хуморот PH се доживува како посмешен во однос на Б-от хумор и аверзивноста на структурните димензии на хуморот е ниска, односно генерално не се доживуваат вицевите од Б-от хумор и хуморот PH како одбивни.

**Дискусија на резултатите во однос на моделот на мерење**

При првичното тестирање на мерниот модел, резултатите покажаа дека моделот не е соодветен со податоците: $\chi^2$(N = 401, df=220) = 499,662, p<.01; RMSEA = .06; SRMR = .06; CFI = .90. Може да се забележи дека Хи квадрат тестот е значаен; RMSEA вредноста не е помала од .06; ниту е надмината вредноста од .90 за CFI. За да се подобри соодветноста на моделот, беше одлучено да се спојат грешките е2 и е3 со оглед на тоа што имаа највисока вредност на модификацискиот индекс (24,366). Највисоката вредност на модификациските индекси посочува на можноста за максимално подобрување на соодветноста на моделот. Сепак, мора да се напомене дека дозволувањето грешките на индикаторите да корелираат, треба да биде теориски оправдано и интерпретирано (Jöreskog & Sörbom, 1993, според Ho, 2006). Во таа смисла, грешките е2 и е3, се однесуваат на индикаторите *естетика* и *емоции*. Може да се претпостави дека овие индикатори имаат одредена слична содржина. Поконкретно, неколку ајтеми од субскалата за емоции се однесуваат на доживување на интензивни емоции/чувства (пр. *Без силни емоции животот не би бил интересен за мене; Ретко доживувам силни чувства*). Слично, одредени ајтеми од субскалата за аспектот естетика, се конкретизирани интензивни емоции, поврзани со естетски доживувања (пр. *Понекогаш, кога читам поезија или кога набљудувам некое уметничко дело, чувствувам опуштеност или бран на возбуда; Одредени правци во музиката не престануваат да ме фасцинираат*). Дополнително, аспектите *естетика, емоции* и *фантазија* се поврзани со конструктот *апсорбираност*, за разлика од останатите аспекти на отвореноста кон искуства, односно *идеи, акции* и *вредности* (Glisky et al., 1991). Апсорбираноста се определува како диспозиција да се имаат епизоди кои се поврзани со целосно внимание, кое во потполност ги ангажира нашите ресурси (Tellegen & Atkinson, 1974).

Откако беа споени грешките е2 и е3, повторно беше тестиран мерниот модел. Резултатите покажаа дека иако моделот не е соодветен според Хи квадрат тестот ($\chi^2$(N = 401,df=219) = 473,472, p<.01, сепак, според другите критериуми, моделот е соодветен. Поконкретно, вредноста на RMSEA индексот е помала од .06, односно изнесуваше .05; SRMR = .06 (вредноста е помала од критичната вредност од .09); CFI = .91, односно добиената вредноста е поголема од граничната вредност која изнесува .90.

Стандардизираните регресивни коефициенти (Табела 4), се во опсег од .36 (одлучност) до .81 (новитет) и се значајни ($p<.001$). Треба да се напомене дека освен ниската вредност на индикаторот *одлучност*, сите други индикатори имаат високи заситувања кои се над . 4. Вредноста од . 4 е препорачана од Stevens (1992), како гранична вредност која би требало да биде надмината. Во таа смисла, добиените вредности посочуваат дека латентните конструкти се добро репрезентирани од индикаторите.

**Дискусија на резултатите во однос на структурниот модел**

Процесот на тестирање на структурно-равенскиот модел се состои од мерен и структурен модел (Hair et al., 1998). Со мерниот модел се согледуваат мерните карактеристики на обзервираните варијабли, додека структурниот модел ги опфаќа релациите меѓу конструктите (Ho, 2006). Со оглед на тоа што се покажа дека мерниот модел е соодветен и латентните конструкти се добро репрезентирани од индикаторите, следниот чекор е тестирање на претпоставените релации меѓу конструктите. Во таа смисла, во ова поглавје најпрво ќе бидат дискутирани резултатите во однос на првата хипотеза која постулираше дека отвореноста кон искуства и барањето сензации имаат директен негативен ефект кон проценката на структурните димензии на хуморот, додека потоа, ќе бидат дискутирани резултатите кои се однесуваат на претпоставката дека потребата за затворање е медијатор варијабла помеѓу отвореноста кон искуства, барањето сензации и проценката на структурните димензии на хуморот (Хипотезата 2).

**Дискусија на резултатите на релација на субхипотезите во групата 1**

Резултатите од истражувањето покажаа дека три од четирите субхипотези во оваа група не се потврдија. Поконкретно, не беа поддржани *Субхипотеза1.1.*, со која се тврдеше дека: Отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност. *Субхипотеза 1.3.*, со која се тврдеше дека: Барањето сензации има директен негативен ефект кон проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност, и *Субхипотеза 1.4.,* која гласеше: Барањето сензации има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор. Од оваа група, поддржана беше само

*Субхипотезата 1.2.*: Отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор.

Поврзаноста на отвореноста кон искуства и барањето сензации со доживувањето на структурните димензии на хуморот, беше претпоставена врз основа на претходни истражувања кои ја потврдуваат врската меѓу овие конструкти (Ruch & Hehl, 1998; Carretero-Dios & Ruch, 2010). Сепак, мора да се напомене дека во овие истражувања, наодите се на ниво на корелации, додека во докторскиот труд беше постулиран структурен модел. Дополнително, треба да се има предвид дека операционализацијата на хуморот РН и Б-от хумор во ова истражување, е различна од претходните студии. Во таа смисла, *Скалата за проценка на структурата на хуморот* (Sulejmanov et al., 2018) е составена од хумористични стимулуси кои се релевантни за нашиот културен контекст, но и е насочена само кон вицеви. Во *3WD Тестот за хумор* (Ruch, 1983), сите стимулуси кои се означени како бесмислен хумор се визуелни хумористични стимулуси. Според Hempelmann & Samson (2008), може да постојат клучни разлики помеѓу вербалниот и визуелниот хумор во однос на когнитивните и естетските карактеристики, кои може да го променат афективното доживување на визуелните хумористични стимулуси наспроти вербалните.

Наодот дека отвореноста кон искуства има директен негативен ефект кон проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор (*субхипотезата 1.2.*), е во согласност со претходните истражувања. Според Ruch & Hehl (1998), бесмислениот хумор е поврзан со висока имагинација, односно спремност за фантазирање. Често, неразрешената негонкруентност во бесмислениот хумор е резултат на драстично отстапување од реалноста. Оваа претпоставка на Ruch & Hehl, може да се илустрира и со конкретни вицеви, кои беа означени како бесмислен хумор во *Скалата за проценка на структурата на хуморот* (Sulejmanov et al., 2018). Репрезентативен пример би бил следниот виц:

*Куче отишло во канцелариите на некој весник за да објави оглас.*

*- Што сакате да пишува во огласот? го прашале.*

*- Ав, ав, ав. Ав, ав, ав. Ав, ав. – „Тоа ви се осум „ав", можете да ставите уште едно без да доплаќате", му рекол вработениот во весникот.*

*На тоа кучето му рекло:*

*- И каква смисла ќе има тогаш огласот?!*

Евидентно е дека во овој виц има драстично отстапување од реалноста во неколку аспекти. Најпрво, имаме претпоставка дека куче може да влезе во канцелариите на некој весник, но и да бара да објави оглас. Понатаму, се претпоставува дека и самите вработени го прашуваат каков оглас сака да објави, со што се имплицира дека кучето може и да зборува. Иако првично одговара само со лаење, во крајната реченица се прифаќа претпоставката дека кучето може да зборува. Карактеристично е и тоа што на крајот немаме разрешување на неконгруентноста, туку со одговорот: *И каква смисла ќе има тогаш огласот,* се создава нова апсурдност. Уживањето во овој виц произлегува од играта со идеи, или како што тоа добро го има формулирано Ruch (1999): „Смислата на бесмислата лежи во бесмислата на смислата". Оттука, се потврдува и претпоставката дека индивидуите кои се отворени кон искуства, не го доживуваат бесмислениот хумор како аверзивен. Со други зборови, отвореноста кон искуства е предиктор на ниските проценки за аверзивност на бесмислениот хумор.

Треба да се нагласи дека аверзивните реакции на хуморот претставуваат спој од евалуација на хумористичниот стимулус и предизвиканото чувство. Доживувањето на хуморот како аверзивен, или одбивен, може да посочува на емоционални или когнитивни проценки (Ruch & Rath, 1993). Иако овие негативни реакции на хуморт се мерат само со скалата за аверзивност, тие се определени од два кластери. Ruch & Rath (1993), посочуваат дека првиот се однесува на евалуација на хумористичниот стимулус како *агресивен, невкусен, засрамувачки* и на чувство на *индигнација* и *гнев*. Вториот, пак, е определен од евалуација на хумористичниот стимулус како *детски* и *прост* и чувство на *здодевност* и *нестимулираност.* Токму овој кластер на реакции, се однесува на согледување дека хумористичниот стимулус има недоволен интелектуален квалитет, односно е под нашите стандарди. Овие реакции повеќе се поврзани со структурните димензии на хуморот, односно посочуваат на когнитивниот домен. Од друга страна, афективниот домен повеќе се однесува на првиот кластер. Во таа смисла, иако и во ова истражување негативните рекации се определени само од проценки на скалата за аверзивност, може да се претпостави дека тие повеќе се однесуваат на согледувањето на интелектуалниот квалитет на вицевите. Како што се покажа, перципираниот квалитет на хумористичните стимулуси е поврзан со индивидуалните разлики во однос на отвореноста кон искуства. Индивидуите

кои се отворени кон искуства не ги доживуваат бизарните и апсурдни вицеви како аверзивни.

**Дискусија на резултатите на релација на субхипотезите во групата 2**

Резултатите од истражувањето ги потврдија *Субхипотезата 2.1.*, според која, релацијата на отвореноста кон искуства со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност е посредувана преку потребата за затворање, како и *Субхипотезата 2.3.*, според која, релацијата на барањето сензации со проценката на комичноста на хуморот разрешување на неконгруентност е посредувана преку потребата за затворање. Не се потврдија *Субхипотеза 2.2.*, според која, релацијата на отвореноста кон искуства со проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор е посредувана преку потребата за затворање и *Субхипотеза 2.4.*, според која, релацијата на барањето сензации со проценката на аверзивноста на бесмислениот хумор е посредувана преку потребата за затворање. Во функција на дискусијата на овие наоди, ќе биде дадено објаснување на условите за утврдување на медијација и разликувањето на видови медијација.

Подолу е даден модел со три варијабли, независна (X), медијатор (M), и зависна (Y) вариајбла:




Според најчесто користените тестови за утврдување на медијација (Baron & Kenny, 1986), потребно е задоволување на три услови: **а)** варијациите во нивото на претпоставената независна варијабла, значајно ги објаснуваат варијациите во претпоставената медијатор варијабла (пат *a*); **б)** варијациите во медијатор варијаблата, значајно ги објаснуваат варијациите во зависната варијабла (пат *b*); и **в)** кога патиштата *a* и *b* се контолирани, претходната значајна релација помеѓу независната и зависната варијабла не е веќе значајна, додека најсилна демонстрација на медијација е кога патот *c* изнесува нула. Треба да се забележи дека условот под **в,** претпоставува значајност на директниот пат *c*. Сепак, според Zhao, Lynch & Chen (2010), единствен услов за да се

воспостави медијација е индиректниот ефект (*a x b*) да биде значаен. Во овој случај, кога е значаен патот *a x b*, но, не и патот *c*, станува збор за т.н. *само-индиректна*, или целосна, медијација. Дополнително, авторите сметаат дека во ваков случај идентификувањето на медијатор варијабла е конзистентно со претпоставената теориска рамка. Според типологијата на Zhao et al. (2010), идентификувани се три типа на медијација, како и два случаи кога не станува збор за медијација:

1. *Комплементарна медијација*: Посредуваниот ефект (*a x b*) и директниот ефект (*c*) се значајни и се со иста насока.

2. *Компетитивна медијација*: Посредуваниот ефект (*a x b*) и директниот ефект (*c*) се значајнии и се со спротивна насока.

3. *Само-индиректна медијација*: Значаен е посредуваниот ефект (*a x b*), но нема директен ефект.

4. *Само-директна немедијација*: Значаен е директниот ефект (*c*), но нема индиректен ефект.

5. *Без ефект немедијација*: Нема ниту директен, ниту индиректен ефект.

Според оваа типологија, наодите од истражувањето посочуваат на *само-индиректна медијација* во случаите на потврдените субхипотези 2.1 и 2.3. Во случаите кога хипотезите не се потврдија, кај наодите од субхипотезата 2.2. - посочуваат на *само-директна немедијација,* додека резултатите од субхипотезата 2.4., може да се класифицираат како *без ефект немедијација.* Пред да биде разгледано значењето на овие наоди, најпрво ќе биде дискутирана поврзаноста меѓу отвореноста кон искуства, барањето сензации и потребата за затворање.

Отвореноста кон искуства и барањето сензации претставуваат претпоставени независни варијабли, или, според терминологијата на структурното-равенско моделирање, се нарекуваат егзогени конструкти во претпоставениот модел. Егзогените конструкти се определени од фактори кои се надвор од моделот, односно тие не се објаснети од другите конструкти кои се вклучени во моделот (Hair et al., 1998). Во таа смисла, важно е да се напомене дека отвореноста кон искуства е воглавно определена од наследните фактори (Đurić-Jočić et al., 2004; Yamagata et al., 2006). Што се однесува до барањето сензации, според Zuckermann (1979), исто така, се нагласуваат биолошките основи на овој

конструкт. Сепак, концептуализацијата на Arnett (1994), која беше користена во овој труд, укажува и на важноста на социјализацијата во развивањето на барањето сензации. Со други зборови, претпоставува дека барањето сензации е под влијание на биолошките предиспозиции во интеракција со социјалната средина. Carretero-Dios & Ruch (2010), укажуваат на концептуалната сличност помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации. Поконкретно, сметаат дека димензијата *новитет*, на одреден начин посочува на отвореност кон искуства. Како и што покажаа резултатите, отвореноста кон искуства и барањето сензации, значајно позитивно корелираат ($r=.47$; $p<.01$), што укажува на одредено преклопување помеѓу овие конструкти. Сепак, ова не значи дека овие конструкти се редунтантни во однос на нивниот поединечен придонес во разбирање на индивидуалните разлики во доживување на хуморот. Во таа смисла, со оглед на одредената концептуална сличност помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации, теориски е оправдана нивната поставеност како егзогени конструкти во претпоставениот модел.

Од друга страна, потребата за затворање посочува на *когнитивен* фактор, за разлика од *искуствениот* фактор, според кој, воглавно е определана отвореноста кон искуства (Onraets et al., 2010). Дополнително, Kruglasnki & Webster (1996) укажуваат на теориска дистинкција помеѓу отвореноста кон искуства и потребата за затворање. Имено, нагласуваат дека отвореноста кон искуства е генерален психолошки синдром, кој се манифестира во уметничка креативност, подложност на хипноза, богата фантазија и неконвенционални ставови. „Мотивацсикиот дел на овој синдром вклучува потреба за промена, барање сензации и интелектуално разбирање, кои се прилично различни од потребата за затворање" (Kruglasnki & Webster, 1996, стр. 268). Имајќи ги предвид претходните истражувања кои посочуваат на негативна поврзаност помеѓу отвореноста кон искуства и потребата за затворање (Roets & Van Hiel, 2011; Costa & McCrae, 1998), беше претпоставено дека отвореноста кон искуства (и барањето сензации) се негативни предиктори во однос на потребата за затворање. Сепак, мора да се напомене дека ова не значи дека отвореноста кон искуства и барањето сензации, од една страна, и потребата за затворање, од друга страна, се ставаат во каузален однос. Ова ќе биде подетално елаборирано во наредното поглавје, каде ќе бидат разгледани недостатоците на оваа студија и препораките за понатамошни истражувања.

Понатаму, најпрво ќе бидат анализирани резултатите во однос на субхипотезата 2.1 и 2.3, кои се потврдија. Да потсетиме дека овие субхипотези посочуваат на релацијата: отвореност кон искуства>потреба за затворање>проценка на комичноста на хуморот РН (субхипотезата 2.1), и релацијата: барање сензации>потреба за затворање>проценка на комичноста на хуморот РН (субхипотезата 2.3).

Во истражувањето на Ruch & Hehl (1998), отвореноста кон искуства била значајно негативно поврзана со проценките на комичноста на хуморот РН. Со други зборови, индивидуите кои се затворени кон искуства, даваат повисоки проценки во однос на комичноста на хуморот РН. Ова го објаснуваат со фактот дека често информацијата потребна за да се разреши неконгруентноста во овој тип на хумор се базира на стереотипи, односно карактерите во хумористичните стимулуси се глупи, злобни, мрзеливи, итн. Во таа смисла, разрешувањето на неконгруентноста им овозможува потврда на нивниот вредносен систем. Во нивното истражување, токму фацетите *вредности* и *фантазија*, биле значајно негативно поврзани со проценките на комичноста на хуморот РН ($r=-.34$; $p<.001$ и $r=-.19$; $p<.05$). Со оглед на тоа што индивидуите кои се отворени кон искуства, се карактеризираат со отвореност кон нови вредности и подготвеност за реинтерпретација на социјалните, политичките и религиозните вредности, не го преферираат хуморот РН кој се базира на стереотипи. Доколку се анализираат и вицевите од овој тип на хумор во *Скалата за проценка на структурата на хуморот* (Sulejmanov et al., 2018), евидентно е дека повеќето од вицевите претпоставуваат одредени стереотипи. Подолу ќе бидат разгледани неколку примери:

*Трпе на паркинг го бакнува автомобилот по вратите и го гали со солзи во очите. Цветко случајно минува и го прашува:*

*- Го продаваш?*

*- Не, жена ми доби возачка дозвола.*

Јасно е дека поентата на вицот, содржана во одговорот „жена ми доби возачка дозвола", имплицира дека жените се лоши возачи. Со други зборови, од последната реченица дознаваме дека карактерот во вицот е загрижен за автомобилот поради тоа што неговата сопруга добила возачка дозвола. Од друга страна, прашањето дали го продава автомобилот, може да претпоставува дека се работи за одредена емотивна поврзаност со самиот автомобил.

Во следниот виц, пак, е вграден добро познатиот стереотип за личните карактеристики на адвокатите. Поконкретно, во вицот се имплицира дека адвокатите се интересираат само за пари:

*Возач гази еден пешак на пешачки, и возачот му вели на пешакот:*

*- Имаш среќа што сум доктор!*

*А пешакот му вели:*

*- А ти немаш среќа дека сум адвокат.*

Во вицот подолу, поентата е преиспитување на стереотипот дека мажите се тие кои ја имаат контролата во домот:

*Мало девојче ја прашува својата мајка:*

*- Мамо, што значи изразот размена на мислења?*

*- Мила, тоа е кога татко ти ќе дојде дома со свое мислење, а ќе замине 5 минути подоцна со мое мислење.*

Може да се увиди дека одговорот на мајката за објаснување на изразот размена на мислење, нѐ наведува кон заклучокот дека всушност „последниот збор" во домот го имаат жените. Исто така, самиот одговор нѐ наведува да го преиспитаме очекуваниот одговор на прашањето „што значи изразот размена на мислење"? Со други зборови, одговорот на мајката е неконгруентен со прашањето, но сепак има смисла, доколку го реинтерпретираме прашањето во однос на родовите улоги.

Во ова истражување се претпостави и потврди дека релацијата помеѓу отвореноста кон искуства и проценките на комичноста на хуморот РН, може да се објасни преку потребата за затворање. Потребата за затворање е когнитивно-мотивациски конструкт и претставува желба за добивање на цврст одговор на одредено прашање и аверзија спрема двосмисленост (Kruglanski & Webster, 1996). Кај индивидуите кои се затворени кон искуства се зголемува оваа желба за цврст одговор, додека потребата за затворање е позитивно поврзана со проценките на комичноста на хуморот РН. Вицевите од хуморот РН, може да се каже дека обезбедуваат одговор (целосно разрешување на неконгруентноста) и чувство дека има поента која сме ја сфатиле. Според Suls (1972), суштината на хуморот претставува *разрешувањето на неконгруентноста*. Согласно неговата теорија, хуморот го поистоветува со решавање на проблем. Имено, воведот на некоја шега ни помага да направиме предикција за исходот. Кога последната реченица,

или поентата на шегата не е во согласност со нашата предикција, изненадени сме и бараме когнитивно правило за природниот след на последната реченица согласно на претходните информации. Доколку ова когнитивно правило се пронајде, неконгруентноста се разрешува, а шегата се перципира како смешна (според Martin, 2007). Во таа смисла, целосното разрешување, или пронаоѓањето на имплицитните стереотипи во вицевите од хуморот РН, го преферираат индивидуите кои се затворени кон искуства. Оваа врска се објаснува преку потребата за затворање. Токму високата потреба за затворање е поврзана со тоа да овој тип хумор биде доживеан како смешен, од страна на индивидуите кои се затворени кон искуства. Во вицевите од хуморот РН, може да се каже дека нема двосмисленост. Стереотипот е пронајден и неконгруентноста е целосно разрешена. Со други зборови, желбата за цврст одговор и аверзијата кон двосмисленост, е позитивно поврзана со чувството дека сме ја сфатиле поентата на вицот, односно проценките на комичноста.

На сличен начин може да се објасни и релацијата помеѓу барањето сензации и проценките на комичноста на хуморот РН (субхипотеза 2.3). Резултатите, исто така, покажаа дека потребата за затворање се јавува како медијатор помеѓу овие конструкти. Повторно, барањето сензации е индиректно поврзано со проценките на комичноста на хуморот РН. Поконкретно, намалувањето на барањето сензации го предвидува зголемувањето на потребата за затворање, додека зголемувањето на потребата за затворање ги предвидува проценките на комичноста на хуморот РН. Ова значи дека индивидуите кои не преферираат нови и интензивни стимулации, ги доживуваат како смешни вицевите што овозможуваат целосно разрешување на неконгруентноста и оваа врска е посредувана преку потребата за затворање. Овој наод може да се илустрира на ниво на конкретни ајтеми. На пример, еден од ајтемите кои се однесуваат на барањето сензации, гласи: *Кога се оди на патување, сметам дека е најдобро да се прават што помалку планови и да се препушти на случувањата како што доаѓаат.* Секако, несогласувањето со овој ајтем, укажува на ниско барање сензации. Поврзаноста на овој конкретен индикатор со доживувањето на вицевите од хуморот РН како смешен, е тешко да се објасни. Сепак, ако се согледа индиректната поврзаност на барањето сензации со хуморот РН, преку потребата за затворање, може да се согледа оваа релација. Во таа смисла, конкретен ајтем кој се однесува на потребата за затворање, е: *Брзо би станал*

*нетрпелив и иритиран доколку не можам да најдам решение за некој проблем.* Ова однесување е многу подиректно поврзано со доживувањето на хуморот. Да потсетиме дека Suls (1972), прави аналогија помеѓу доживувањето на хуморот и решавањето проблеми (според Martin, 2007). Индивидуите со висока потреба за затворање се склони кон брзо *прифаќање* на одговор на поставен проблем и притоа се *замрзнува* добиеното решение, односно се затвораат за дополнителни информации (Beck, 2003). Оттука, индивидуите кои не сакаат спонтаност кога се на патување (ниско ниво на барање сензации), може да се претпостави дека и кога се соочени со проблем, кој не може веднаш да го решат, брзо се иритираат (високо ниво на потребата за затворање). Ова, пак, е поврзано со доживување на хуморот РН како смешен. Кај овој тип хумор, лесно може да се пронајде „решението” преку сфаќање на поентата, или смислата на вицот.

Согласно забелешката на Ruch (2001), дека преферирањето на хуморот РН е манифестација на поширока потреба за контакт со структурирани, стабилни и недвосмислени форми на стимулација, се покажа дека врската помеѓу барањето сензации и хуморот РН, е посредувана преку потребата за затворање. Во потребата за затворање се вклучени токму овие аспекти кои се претпоставени кај Ruch, односно преференцијата на ред и структура и непријатност од нејаснотии. Во истражувањето на Ruch & Hehl (1993), било утврдено дека комичноста на хуморот РН е поврзана со загриженост нашите лични предмети и простор да бидат уредни и организирани. Сепак, потребата за затворање е поширок когнитивно-мотивациски конструкт, поврзан со активности кои придонесуваат за подобро разбирање на светот околу нас (Beck, 2003). Како што се покажа, овој конструкт е релевантен за објаснување на врската помеѓу диспозициите кои се повеќе искуствени, како отвореноста кон искуства и барањето сензации, со доживувањето на комичноста на хуморот РН.

Во продолжение, ќе бидат дискутирани наодите во однос на субхипотезите 2.2 и 2.4, кои не се потврдија. Да потсетиме дека овие субхипотези се однесуваа на релацијата: отвореност кон искуства>потреба за затворање>проценка на аверзивноста на Б-от хумор (2.2), и релацијата: барање сензации>потреба за затворање>проценка на аверзивноста на Б-от хумор (2.4).

Како што покажаа резултатите, отвореноста кон искуства и барањето сензации се негативни предиктори во однос на потребата за затворање, но сепак, потребата за

затворање не е значајно поврзана со проценките на аверзивноста на бесмислениот хумор. Според наодите од претходните истражувања (Ruch, 1992; Ruch & Hehl, 1993), кои се однесуваат на конструктите нетолеранција на двосмислености и потреба за ред, беше претпоставено дека и потребата за затворање, како теоретски сличен конструкт, е предиктор за високи проценки на аверзивноста на бесмислениот хумор. За разлика од овие претходни истражувања, во овој труд се покажа дека потребата за затворање е поврзана со проценките на комичноста на хуморот РН, но, не и со проценките на аверзивноста на бесмислениот хумор. Ова може да се должи на фактот дека хумористичните стимулуси, кои се класифицирани како бесмислен хумор, во *3WD тестот* се визуелни шеги, додека во *Скалата за проценка на структурата на хуморот*, сите хумористични стимулуси се вицеви. Како што беше и претходно напоменато, Hempelmann & Samson (2008) укажуваат дека може да постојат одредени клучни разлики во визуелниот и вербалниот хумор. Дополнително, треба да се напомене дека доживувањето на комичноста и аверзивноста се речиси ортогонални компоненти (Ruch, 1992). Позитивните реакции се определени преку проценките на комичноста, додека негативните реакции се определени преку проценките на аверзивноста. Слично на оваа е дистинкцијата помеѓу позитивниот и негативниот афект, за кои се претпоставува дека се независни конструкти (Watson, Clark & Tellegen, 1988). Во таа смисла, се покажа дека потребата за затворање е релавантна во однос на доживување на комичноста на хуморот РН, но, не е поврзана со доживување на аверзивноста на бесмислениот хумор.

**Недостатоци на истражувањето и препораки за понатамошни истражувања**

Во ова поглавје ќе бидат разгледани недостатоците на истражувањето и притоа ќе бидат дадени насоки за понатамошни истражувања. Најпрво, ќе биде продискутиран релативно нискиот процент на објаснета варијанса во однос на проценките на хуморот РН и Б-от хумор. Потоа, дискусијата ќе се насочи кон ограничената можност за изведување каузални заклучоци меѓу конструктите вклучени во истражувањето. Како посебна област за понатамошни истражувања ќе биде разгледана врската помеѓу доживувањето на структурата на хуморот и естетиката. Тука, поконкретно ќе стане збор за личните карактеристики, доживувањето на структурните димензии на хуморот и доживувањето на музичката и ликовната уметност. На крај, ќе бидат дадени препораки за понатамошни

истражувања кои би се насочиле кон утврдување на дополнителни димензии на хуморот во наш културен контекст.

Според наодите од истражувањето, само 5% од варијансата во однос на хуморот РН и 8% од варијансата на Б-от хумор, е објаснета според моделот. Ова значи дека придонесот на отвореноста кон искуства, барањето сензации и потребата за затворање е релативно ниска во објаснување на варијациите во доживувањето на структурните димензии на хуморот. Понатаму, ќе бидат дадени препораки со кои би можело овој недостаток да се надмине во понатамошните истражувања.

Прво, отвореноста кон искуства е мултидимензионален конструкт составен од шест фацети. Во истражувањето на Ruch & Hehl (1998), само фацетите *фантазија* и *вредности* значајно негативно биле поврзани со проценките на комичноста на хуморот РН. Од друга страна, фацетите *естетика, идеи* и *вредности* биле значајно негативно поврзани со проценките на аверзивноста на Б-от хумор. Во таа смисла, не сите аспекти на отвореноста кон искуства се поврзани со индивидуалните разлики во доживување на комичноста на хуморот РН и аверзивноста на Б-от хумор. Понатамошните истражувања би можеле да се задржат токму на овие фацети и да ја разгледаат нивната поврзаност со доживувањето на структурните димензии на хуморот, преку потребата за затворање.

Второ, во нешто поново истражување, Onraet et al. (2010) прават емпириска дистинкција помеѓу *искуствена* и *когнитивна* компонента на конструктот отвореност кон искуства. Ајтемите кои имале високи заситувања на когнитивната димензија, најмногу припаѓале на фацетите *акција* и *вредности.* Покрај овие ајтеми, на когнитивната компонента имале високи заситувања речиси сите ајтеми од потребата за затворање. Ова посочува на тоа дека когнитивниата компонента на отвореноста кон искуства е теориски слична со потребата за затворање. Понтамошните истражувања би можеле да ја користат оваа репрезентација на отвореноста кон искуства. Имено, би можело да се очекува дека искуствената компонента ќе биде индиректно поврзана со проценките на комичноста на хуморот РН, преку потребата за затворање, која укажува на когнитивниот домен. Од друга страна, когнитивната компонента би можело да се очекува дека е директно поврзана со проценките на комичноста на хуморот РН.

Според Onraet et al. (2010) индивидуите со висока потреба за затворање не ја преферираат комплексната ликовна уметност со оглед на тоа што овие уметнички дела

подразбираат темелна анализа, пред да можат да бидат разбрани и да може да се ужива во нив. Со други зборови, индивидуите со висока потреба за затворање не ја преферираат комплексната уметност, бидејќи сакаат што побрзо да постигнат затворање, односно за нив е тешко согледувањето на значењето на овој вид уметност. Во таа смисла, се согледува директна врска помеѓу потребата за затворање (или, когнитивната компонента на отвореноста кон искуства) и доживувањето на комплексната уметност. Како што подоцна ќе биде подетално разгледано, доживувањето на структурните димензии на хуморот е, исто така, поврзано со доживувањето на ликовната и музичката уметност. Засега, се посочува дека недостаток на ова истражување може да е неправењето разлика помеѓу искуствената и когнитивната компонента на отвореноста кон искуства. Овие две компоненти може на различно ниво да се поврзани со доживувањето на структурните димензии на хуморот. Поконкретно, индивидуите кои имаат ниска когнитивна отвореност, може да ги доживуваат како смешни вицевите од хуморот РН, со оглед на тоа што не подразбираат темелна анализа за наоѓање на поентата на вицот. Како што беше напоменато, штом стереотипот е пронајден, имаме разрешување на неконгруентноста. Од друга страна, искутвената отвореност може да се очекува дека е поврзана со проценките на комичноста на хуморот РН, само преку когнитивниот домен. Овој домен може да биде претставен преку потребата за затворање, или, пак, преку когнитивната компонента на отвореноста кон искуства.

Понатаму, идните истражувања би можеле да направат дистинкција и помеѓу двете димензии на барањето сензации, односно *новитет* и *интензитет*. Може да се претпостави дека димензијата новитет е порелевантен предиктор во однос на доживувањето на структурните димензии на хуморот. Да потсетиме дека оваа димензија е концептуално слична со отвореноста кон искуства (Carretero-Dios & Ruch, 2010). Може да се додаде дека оваа сличност повеќе се однесува на искуствената компонента на отвореноста кон искуства, наместо когнитивната компонента.

Понатамошните студии би можеле да се насочат и кон истражување на посебните димензии на потребата за затворање. Во таа смисла, користењето на *Ревидираната скала на потребата за затворање* (Roets & Van Hiel, 2007), која е составена од 41 ајтем, може да овозможи испитување на придонесот на посебните димензии на потребата за затворање во однос на доживувањето на структурните димензии на хуморот.

Следен недостаток на ова истражување е ограничената можност за изведување каузални заклучоци меѓу конструктите вклучени во истражувањето. Секако, каузални заклучоци би можело да се изведат само доколку се направат лонгитудинални и/или експериментални истражувања. На овој недостаток посочуваат и други истражувања кои користеле сличен нацрт во нивните студии (Zhao et al., 2014; Poncy, 2017). Дополнително, претпоставениот структурен модел е прилично едноставен. Во таа смисла, идните истражувања би требало да вклучат и други варијабли. На пример, Kruglanski & Webster (1996), претпоставуваат дека културните норми може да се антецеденти на потребата за затворање. Тука конкретно се мисли на културните димензии претпоставени од страна на Hofstede (1980). Како релевантна димензија која би можело да се вклучи во понатамошните истражувања е т.н. *индекс на избегнување неизвеснот.* Оваа димензија е дефинирана како општествена толеранција на двосмисленост (Hofstede, 1991). Треба да се напомене дека оваа димензија е карактеристична за балканските народи (Кениг, 2006). Со вклучување на оваа димензија би се овозможило согледување на културните разлики во однос на доживување на структурните димензии на хуморот. Дополнително, би можело да се увиди интеракцијата помеѓу отвореноста кон искуства/барањето сензации и индексот на избегнување неизвесност во предвидување на потребата за затворање. Согласно на забелешката на Beck (2003), дека разликите во потребата за затворање може да се делумно и наследни, оправдана е претпоставката дека отвореноста кон искуства, која во голема мера е определена од наследството (Yamagata et al., 2006) би можело да е антецедент на потребата за затворање (секако, во интеракција со културните норми и социјализацијата).

Мора да се нагласи дека ова истражување би можело да биде само поттик за идни студии со кои би можело да се изведат каузални заклучоци и да се согледаат генетските и срединските влијанија. Засега, многу мал број на студии се задржале на ова прашање (Nias & Wilson, 1977, Cherkas, Hochberg, MacGregor, Snieder & Spector, 2000, според Weber et al., 2014). Овие истражувања вклучувале монозиготни и дизиготни парови на близнаци. Во двете студии не се покажале генетски влијанија во однос на доживување на хуморот. Со други зборови, монозиготните близнаци не биле повеќе слични во однос на дизиготните близнаци. Според Weber et al. (2014), заклучокот кој би можел да се изведе е дека влијанието на семејните фактори и врсниците е предоминантно во определување на она што го сметаме за смешно. Сепак, овие автори сметаат дека е прерано да се заклучи дека

доживувањето на хуморот е определено само од срединските фактори. Во нивната студија, проценките на комичноста и на аверзивноста на хуморот PH, биле определени, во мала мера од генетски влијанија, додека во поголема мера од срединските ефекти. Што се однесува до комичноста и аверзивноста на Б-от хумор, двата вида на реакции биле, пред сè, определени од влијанијата на средината. Резултатите од докторскиот труд, донекаде се во согласност со овие наоди. Имено, отвореноста кон искуства како високо херитабилна црта не е директно поврзана со доживувањето на комичноста на хуморот PH, туку преку потребата за затворање. Од друга страна, директниот ефект на отвореноста кон искуства кон аверзивноста на Б-от хумор, посочува на потребата за понатамошни бихејвиорално-генетски студии кои ќе ги вклучуваат овие варијабли. Како што посочуваат Weber et al. (2014), овие студии би требало да дадат одговор на прашањето „зошто барањето сензации (*отвореноста кон искуства*) е високо херитаблина *црта*, но доживувањето на Б-от хумор не е *определено од генетските влијанија*" (Weber et al., 2014, стр. 14). Можен одговор, на кои укажуваат Weber et al. (2014), е пронаоѓањето на латентен гентски ефект во идни студии.

Тука би направиле аналогија со студии кои се занимаваат со истражување на цртите на личноста и политичките ставови. Според Verhulst, Eaves & Hatemi (2012), многу студии (Gerber et al., 2010; Jost et al., 2003; Mondak et al., 2010) претпоставуваат дека цртите на личноста се причинители на политичките ставови. Оваа претпоставка се базира на тоа дека цртите на личноста се вродени, генетски условени и се развиваат во детството (Bouchard et al., 1990, Eaves et al., 1999, Eysenck, 1967, Loehlin, 1992, McCrae et al., 2000, според Verhulst et al., 2012), додека политичките ставови се развиваат подоцна во зрелоста. Сепак, Verhulst et al. (2012), посочуваат на истражувања (Block & Block, 2006; Hess & Torney, 1967) кои укажуваат дека политичките ставови се развиваат многу порано од што вообичаено се мисли. Дополнително, голем број на истражувања (Alford et al., 2005, Eaves et al., 1989, Hatemi et al., 2010, Martin et al., 1986, според Verhulst et al., 2012) покажале дека политичките ставови се развиваат под влијание на генетските фактори. Слично, и во истражувањето на Verhulst et al. (2012) се заклучува дека цртите на личноста не се причина за развивање на одредени политички ставови, туку корелацијата помеѓу нив е определена од заеднички, вроден генетски фактор. Во таа смисла, што се однесува до истражувањата за доживување на хуморот, оправдана е воздржаноста на Weber et al.

(2014) за изведување на конечни заклучоци кои би се однесувале на срединските и генетските влијанија во однос на индивидуалните разлики во доживување на хуморот. Како што беше напоменато, резултатите од докторскиот труд, би можеле само да се поттик за идни бихејвиорално-генетски студии кои би ја согледале интеракцијата помеѓу цртите на личноста и доживувањето на хуморот. Во докторскиот труд, за прв пат беше испитана улогата на потребата за затворање во доживувањето на хуморот. Наодот дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се индиректно поврзани (преку потребата за затворање) со доживувањето на комичноста на хуморот РН, може да биде основа за понатамошни посложени студии, со кои би можело да се изведат каузални заклучоци.

Следно, дискусијата ќе се задржи на препораки за понатамошни истражувања кои би се однесувале на доживувањето на структурните димензии на хуморот и естетиката. Феноменот на доживување на структурата на хуморот е поврзан со други естетски домени, како преференциите во однос на доживување на визуелната уметност и музиката (Berlyne, 1972, Ruch & Platt, 2012, според Sulejmanov, 2018). Frijda (1986), дури смета дека хуморот е естетска емоција. Сепак, досега само мал број на студии ја испитале врската помеѓу доживувањето на структурните димензии на хуморот и другите естетски домени. Имено, преференцијата на хуморот РН, е поврзана со високо допаѓање на уметнички слики кои биле категоризирани како едноставни и фигуративни и едноставни цртежи (пример, квадрат или правоаголник) (Ruch & Hehl, 1998). Дополнително, Savary (2010), утврдил дека преференцијата на хуморот РН, била поврзана со преференција на музичките стилови *ритам и блуз, кантри* и *поп* (според Ruch & Platt, 2012). Од друга страна, индивидуите кои го преферираат Б-от хумор, повеќе им се допаѓале уметнички слики кои биле категоризирани како комплексни и фантастични и комплексни цртежи (Ruch & Hehl, 1998). Понатаму, на овие индивидуи повеќе им се допаѓале музичките категории *џез* и *прогресивен-рок*. Дополнително, преференцијата на Б-от хумор, во однос на хуморот РН, била поврзана со преференција на комплексност наспроти едноставност во музиката (Savary, 2010, според Ruch & Platt, 2012).

Досега беше напоменато дека отвореноста кон искуства и барањето сензации се предиктори за доживување на структурните димензии на хуморот (Ruch & Hehl, 1998; Carretero-Dios & Ruch, 2010; Sulejmanov, 2018). Овие конструкти, исто така, во голем број на истражувања се покажало дека се поврзани со доживување на ликовната и музичката

уметност (Rawlings et al., 2000; Furnham & Avison, 1997; Furnham & Walker, 2001; Livosky et al., 2012; Knowles, 2013). Во таа смисла, оправдано е во понатамошните истражувања да биде испитана врската помеѓу отвореноста кон искуства и барањето сензации, од една страна, и естетските домени (хуморот, ликовната уметност, музиката), од друга страна. Вклучувањето и на потребата за затворање би можело да придонесе за подетално разбирање на оваа поврзаност. Да потсетиме дека, според Onraet et al. (2010), индивидуите со висока потреба за затворање не ја преферираат комплексната ликовна уметност со оглед на тоа што овие уметнички дела подразбираат темелна анализа, пред да можат да бидат разбрани и да може да се ужива во нив. Оваа претпоставка може да се генерализира и на музичката уметност. На пример, Knowles (2013), укажува на посебен музички фактор, т.н. *рефлективна и комплексна* музика, кој имал висока поврзаност со отвореноста кон искуства. Во таа смисла, би можело да се истражи дали потребата за затворање би можело да ја објасни и оваа врска. Со други зборови, отвореноста кон искуства може да се очекува дека е индиректно поврзана со допаѓањето на музиката од овој фактор, преку потребата за затворање. Дополнително, би можело да се претпостави дека преферирањето на овој тип музика, ќе биде поврзано со преферирање на Б-от хумор, наспроти хуморот РН.

Понатаму, дискусијата ќе се насочи кон препораки за понатамошни истражувања кои би се задржале на утврдување на дополнителни димензии на хуморот во наш културен контекст. Во ова истражување фокусот беше на структурните димензии на хуморот. Засега, во наш културен контекст, единствен инструмент со кој се прави емпириска дистинкција на димензиите на хуморот е *Скалата за проценка на структурата на хуморот* (Sulejmanov et al., 2018). Секако, овој инструмент може да се користи кога акцентот на истражувањата е ставен на доживувањето на хуморот РН и Б-от хумор. Сепак, понатамошните истражувања може да се насочат кон утврдување на дополнителни содржински димензии кои би биле релевантни во нашата култура.

Да потсетиме дека во таксономијата на Ruch (1983), единствена содржинска димензија, која била одвоена покрај структурните димензии на хуморот, е *сексуалниот хумор*. Оваа димензија имала и дополнителни заситувања на едниот, или другиот структурен фактор, во зависност од тоа дали неконгруентноста можела, или пак, не можела да биде разрешена (Martin, 2007). Carretero-Dios et al. (2009; 2010), одвоиле уште три дополнителни содржински димензии: *црн хумор, хумор кој ги омаловажува мажите* и

*хумор кој ги омаловажува жените.* Прашањето кое се поставува е дали некоја од овие димензии, или можеби некои други, би се издвоила/ле како посебен фактор/и, кога истражувањето ќе користи примерок на вицеви и испитаници од наш културен контекст. Реална е претпоставката дека можеби *политичкиот* и/или *етничкиот хумор*, би биле „кандидати" за посебни содржински димензии кои би произлегле од нашата општествена реалност. Истражувањето на индивидуалните разлики во доживувањето на содржинските димензии на хуморот, е релевантно прашање. Може да се спомене дека полот бил релевантна варијабла во доживувањето на содржинските димензии, но, не и во доживувањето на структурните димензии на хуморот (Carretero-Dios et al., 2010).

